Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

Бесплатен примерок

ЈУЛИ 2017 ГОДИНА


Кружниот тек кај Порта Влае


Скопје Велоград 2017


Булевар Трета македонска бригада - прв дел


Катната гаража „Тодор Александров“


Кружниот тек во Автокоманда

## 4 ГОДИНИ ЗА СКОПЈЕ

2013-2017



# Почитувани сограѓани,

Да ги прошириме тесните и нефункционални клучни улици и булевари, да го подобриме водоснабдувањето и одведувањето на фекалните и атмосферските води, да ги подобриме условите во кои учат нашите деца, да уредиме нови паркови и да засадиме нови дрвја, да ги уредиме јавните површини и да ја подобриме јавната хигиена, да понудиме квалитетни спортски и културни манифестации - ова беа целите што мене и мојот тим не водеа напред во последниве четири години, во мојот втор мандат како градоначалник на Град Скопје.

Предизвиците што беа исправени пред мене не беа едноставни, но водејќи се од идејата дека со нашите проекти граѓаните ќе имаат поквалитетен живот, а Скопје ќе стане пофункционален, подостапен и поубав град, одлучно се зафатив со работа. Сега, пред истекот на мојот втор четиригодишен мандат како градоначалник на Град Скопје редно е да го сумираме сработеното.

За да се зголеми безбедноста во сообраќајот и за да се решат долгогодишните сообраќајни проблеми, во изминативе четири години изградивме **четири големи кружни текови**, во Автокоманда, кај Порта Влае, на улицата Лазо Трповски и на булеварот Србија. Проширивме и пробивме **14.449 метри** улици и булевари, а особено сум горд на проширувањето на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов во Карпош, проширувањето на булеварот Партизански одреди до црквата „Свети Петар и Павле" во Ѓорче Петров и на проширувањето на булеварот Трета македонска бригада, во Аеродром. Екипите на Град Скопје обновија и **19.784 метри коловоз**, меѓу кои на булеварот Јане Сандански, на улицата Кемал Сејфула и на улицата Ѓорче Петров.

Исто така, изградивме и реконструиравме **81.793 метри** водоводна мрежа, **39.385 метри** фекална канализација и **29.811 метри** атмосферска канализација.

Она што е посебно значајно за Градот Скопје е што последниве четири години беа години на новитети во нашата работа, новитети од кои директна корист имаат токму граѓаните.

Имено, во јавниот превоз воведовме нов систем за електронска наплата на биле-




**„СКОПЈЕ"**
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ" излезе на 10 декември 2008 година

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Неделчо Крстевски

**УРЕДНИК НА ИЗДАНИЕТО**
Елена Кузмановска

**ЛЕКТОР**
Лидија Антоновска

**УРЕДНИК НА ФОТОГРАФИЈА**
Младен Богојевски

www.skopje.gov.mk

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Печатница „Серафимовски"
Скопје

тите и автоматска локација на возилата, со кој се опфатени автобусите на ЈСП „Скопје" и на приватните превозници, што придонесе за помодерен, поквалитетен и навремен превоз за граѓаните.

Градот Скопје стана лидер на полето на електромобилноста - набавивме еден електроавтомобил, 5 електроскутери и 5 електровелосипеди за потребите на администрацијата, а на располагање на граѓаните ставивме и електрични возила и електромопеди за туристичко разгледување на знаменитостите во центарот.

Градот Скопје во 2015 година го почна и интензивно работеше на реализацијата на капиталниот проект за унапредување на велосипедската инфраструктура во Скопје - СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017. Со овој проект се формира ефикасна мрежа на обележани велосипедски патеки коишто ќе бидат поврзани и достапни за користење на велосипедистите. До крајот на 2017 година, планираме да изградиме и реконструираме вкупно 51 километар велосипедски патеки во Скопје.

Двете катни гаражи што ги изградивме во изминатите 4 години, катната гаража „Македонска фаланга" и гаражата „Тодор Александров" обезбедија над **1.000 нови паркинг-места**, го сменија концептот на паркирање во Скопје и решија долгогодишни проблеми на граѓаните.

Во делот посветен на животната средина и одржувањето на зеленилото, Градот Скопје прв во регионот набави машина за пресадување дрвја, како и машина со кранска рака, со што дрвјата ќе се заштитат и ќе може лесно да се пресадуваат на друга локација, наместо да се сечат. Она што за мене е особено значајно е што на јавните зелени површини Градот Скопје **насади 256.000 листопадни и зимзелени садници**, набавени со сопствени средства. Во текот на изминатите четири години на територијата на градот се подигнати околу **330.000 квадратни метри** нови зелени површини.

За да го намалиме загадувањето на воздухот, градските улици за првпат почнавме да ги прскаме со еколошкото средство калциум магнезиум ацетат, доделивме **405 субвенции** на граѓаните за набавка на печки на пелети, како и **2.600 субвенции** за купување велосипеди.

Во реконструкцијата на средните училишта вложивме **над 134 милиони денари**, а во текот на градежните работи ги отстранивме и сите штетни азбестни покриви. Во 4 средни училишта инсталиравме и систем за греење на гас.

Признание за нашата добра работа во изминативе четири години не доаѓаше само од Вас, почитувани, туку и од реномирани институции кои на Градот Скопје му доделија неколку признанија, меѓу кои признанието „Градски трофеј" за проактивните политики за одржлив транспорт, мобилност и ефикасен јавен превоз; сертификатот за поволно деловно опкружување со што Градот Скопје се рангира меѓу најдобрите инвестициски дестинации во Југоисточна Европа, како и признанието од Друштвото за патишта на Република Македонија за „Исклучителен развој на градските сообраќајници". Она што ме прави особено горд е што Скопје влезе во тесниот избор за Наградата на Европската недела на мобилност 2016, односно влезе меѓу трите града во Европа со најдобри решенија за одржлив транспорт.

Во Градот Скопје веќе интензивно се работи на подготовка на капитални проекти и за оваа, 2017 година. Ќе ги издвојам набавката на електрични автобуси за потребите на Јавното сообраќајно претпријатие, конечно ќе проработи и новиот луна парк, а ќе се доврши и изградбата на булеварите Србија, Борис Трајковски, Трета македонска бригада, Христијан Тодоровски Карпош во делот на Чаир и во делот на Бутел. Градот Скопје ќе работи на проширување на улицата Митрополит Теодосиј Гологанов од Клуб на пратеници до крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски, на проектирање на кружните текови за подземната сообраќајница на Јужен булевар, проширување на улицата Павел Шатев кај Министерството за внатрешни работи, пробивање на новата улица Есенинова кај Тутунски комбинат за директно да се поврзат Кисела Вода со Аеродром, в година четири ленти ќе добие и булеварот Никола Карев или познатата пластичарска улица, ќе се гради кружен тек кај Хубо маркет, а ќе се проширува и булеварот Александар Македонски од „Агросервис" до АСУЦ.... Градот Скопје ќе вложува и во културните и во спортските манифестации, како и во социјалната заштита и заштитата на средината.

Во рамките на циклусот посети на скопските општини, вие почитувани сограѓани, имавте можност да се сретнете со претставници од градската администрација и од јавните градски претпријатија. Од тие средби произлегоа многу квалитетни предлози и се најде решение за многу градски проблеми. Затоа, посебно Ви благодарам што покажавте голем интерес за работата и активностите на Град Скопје и со предлози и сугестии директно придонесовте за изведување подобри проекти за доброто на сите.

Ви благодарам и за довербата што ни ја укажувавте во овие четири плодни години за Градот Скопје и за вербата дека нема да ги изневериме Вашите очекувања и барања. Впрочем, нашата работа го добива својот вистински облик кога Вие, почитувани сограѓани сте задоволни, а животот во Скопје подобар и поисполнет. Тогаш, со сигурност знаеме дека сме завршиле добра работа, зашто за нас, за нашето Скопје, за нашиот дом, вреди постојано посветено и неуморно да се работи.

***Коце Трајановски,***
*Градоначалник на Град Скопје*

## СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Градежна офанзива | 4 |
| Нови паркинг-простори | 46 |
| Безбедност во сообраќајот | 50 |
| Електромобилност | 56 |
| Водоснабдување | 60 |
| За почисто Скопје | 68 |
| Заштита на животната средина | 74 |
| Уредување на зеленилото | 76 |
| Средни училишта на Град Скопје | 90 |
| Социјална заштита | 100 |
| Спорт и рекреација | 108 |
| Меѓународна соработка | 114 |
| Совет на Град Скопје | 118 |
| Културни манифестации | 122 |

4 нови кружни текови во Скопје




*Меѓу населбите Автокоманда и Железара*

# ИЗГРАДЕН НАЈГОЛЕМИОТ КРУЖЕН ТЕК ВО СКОПЈЕ




На вкрстувањето на улицата 16.Македонска бригада со улицата Коце Металец, во јули 2016 година беше изграден најголемиот кружен тек во Скопје. Ова ново сообраќајно решение придонесе да се зголеми безбедноста во сообраќајот од Автокоманда кон Железара и да се уреди просторот.

- Со овој проект, на местото на крстосницата меѓу улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец е формиран кружен тек со дијаметар на средишниот зелен појас од 60 метри. Во самиот кружен тек се формирани 2 сообраќајни ленти. Беше извршена и реконструкција на коловозот на




улицата 16.Македонска бригада, на должина од 390 метри, како и на дел од улицата Коце Металец, на должина од 240 метри. Околу кружниот тек и на влезните улици е уреден нов тротоар и велосипедска патека. За одведување на атмосферските води од новиот кружен тек е изградена атмосферска канализација со Ф 600 милиметри и Ф 400 милиметри, на вкупна должина од 634 метри. Во текот на градежните работи е извршена заштита на гасоводната цевка, а поставена е и нова водоводна мрежа со Ф 200 милиметри, на должина од 52 метри – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Новиот кружен тек го осветлуваат 35 столба за улично осветлување. Во средишниот дел на кружниот тек и од страните е уредена вкупна зелена површина од 11.800 квадратни метри, со систем за полевање со 34 прскалки, 22 хидранти, 13 шахти и 4 шахти за систем капка по капка. Во кошницата што го краси кружниот тек и околу неа се засадени околу 10.000 цвеќиња.

За изградба и уредување на кружниот тек меѓу улиците 16. Македонска бригада и Коце Металец Градот Скопје вложи околу 53,6 милиони денари.








*Кај Порта Влае*




# КРУЖЕН ТЕК ГО УКРАСИ БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ




Екипите на Град Скопје во мај 2015 година изградија нов кружен тек на вкрстувањето на булеварот Партизански одреди и улиците Ацо Шопов и Ѓорче Петров, кај Порта Влае, а булеварот Партизански одреди беше проширен до автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров.

Кружниот тек кај Порта Влае е со дијаметар од 40 метри, коловоз со ширина од 9 метри, заштитна патека од 1,5 метри и средишно зеленило. Кружниот тек се состои од две сообраќајни ленти. По кружниот тек, гледано во насока кон Ѓорче Петров, булеварот Партизански одреди е проширен до влезот во автобазата на ЈСП. Со проширувањето, булеварот доби по три коловозни




ленти во секоја насока, средишна жардиниера, велосипедска и пешачка патека. Во текот на градежните работи е извршена и реконструкција на 100 метри од улицата Ѓорче Петров и на 162 метри од улицата Ацо Шопов, на деловите што влегуваат во кружниот тек. За одведување на атмосферските води од новиот кружен тек е изградена атмосферска канализација, на вкупна должина од 472 метри.

Новото сообраќајно решение кај Порта Влае го осветлуваат 13 столба за улично осветлување, а уредено е и зеленило на вкупна површина од 4.604 квадратни метри.

За изградба и уредување на кружниот тек кај Порта Влае и за проширување на булеварот Партизански одреди до базата на ЈСП во Ѓорче Петров Градот Скопје потроши 53,4 милиони денари.










# КРУЖНА КРСТОСНИЦА И МЕЃУ УЛИЦИТЕ ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА И ЛАЗО ТРПОВСКИ

За да се намали метежот и за да се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот, во мај 2013 година Градот Скопје изгради нов кружен тек и меѓу улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски, на границата меѓу општините Бутел и Чаир.

Кружниот тек меѓу улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски е формиран на нивото на постојниот коловоз и има една сообраќајна лента со широчина од 5,5 метри, што ги опслужува сите четири краци. На краците од улиците Втора македонска бригада и Лазо Трповски што водат кон кружниот тек се изградени тротоари покриени со бекатон-плочки, а во средината на кружниот тек е засадено зеленило на површина од 1.400 квадратни метри. Во текот на градежните работи на кружниот тек беше изградена нова атмосферска канализација.




На кружниот тек е поставено и ново улично осветлување, со 9 столба за осветлување, а околниот простор е уреден со зеленило.

За овој капитален проект Градот Скопје вложи околу 25 милиони денари.

# ПРОБИВАЊЕ НА БУЛЕВАР СРБИЈА СО КРУЖЕН ТЕК КОН КИСЕЛА ВОДА

Булеварот Србија којшто деновиве се проширува до улицата Христо Татарчев со изградба на кружен тек ќе овозможи да се подобри сообраќајната комуникација меѓу општините Аеродром, Кисела Вода и Гази Баба.

- Со овој проект се врши проширување и реконструкција на булеварот Србија од кружниот тек кај Цементарницата до улицата Христо Татарчев, а на крајот од овој булевар се гради нов кружен тек меѓу булеварот Србија, улицата Христо Татарчев и улицата Христо Татарчев крак 2. Булеварот Србија се проширува на потег од 868 метри, а ќе се оформат 4 сообраќајни ленти. По должината на новата траса од десната страна ќе има странично зеленило со ширина од 1,5 метри и пешачко-велосипедска патека со ширина од 3 метри, а од левата страна ќе има пешачка и велосипедска патека со променлива ширина. Новиот булевар ќе има средишно зеленило со ширина од 2 метра. На крајот од новиот булевар се гради кружен тек со дијаметар од 36 метри, две сообраќајни ленти и пешачка патека. Ќе се изврши и реконструкција и проширување на улиците Христо Татарчев и Христо Татарчев крак 2, на деловите што влегуваат во новиот кружен тек, на вкупна должина од 590 метри. За одведување на атмосферските води на булеварот Србија се гради нова атмосферска канализација – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Булеварот Србија на овој дел и кружниот тек ќе добијат ново улично осветлување. Градот Скопје во овој капитален проект ќе вложи 98 милиони денари.







**Проширени и пробиени 14.449 метри градски улици и булевари**




# БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ ПРОБИЕН ДО ЦРКВАТА „СВЕТИ ПЕТАР И ПАВЛЕ“

Во 2016 година екипите на Град Скопје го пробија булеварот Партизански одреди од новиот кружен тек кај Порта Влае до кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле“, во Ѓорче Петров.




На овој потег, кој е со вкупна должина од 500 метри, беше извршено проширување и реконструкција на постојниот коловоз, со што се оформи модерен булевар со 6 сообраќајни ленти, по 3 во двете насоки, со вкупна ширина на коловозот од 21 метар. Булеварот има средишна жардиниера со ширина од 5 метри, како и велосипедска патека со ширина од 2 метра и пешачка патека со ширина од 3 метри, од двете страни.

Во текот на градежните работи беше изградена нова атмосферска канализација,

на потег од 447 метри и цевки со профил Ф 400 милиметри. Поставено е ново улично осветлување со 40 тросегментни столбови во висина од 10 метри.

Во овој капитален проект што ги подобри сообраќајните врски на општината Ѓорче Петров со центарот на градот и што овозможи забрзан развој на оваа општина Градот Скопје вложи околу 40 милиони денари.

Пробивањето на булеварот Партизански одреди до кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле", во Ѓорче Петров, е продолжување на капиталниот проект на Град Скопје за изградба и уредување на кружниот тек кај Порта Влае и за проширување на булеварот Партизански одреди до базата на ЈСП во Ѓорче Петров, со што овој булевар го доби својот конечен лик.










*Заокружување на капиталниот проект*




# ЧЕТИРИ ЛЕНТИ ЗА ТРЕТИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ




Булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов во мај 2015 година доби четири коловозни ленти и на потегот од крстосницата со булеварот 8.Септември до улицата Московска.

- Проширувањето и реконструкцијата на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов е уште еден капитален проект на Градот Скопје којшто ќе овозможи побезбедно одвивање на сообраќајот, намалување на метежот и скратување на времето на патување. На оваа делница од булеварот, долга 1.600 метри, се формирани 4 коловозни ленти, по две во секоја



насока. Делницата е асфалтирана на вкупна површина од 19.500 квадратни метри и обележана. Од двете страни на проширениот коловоз се изградени тротоари со ширина од по 3,5 метри, со вкупна површина од 9.550 квадратни метри, коишто се покриени со павер-елементи. Градежните работи на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов беа искористени за да се постави нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.493 метри. На терен е извршена и реконструкција на постојната фекална мрежа. Третиот дел од проширениот булевар Митрополит Теодосиј Гологанов го осветлуваат 82 столба за улично осветлување на коишто се поставени 108 светилки. Градот Скопје во капиталниот проект за проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов вложи 92,6 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Претходно, почнувајќи од 2011 година, Градот Скопје го прошири булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов и на потегот од улицата Франклин Рузвелт до улицата Костурски херои (еден крак) и кон улицата Свети Кирил и Методиј до свртувањето надесно кон улицата Народен фронт (втор крак), со изградба на турбо кружна крстосница, како и од крстосницата со улицата Франклин Рузвелт до крстосницата со булеварот 8.Септември, во должина од 2.700 метри.





# НОВ ЛИК ЗА ПРВИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА







Првиот дел од булеварот Трета македонска бригада, на потегот од булеварот Србија до улицата Фрањо Клуз, во септември 2014 година доби нов лик. На делница долга 1.243 метри беше изграден коловоз со четири ленти, нови тротоари и велосипедски патеки, уредено е зеленилото, а поставено е и ново осветлување.

- Старата и нефункционална улица Трета македонска бригада, која беше синоним за сообраќаен метеж, со овој проект доби 4 коловозни ленти, по две во секоја насока. Од двете страни на сообраќајницата се изградени тротоари и велосипедски патеки покриени со бекатон-плочки. За одведување на атмосферските води на булеварот Трета македонска бригада е поставена






атмосферска канализација со должина од 1.300 метри - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Новата сообраќајница ја осветлуваат 122 светилки поставени на 78 столба со висина од по 10 метри. Осветлени се и велосипедската и пешачката патека од северната страна на булеварот, со посебни светилки.

На средината на новопроширениот коловоз е изградена жардиниера со ширина од 5 метри, а уредено е и страничното зеленило. Вкупно е уредена зелена површина од 12.000 квадратни метри, поставена е хидрантска мрежа во должина од 2.900 метри, со 118 прскалки и систем капка по капка со должина од 5.500 метри.

Градот Скопје во овој значаен проект вложи околу 147,2 милиони денари.

# СЕ ПРОШИРУВА И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА

Вториот дел од булеварот Трета македонска бригада деновиве се проширува на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев. На оваа делница булеварот ќе добие 4 сообраќајни ленти со што значително ќе се олесни одвивањето на сообраќајот во овој дел на градот.

Со овој проект, на делница долга 1.400 метри, булеварот Трета македонска бригада ќе се прошири, ќе се оформи зелен појас од 1,5 метри, велосипедска и пешачка патека. Ќе се изгради и средишна разделна жардиниера со ширина од 5 метри. На терен се поставува и нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.250 метри и полипропиленски цевки со профил од 500 и од 800 милиметри, како и ново улично осветлување.

За градежните работи, за дислокацијата на подземните инсталации и за осветлувањето на оваа новопроширена делница Градот Скопје ќе потроши околу 104 милиони денари.





# И ТРЕТИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ ЌЕ ДОБИЕ НОВ ИЗГЛЕД



Екипите на Градот Скопје деновиве работат на проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Борис Трајковски, на потегот од поранешната фабрика „Стакларница" до влезот во населбата Пинтија, на должина од 2.200 метри.

- Булеварот Борис Трајковски и на оваа делница ќе стане модерна сообраќајница со 4 сообраќајни ленти, пешачки патеки од двете страни, како и велосипедска патека од левата страна. Градежните работи на улицата Борис Трајковски ќе се искористат за да се изгради нова атмосферска канализација по должината на коловозот, со три краци, вкупна должина од 2.284 метри и променлив профил од Ф 300 до Ф 1.000 милиметри. На оваа делница ќе се постави и ново улично осветлување со 121 столб за улично осветлување. Со реализацијата и на оваа, трета фаза од овој проект, граѓаните ќе добијат нова модерна сообраќајна врска со вкупна должина од 6 километри на потегот од Кисела Вода до Пинтија и околните населени места – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Средствата за реализација на овој капитален проект се обезбедени преку долгорочно домашно задолжување на Град Скопје, кој потпиша Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка. Вкупната сума за реализација на овој проект изнесува околу 3,7 милиони евра.



# ПРОШИРЕН И РЕКОНСТРУИРАН ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ АСНОМ



ПОТОА

Екипи на Градот Скопје оваа пролет проширија и реконструираа дел од булеварот АСНОМ, на потегот од објектот на Фудбалската федерација на Македонија (Куќата на фудбалот) до првите куќи на улицата Тодор Чангов, во Лисиче.

Со овој проект се проширени и реконструирани 430 метри од булеварот АСНОМ, а сообраќајницата доби 4 сообраќајни ленти, средишна жардиниера со променлива ширина, како и тротоари, велосипедска патека и разделно зеленило. Во текот на градежните работи беше формирана нова раскрсница на вкрстувањето на булеварот АСНОМ со булеварот Февруарски поход, а уредени се и две нови автобуски стојалишта. Поставена е и нова атмосферска канализација со должина од 221 метар и со профил на цевките од 500 милиметри.

За осветлување на новопроширената сообраќајница се поставени 28 столба за улично осветлување, високи по 10 метри.

Во проектот за проширување и реконструкција на овој дел од булеварот АСНОМ Градот Скопје вложи околу 31,8 милиони денари со ДДВ. Со проширувањето, булеварот АСНОМ претставува вистински сервис за жителите на новите згради што се изградени во неговата близина, се олесни одвивањето на сообраќајот, се намали метежот и се овозможи забрзан развој на општината Аеродром.



ПРЕТХОДНО

# ПРОШИРЕНА УЛИЦАТА ЈОРДАН МИЈАЛКОВ




Улицата Јордан Мијалков во текот на летото 2015 година беше проширена и реконструирана на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред раскрсницата со улицата Павел Шатев.

Со проширувањето, оваа претходно тесна и нефункционална улица доби три сообраќајни ленти со ширина од по 3,25 метри на должина од 750 метри, сервисна коловозна лента со паркинг широка 6 метри и долга 200 метри и тротоар покриен со бекатон-плочки. Реконструкцијата на улицата Јордан Мијалков беше искористена за да се постави нова атмосферска канализација, а се изврши и реконструкција на постојната водоводна и фекална мрежа.




Новопроширената улица ја осветлуваат 19 столбови за осветлување на кои се поставени 32 светилки.

Градот Скопје во проектот за проширување и реконструкција на улицата Јордан Мијалков, на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред раскрсницата со улицата Павел Шатев вложи околу 45 милиони денари.

Проширувањето на улицата Јордан Мијалков во голема мера придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж од центарот на градот кон Кисела Вода и за да се скрати времето на патување од Карпош кон Кисела Вода и кон Аеродром.

# НАСКОРО ПРОШИРУВАЊЕ И ВЕЛОПАТЕКИ ЗА УЛИЦАТА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ

Со проектот за проширување и реконструкција на улицата Тодор Александров оваа фреквентна сообраќајница ќе добие нов лик на потегот од крстосницата со булеварот Мајка Тереза и улицата Белградска, кај ОУ „Кочо Рацин", до кракот на оваа улица што води кон Панорама, во должина од околу 600 метри. Со тоа, ќе се овозможи развој на населбите лоцирани во подножјето на Водно, како и непречено движење на растечкиот број посетители кон рекреативните содржини на Водно.

Со реализација на проектот за проширување и реконструкција, улицата Тодор Александров ќе добие 3 сообраќајни ленти, широки по 3 метри. Од двете страни на коловозот ќе се оформат велосипедски патеки, како и тротоари со ширина до 2 метра. На терен ќе се изврши реконструкција на постојниот коловоз, стариот и оштетен асфалт ќе се изгребе, ќе се обнови носечкиот слој и ќе се нанесе нов асфалтен слој. Ќе се реконструира и дел од коловозот на помалите улици што се вкрстуваат со улицата Тодор Александров, како што се улиците Белградска, Партение Зографски, Тасино Чешмиче и Славејко Арсов. Градежните работи на коловозот на улицата Тодор Александров ќе се искористат за да се реконструира и дел од атмосферската канализација на оваа сообраќајница, при што на должина од 500 метри ќе се поставаат цевки со профил од 400 милиметри. Ќе се реконструира и дел од фекалната мрежа, при што на должина од 300 метри ќе се поставаат цевки со профил од 250 и 300 милиметри. Ќе се реконструира и дел од водоводната мрежа на оваа улица, при што на должина од 200 метри, ќе се поставаат цевки со профил од 250 милиметри. Во текот на градежните работи, ќе се реконструираат и делови од атмосферската, фекалната и водоводната мрежа на помалите улици што се вкрстуваат со улицата Тодор Александров.

Улицата Тодор Александров ќе ја осветлуваат 33 столба за улично осветлување. Градот Скопје во овој обемен проект ќе вложи околу 39 милиони денари.







# СЕ ПРОБИВА БУЛЕВАРОТ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ ВО БУТЕЛ



Изградбата на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, на потегот од крстосницата со булеварот Босна и Херцеговина до улицата Натанаил Кучевишки (прва фаза) е во тек. Во оваа фаза ќе се пробијат 1.000 метри од булеварот Христијан Тодоровски Карпош.

Новиот булевар ќе биде со вкупна ширина од 40 метри и 6 сообраќајни ленти, велосипедски и пешачки патеки од двете страни на булеварот и средишно зеленило.

На новиот дел од булеварот Христијан Тодоровски Карпош ќе биде поставена нова водоводна мрежа, нова атмосферска канализација со профил Ф 600, а ќе се гради и нова фекална канализација. На булеварот ќе се постави и ново улично осветлување.

За градежните работи на оваа прва фаза од капиталниот проект за пробивање на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, Град Скопје ќе издвои околу 160 милиони денари.



*Во делот на Чаир*

# НАСКОРО НОВ ЛИК ЗА БУЛЕВАРОТ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ




Екипите на Град Скопје работат на проширување и реконструкција на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, на потегот од булеварот Џон Кенеди до улицата Рокомија во Чаир, како и на поставување улично осветлување на оваа делница.

Постојниот коловоз на булеварот Христијан Тодоровски Карпош на оваа делница ќе се прошири и ќе има 4 сообраќајни ленти на должина од 670 метри. Од левата страна на булеварот, гледано од центарот на градот кон Чаир, ќе се изгради тротоар, а од десната страна ќе се оформи заштитно зеленило, велосипедска патека и пешачка патека. Ќе се постави и нова атмосферска канализација со должина од 280 метри и профил на цевките од 400 милиметри, а се планира да се изгради и нова фекална мрежа на должина од 255 метри, како и нова водоводна мрежа на должина од 850 метри. По должината на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, на оваа делница, ќе се постават и 46 столба за улично осветлување.

За реализација на овој капитален проект Градот Скопје ќе вложи околу 43 милиони денари.

# УЛИЦАТА МАЏАРИ ДОБИ ЧЕТИРИ ЛЕНТИ




За да се зголеми безбедноста во сообраќајот и да се олесни движењето на граѓаните екипи на Градот Скопје во текот на есента 2016 година ја проширија улицата Маџари, на потегот од крстосницата со улицата Јужноморавски бригади до улицата Палмиро Тољати во должина од 666 метри (1 фаза).

Со проширувањето, оваа тесна и нефункционална улица доби 4 сообраќајни ленти, по две ленти во секоја насока и нови тротоари. Од левата страна на улицата Маџари, гледано кон надвозникот е формирана велосипедска патека со ширина од 3 метри и пешачка патека со ширина од 1,5 метри. Од десната страна на оваа улица е формирана пешачка патека со ширина од 2 метра.

Во текот на градежните работи на оваа делница од улицата Маџари, беше поставена нова атмосферска канализација, на потегот од раскрсницата на улицата Јужноморавски бригади со улицата Методија Андонов Ченто до надвозникот во Маџари, на вкупна должина од 929 метри.

На новопроширената делница од улицата Маџари се поставени 42 столба за улично осветлување.

Градот Скопје за овој обемен проект ќе одвои околу 67,6 милиони денари.

На улицата Маџари е изведена и нова водоводна мрежа со профил од 500 милиметри, за што Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ вложи околу 13 милиони денари.






# ДООФОРМЕНА УЛИЦАТА БОРИС САРАФОВ

Улицата Борис Сарафов, во општината Ѓорче Петров, во јуни 2016 година беше проширена на должина од 50 метри, со што беше отстрането тесното сообраќајно грло на оваа сообраќајница.

- Реализиравме уште едно ветување дадено пред граѓаните, за решавање на деценискиот проблем со одвивањето на сообраќајот на улицата Борис Сарафов. По долги преговори постигнавме договор со сопствениците на два објекта што лежеа на трасата на оваа улица, а требаше да се урнат за да се дооформи сообраќајницата, и тие се обештетени и за објектите и за земјиштето. По уривањето на двата посочени објекти коловозот на улицата Борис Сарафов се прошири на должина од 50 метри, колку што беше долго стеснувањето. Со проширувањето, улицата Борис Сарафов и на оваа делница доби 4 сообраќајни ленти, нови тротоари покриени со асфалт и го дооформи својот лик. За овој градежен зафат Градот Скопје одвои околу 2,5 милиони денари. За експропријација на двата објекта што беа урнати и за земјиштето Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров заеднички вложија дополнителни околу 3,4 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Со дооформувањето на улицата Борис Сарафов значително се зголеми безбедноста во сообраќајот и проточноста на возила во овој дел од Ѓорче Петров.



# ПРОШИРЕНА РАСКРСНИЦАТА НА УЛИЦИТЕ БЛАГОЈА СТЕФКОВСКИ И ЖАН ЖОРЕС...


ПРЕТХОДНО


ПОТОА

На почетокот на 2016 година екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ ја проширија раскрсницата на улиците Благоја Стефковски и Жан Жорес, во населбата Маџари, општина Гази Баба.

Улицата Благоја Стефковски при влегувањето во крстосницата се прошири за да се формира посебна лента за вртење во лево и посебна лента за движење право, од двете страни на крстосницата, со што се овозможи растоварување на сообраќајот.

За реализација на овој проект Градот Скопје одвои 5.150.000 денари.

## ...И КРСТОСНИЦАТА КАЈ МОМИН ПОТОК

Екипите на Град Скопје во 2013 година изградија трета коловозна лента на улицата Скупи, пред вкрстувањето со булеварот 8.Септември, со што оваа прометна крстосница се прошири на должина од 200 метри.

По должината на новата коловозна лента беше формиран и нов тротоар со површина од 400 квадратни метри, покриен со асфалт.

За изградба на трета коловозна лента на улицата Скупи пред крстосницата со булеварот 8.Септември од буџетот на Град Скопје се издвоени околу 3,5 милиони денари. На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.

# ПРОШИРЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ВАСИЛ ЧАКАЛАРОВ

Улицата Васил Чакаларов е проширена за една сообраќајна лента во должина од 100 метри, од страната на Студентскиот дом „Гоце Делчев“, односно од крстосницата со улицата Московска во насока кон Ѓорче Петров. Оваа улица е проширена и за една сообраќајна лента во должина од 200 метри, во правец од Ѓорче Петров до раскрсницата со улицата Московска.

Со проширувањето, се овозможи непречено вртење во десно во посебна лента на возилата што претходно чекаа на крстосницата и прво ги пропуштаа возилата што се движат право. За овој градежен зафат Градот Скопје одвои околу 3,5 милиони денари.





# НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЛЕНТИ НА КРСТОСНИЦАТА ПРЕД АВТОКОМАНДА

За да се зголеми безбедноста во сообраќајот и за да се намали метежот, екипи на Градот Скопје во 2014 година ја проширија крстосницата на булеварот Александар Македонски со улицата 16. Македонска бригада, пред населбата Автокоманда.

Во текот на градежните работи, средишната жардиниера на дел од булеварот Александар Македонски беше скратена со што сообраќајната лента за вртење во лево кон улицата 16. Македонска бригада се продолжи за 120 метри.



Булеварот Александар Македонски се прошири за една сообраќајна лента со ширина од 3,5 метри, во делот пред и по свртувањето во десно кон улицата 16. Македонска бригада, кон базата на Противпожарната бригада. Коловозот на булеварот Александар Македонски во овој дел беше проширен во должина од 150 метри.

Градежни работи за проширување на оваа крстосница се одвиваа и на аголот пред Шумарскиот факултет, каде што се прошири едната сообраќајна лента на улицата 16.Македонска бригада, за вртење во десно кон булеварот Александар Македонски. Тротоарот е покриен со бекатон плочки.

Градот Скопје за овој градежен зафат одвои околу 5,7 милиони денари.

## САНИРАНИ УЛИЦИ ВО ОПШТИНАТА ШУТО ОРИЗАРИ

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ во текот на изминативе четири години го санираа асфалтот на поголем број улици во општината Шуто Оризари. Во овие активности беа санирани улиците Индира Ганди, Нов Живот, Хаџи Јован Шишко, Шуто Оризари, Вашингтонска, Виничка и Клисурска, како и едно паркиралиште.

Градот Скопје за овие зафати вложи околу 10 милиони денари.

## Обновени 19.784 метри градски улици и булевари

# НОВ ЛИК ЗА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА САРАЈ




Улицата Сарај оваа пролет беше реконструирана на потегот од храмот „Света Злата Мегленска" до патот што води кон селото Љубин. Во оваа прва фаза од проектот за реконструкција на коловозот на улицата Сарај се обновени 665 метри од оваа значајна сообраќајница.

Во текот на градежните работи на улицата Сарај е изгребан стариот и оштетен асфалт, целосно е обновен носечкиот слој и е нанесен нов асфалт. Каде што се јави потреба беа прередени бекатон-плочките на тротоарот, а нивелирани се и шахтите и сливниците. Градот Скопје за овој зафат одвои околу 5 милиони денари.

Во Градот Скопје се работи и на подготовка на потребната документација за втората и за третата фаза од проектот за реконструкција на улицата Сарај, со чија реализација оваа значајна сообраќајница ќе биде реконструирана и ќе добие нов лик на потегот од храмот „Света Злата Мегленска" до раскрсницата со локалниот пат - локалитет Матка и клучка Тетово.






# НОВ АСФАЛТ ЗА БУЛЕВАРОТ ЈАНЕ САНДАНСКИ...

Булеварот Јане Сандански во 2015 година доби нов асфалт на потегот од катната гаража „Илинден“ до крстосницата со улицата Васко Карангелевски, во должина од 475 метри.

Во текот на градежните работи на булеварот Јане Сандански беше отстранет постојниот оштетен асфалтен слој, нивелирани беа 30 шахти и сливници, заменети беа оштетените рабници, а беше обновен и носечкиот слој, по што на коловозот беше нанесен нов асфалтен слој Сплит Мастикс од еруптивно потекло на површина од околу 9.000 квадратни метри. Градот Скопје во овој зафат вложи околу 14 милиони денари.

Овој проект е продолжување на проектот за реконструкција на булеварот Јане Сандански што Градот Скопје го реализира во 2012 година, кога овој булевар доби нов асфалт на потегот од крстосницата со булеварот Србија до крстосницата кај катната гаража „Илинден“.



# ... ЗА УЛИЦАТА КЕМАЛ СЕЈФУЛА...




Екипи на Градот Скопје есента 2015 година го обновија коловозот на улицата Кемал Сејфула во општината Бутел, на потегот од крстосницата со улицата Ферид Бајрам до крстосницата со улицата Босна и Херцеговина, во должина од 375 метри.

На оваа делница од улицата Кемал Сејфула беше отстранет постојниот стар и оштетен асфалт, нивелирани беа 22 шахти и сливници, заменети беа оштетените рабници, засилен беше и носечкиот слој, а потоа на коловозот беше нанесен нов асфалт. Градот Скопје во овој зафат вложи околу 10 милиони денари.

Овој проект е продолжување на проектот за реконструкција на улицата Кемал Сејфула што Градот Скопје го реализира во 2010 година, кога улицата беше реконструирана на потегот од крстосницата со булеварот Џон Кенеди до крстосницата со улиците Втора македонска бригада и Ферид Бајрам. Со тоа, улицата Кемал Сејфула доби целосно нов лик.






# ...И ЗА УЛИЦАТА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Улицата Ѓорче Петров во текот на есента 2016 година доби нов асфалт на потегот од кружниот тек кај СП „Планет“ до општинската зграда.

На делницата долга 1.245 метри постојниот оштетен асфалт беше изгребан и беше саниран носечкиот слој, а потоа беше нанесен нов асфалт. На местата каде што имаше потреба беа заменети оштетените рабници, како и сливниците и капаците на шахтите на атмосферската канализација. Санирана е и пешачката и велосипедската патека по должината на коловозот на улицата Ѓорче Петров.

Реализацијата на овој проект е од исклучително значење за жителите на Ѓорче Петров, како и за сите учесници во сообраќајот што се упатуваат кон излезот на Скопје.

За реконструкција на коловозот на улицата Ѓорче Петров, на потегот од кружниот тек кај СП „Планет“ до општинската зграда, Градот Скопје вложи околу 21 милион денари.



# ОБНОВЕНА УЛИЦАТА НАРОДНИ ХЕРОИ



ПОТОА



ПРЕТХОДНО

Коловозот и тротоарите на улицата Народни херои во декември 2016 година беа обновени на должина од 416 метри, на потегот од крстосницата со улицата Димо Хаџи Димов до крстосницата со улицата Христо Татарчев.

На оваа делница која беше многу оштетена, беше изгребан постојниот асфалт, беа нивелирани шахтите и сливниците, поставени се нови рабници, засилен е носечкиот слој и е нанесен нов асфалтен слој.

Во текот на градежните работи на улицата Народни херои беа обновени и тротоарите на ширина од 1,5 метри од двете страни, коишто се покриени со бекатон-плочки на површина од 1.250 квадратни метри.

Градот Скопје за овој зафат потроши околу 8,5 милиони денари. Обновата на оваа улица ќе придонесе да се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот, во овој дел од градот.

# РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА БРОЈ 5 ВО САРАЈ


ПОТОА


ПРЕТХОДНО

Екипите на Градот Скопје во текот на летото 2016 година го реконструираа коловозот на улицата број 5, во Сарај. Асфалтирани се вкупно 600 метри од оваа улица со што се подобри безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

За реконструкцијата на улицата број 5 во Сарај Градот Скопје одвои околу 3 милиони денари.

# ПРОШИРЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ЦВЕТАН ДИМОВ


ПРЕТХОДНО


ПОТОА

На потегот од пешачкиот натпатник кај Јајапашината џамија кон крстосницата со булеварот Џон Кенеди во 2015 година улицата Цветан Димов беше проширена и реконструирана во должина од 200 метри, од двете страни на коловозот. Со овој зафат, улицата доби по 3 сообраќајни ленти во секоја насока и нови тротоари покриени со бекатон плочки.

Во овој градежен проект што придонесе да се олесни одвивањето на сообраќајот во овој дел на општината Чаир, Градот Скопје вложи околу 8,1 милиони денари.

# СЕ РЕКОНСТРУИРА ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ

Градежните работи за реконструкција на коловозот на дел од булеварот Партизански одреди се во тек.

- Станува збор за реконструкција на булеварот Партизански одреди на потегот од раскрсницата со улицата Франклин Рузвелт до раскрсницата со булеварот 8.Септември. Во текот на градежните работи ќе се изврши гребење на постојниот оштетен асфалт и ќе се нанесат два слоја асфалт на шесте ленти од булеварот на потег во должина од околу 900 метри. Ова е втор дел од проектот за реконструкција на коловозот на оваа значајна сообраќајница. Пред неколку години го обновивме делот од Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ до крстосницата со улицата Франклин Рузвелт - вели градоначалникот Коце Трајановски.

За овој зафат Градот Скопје ќе одвои околу 29,2 милиони денари.

Дополнително, екипите на Град Скопје го прошируваат коловозот на булеварот Партизански одреди за да се добие четврта коловозна лента за вртење во лево на крстосницата со улицата Франклин Рузвелт. Проширувањето на коловозот се изведува со скратување на средишната жардиниера на булеварот во должина од 100 метри.





# РЕКОНСТРУИРАН ПАТОТ СРЕДНО ВОДНО – НЕРЕЗИ



Во текот на есента 2016 година целосно беше реконструиран регионалниот пат Средно Водно – Нерези. Со реконструкцијата, оваа значајна делница доби нов асфалт на должина од 4,5 километри и на ширина од 3,7 до 4 метри.

Овој пат е од голема важност за граѓаните кои рекреираат на планината Водно, како и за развојот на туризмот, бидејќи тој претставува и алтернативно поврзување со манастирот „Свети Пантелејмон“ и комплексот „Македонско село“.

Средствата во висина од 14 милиони денари ги обезбеди и проектот го реализираше Владата на Република Македонија.

*Во населбата Хиподром 2*

# СЕ ГРАДИ ИНФРАСТРУКТУРАТА НА УЛИЦАТА НИКОЛА КИРОВ МАЈСКИ

Втората фаза од изградбата на инфраструктурата на улицата Никола Киров Мајски и на улицата 5 во новата населба Хиподром 2 е во тек.

На овие две новотрасирани улици ќе се постави водоводна, фекална и атмосферска мрежа, улиците ќе се асфалтираат и ќе се формираат тротоари, на должина од 600 метри. Поставувањето на новата инфраструктура на улицата Никола Киров Мајски и улицата 5 ќе овозможи развој на новата населба Хиподром 2, што е во фаза на изградба и за која има голем интерес кај граѓаните.

Во капиталниот проект за изградба на инфраструктура на улицата Никола Киров Мајски и на улицата 5 во населбата Хиподром 2 (втора фаза) ќе се вложат околу 28,6 милиони денари, од кои 18 милиони денари се од Град Скопје, а преостанатите ќе ги издвои Општина Гази Баба.






Во 2015 година беше обновен коловозот на крак од улицата број 22, кај стадионот „Борис Трајковски“ во Маџари, општина Гази Баба. За санација на потегот долг 190 метри од буџетот на Град Скопје се издвоени 1,2 милиони денари.

## АСФАЛТ ЗА УЛИЦАТА ВО ШИШЕВО

На барање на жителите на Шишево во 2015 година екипите на Град Скопје ја обновија главната улица која поминува низ ова населено место. Улицата е асфалтирана на вкупна должина од 1.650 метри, а Градот Скопје за овој зафат одвои 8 милиони денари.

Во близина на Шишево е извршена и санација на коритото на реката Треска, за што беа издвоени дополнителни 2 милиона денари.

# САНИРАНИ УЛИЦИ ВО ОПШТИНИТЕ БУТЕЛ И КИСЕЛА ВОДА

Екипите на Градот Скопје пролетта 2016 година санираа поголем број улици во општините Бутел и Кисела Вода. Во оваа акција обновен е коловозот на улиците Мрежичка; Коле Канински; Хо Ши Мин, Зуфир Мусиќ и Љуба Петровиќ, во општината Бутел. Во општината Кисела Вода, пак, целосно се санирани улиците 1 и 3 во населбата Усје.

За овој зафат Градот Скопје вложи околу 5,1 милиони денари.



# ПРОДОЛЖЕНА РОЛЕРСКО-ВЕЛОСИПЕДСКАТА ПАТЕКА НА КЕЈОТ

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ ја продолжија ролерско-велосипедската патека на кејот на реката Вардар во Горно Лисиче, на потегот од големиот парк на булеварот Февруарски поход до железниот мост во Горно Лисиче, од десната страна.

Оваа ролерско-велосипедска патека е формирана на должина од 2.000 метри, со ширина од 4 метри. Во овој градежен зафат се вложени околу 14 милиони денари.

Оваа делница од ролерско-велосипедската патека на кејот на реката Вардар претставува продолжување на патеката која се протегаше од мостот „Тодор Александров“ до паркот на булеварот Февруарски поход.



# УРБАН ВЕЛОСИПЕДСКИ ПОЛИГОН АТРАКЦИЈА ЗА ДЕЦАТА



Урбаниот велосипедски полигон што во јуни 2016 година беше изграден во Паркот Македонија стана вистинска атракција за децата кои имаат можност да возат велосипед и да ги научат сообраќајните правила и знаци.

Овој велосипедски полигон е донација од Стопанска банка. Полигонот е со површина од 660 квадратни метри, со должина на патека од 270 метри и урбана опрема: бампери, рампа, паркиралиште за велосипеди, нишалки, лизгалки, дрвена куќарка, површини исполнети со песок, клупи за седење, пикник-маси и корпи за отпадоци. Во изградбата на овој едукативен полигон беа користени еколошки материјали. Вредноста на овој проект изнесува 1.234.000 денари.

*Со скратување на пешачките острови*

# ОЛЕСНЕТО ДВИЖЕЊЕТО ПО БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ




Во текот на летото 2013 година екипите на Градот Скопје ги скратија пешачките острови на крстосницата меѓу булеварот Партизански одреди и булеварот 8.Септември и придонесоа да се намали сообраќајниот метеж што со години се создаваше на оваа крстосница.




Со овој градежен зафат се овозможи ослободување на третата коловозна лента од двете страни на сообраќајницата и поголема проточност на возилата по сите три ленти на булеварот Партизански одреди.

За овој градежен зафат Градот Скопје одвои околу 1,6 милиони денари.

# ОБНОВЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА РАДИШАНСКА



За да се овозможи безбедно одвивање на сообраќајот, екипите на Град Скопје во 2014 година го реконструираа асфалтот на дел од улицата Радишанска, во општината Бутел, којшто беше оштетен и пропаднат поради прекопи.

Во овој градежен зафат беше обновена делница долга 170 метри. Стариот и оштетен асфалт беше отстранет, обновен е потповршинскиот слој и е нанесен нов асфалт.

За овој градежен зафат Градот Скопје потроши 1,5 милиони денари.

# НОВ ЛИК ЗА ЧЕТИРИ КРАЦИ ОД УЛИЦАТА ЦРНОГОРСКА







Четири краци од улицата Црногорска во 2014 година добија нов асфалт и уредени тротоари. Екипите на Градот Скопје и на Општината Ѓорче Петров го реконструираа кракот од улицата Црногорска, на потегот од улицата Радушка до улицата Лука Геров, како и краците 1, 2 и 3 од оваа улица, кај паркчето пред надвозникот на улицата Лука Геров.

Од улицата Црногорска вкупно се обновени 650 метри, при што посочените делници добија нов асфалт, а коловозот беше проширен според условите на теренот, до ширина од 5,5 метри.

Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров во овој зафат учествуваа со по 2,3 милиони денари, односно за овој проект вкупно се вложени 4,6 милиони денари.

# ЗА ПРВПАТ ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА МОСТОТ ВО МАЏАРИ

Мостот во населбата Маџари доби ново осветлување. Изминатиов период на овој мост се работеше на поставување нова електрична инсталација, по што беа поставени шест нови столбови за осветлување.

Со поставувањето на новото осветлување на овој мост во населбата Маџари, се зголеми безбедноста во сообраќајот во овој дел од градот. Градот Скопје за овој проект од буџетот издвои 774.000 денари.



# ИЗГРАДЕНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ГРОБИШТАТА „БУТЕЛ“

За да се овозможи ефикасно одведување на атмосферските води од гробиштата „Бутел“ и да се спречи поплавувањето на дел од гробиштата, екипи на Град Скопје изградија нова атмосферска канализациска мрежа по должината на улицата Александар Урдаревски.

На должина од 1.800 метри, од крстосницата на улицата Александар Урдаревски со улицата Бутелска до средината на гробиштата, покрај патот, беа поставени полипропиленски цевки со профил од 800, 400 и 300 милиметри. Цевките беа поврзани на постојната мрежа од гробиштата Бутел.

Во текот на градежните работи за изведба на новата атмосферска мрежа, во коритото на реката Серава е изведена армирано бетонска шахта со поголем испуст што овозможува атмосферската вода од мрежата непречено да се влева во реката Серава.

Во овој градежен зафат, кој ги реши долгогодишните проблеми со собирањето на атмосферските води, Градот Скопје вложи околу 21 милион денари.

# ПРОШИРЕНИ ГРОБИШТАТА ВО БУТЕЛ, КАМНИК И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Во изминативе четири години гробиштата во Бутел, Камник и во Ѓорче Петров беа проширени со нови површини, и тоа на гробиштата во Камник се обезбедени 10.400 квадратни метри нови површини, на гробиштата во Ѓорче Петров 11.000 квадрати, а на гробиштата во Бутел 12.554 квадратни метри нови површини.





Екипи на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ асфалтираа нови улички во градските гробишта во Бутел и во Камник. Во периодот од 2013 до 2017 година на гробиштата во Бутел се асфалтирани над 12.000 квадратни метри улици, за што Градот Скопје вложи 14,8 милиони денари.

На гробиштата во Камник се асфалтирани вкупно 1.000 квадратни метри улички, во вредност од 1,2 милиони денари.

Со бекатон коцки е реновирано и платото кај Споменикот на борците во НОВ со површина од 1.200 квадратни метри, за што Градот Скопје вложи 1.500.000 денари.

Во текот на изминативе 4 години комплетно се заградени гробиштата во Камник, а заедно со А.Д „Бутел“ се врши и реконструкција и обновување на постојната ограда на гробиштата во Бутел што беше во многу лоша состојба.

На гробиштата во Камник е изградена и примарна водоводна мрежа во должина околу 200 метри, за што Градот Скопје вложи 2.000.000 денари, со што прв пат овие гробишта се поврзаа на водоводната мрежа. Поставени се и поголем број чешми за потребите на граѓаните.

# ГОЛЕМА АКЦИЈА ЗА САНИРАЊЕ НА



Во саботата, на 6 август 2016 година, невреме од невидени размери проследено со силен дожд, ветер и грмотевици го погоди Скопје и предизвика пустош, поплавени и разурнати домови и големо страдање во селата Сингелиќ, Инџиково, Црешево, Стајковци, Смилковци, Виниче, Страчинци и Арачиново. Во водената стихија животите ги загубија 22 граѓани.

Екипите на Градот Скопје и јавните градски претпријатија помогнати со екипи од скопските општини, од Армијата на Република Македонија, Бригадата за противпожарна заштита, од министерствата, од Црвениот крст и во координација со Дирекцијата за заштита и спасување уште од првиот налет на водата неуморно работеа на санирање на последиците од поплавата. Механизацијата денонокјно беше на терен, со цистерни и пумпи се чистеа каналите и улиците, се оспособуваше канализацијата и се чистеа поплавените дворови. Целта беше во најкраток временски рок да се санира пустошот и да се овозможи граѓаните да се вратат во своите домови.

Катастрофата што му се случи на Скопје покрена голема акција за помош на Скопје, најпрво од општините и населените места во Македонија, а потоа и од соседните земји. Како знак на солидарност, помош во луѓе и механизација пристигна од Турција, Србија, Бугарија, Чешка и од Црна Гора. Материјална и финансиска помош испратија и од Амбасадата на Кина, од Нирнберг, од Љубљана, Бон и од Бања Лука. Парична помош испраќаат и многубројни европски земји. Голема хуманост и доблест покажаа и скопјани кои покренаа голема хуманитарна акција, а помогнаа и многубројни компании и фирми што донираа парични средства, градежни материјали или гориво.

Во селата што беа погодени од поплавата во тек е големата акција за реконструкција на сите улици и патишта што беа оштетени од надојдената вода.

## 150 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА САНИРАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За реконструкција на оштетената патна инфраструктура и на канализациската мрежа во населените места кои беа погодени од големата поплава што се случи на 6 август 2016 година, Советот на Град Скопје донесе одлука со која одвои 150 милиони денари.

Советот на Град Скопје на 7 август 2016 година едногласно донесе Одлука за давање парична помош на настраданите од невремето на подрачјето на градот Скопје. Со оваа одлука Градот Скопје, како израз на солидарност, на семејствата на починатите им доделува парична помош во износ од 180.000 денари, за секој починат член од семејството.



# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОПЛАВАТА



## РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА АЛИЈА АВДОВИЌ

На потегот од раскрсницата со улицата Антон Попов до црквата во Сингелиќ, улицата Алија Авдовиќ доби нов коловоз и тротоари, на должина од 550 метри. Градот Скопје за реконструкција на оваа сообраќајница издвои околу 8,2 милиони денари.

На овој дел од улицата Алија Авдовиќ екипи на ЈП „Водовод и канализација" поставија и атмосферска мрежа, на должина од 330 метри. За овој зафат Градот Скопје и јавното претпријатие вложија околу 4,5 милиони денари.

## СЕ АСФАЛТИРААТ УЛИЦИТЕ ВО СИНГЕЛИЌ

Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта" ја санираа улицата по должината на каналот во Синѓелиќ и нејзините два крака, како дел од големата акција за асфалтирање на патната инфраструктура во поплавените подрачја.





## АСФАЛТ И ЗА УЛИЦИТЕ ВО СТАЈКОВЦИ

За да се нормализира животот во населеното место Стајковци, асфалт добија неколку улици, како и краците на улиците Видое Смилевски Бато и Никола Карев.

## СЕ РЕКОНСТРУИРАА УЛИЦИ ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА



Екипите на Град Скопје реконструираа повеќе улици во населените места во Инџиково, Страчинци, Смилковци и во Цришево.

Како дел од големата акција за асфалтирање на патната инфраструктура во поплавените подрачја, во Виниче е обновен пристапниот пат што води до селото.

Екипите на ЈП „Улици и патишта" ги асфалтираат оштетените улици и во населените места Инџиково, Цршево и Камник.

Градоначалникот Коце Трајановски на 15 август 2016 година во хотелот „Континентал" организира вечера во знак на благодарност за тимот спасувачи што пристигна од Градот Истанбул, Турција, и активно се вклучи во справувањето со последиците од големата поплава.




# ОБНОВЕНА НАДВОРЕШНАТА ПОВРШИНА НА МОСТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Во 2016 година екипите на Градот Скопје ја санираа надворешната бетонска површина на мостот „Гоце Делчев“.

- Во текот на градежните работи беше отстранет оштетениот бетонски слој на местата каде што имаше потреба, беше нанесена антикорозивна заштита на арматурата и беше извршена санација и заштита на површината. Градот Скопје за овој зафат одвои околу 11 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Проектот за санација на надворешната бетонска површина на мостот „Гоце Делчев“ е врз основа на изработената експертиза од меѓународната компанија „Фресине“, во која се препорачува да се санира надворешната површина на мостот којашто е оштетена од атмосферски влијанија.

- Фирмата „Фресине“, која е лидер во изработката на мостовски конструкции, во 2001 година изврши санација на конструктивните елементи на мостот „Гоце Делчев“, но при тој градежен зафат не беше санирана надворешната површина на овој мост – додава градоначалникот Трајановски.



*Решен долгогодишниот проблем на граѓаните*

# ПЕШАЧКИ НАТПАТНИК ГИ ПОВРЗА ХИПОДРОМ И ИНЏИКОВО

ПОТОА




Пешачки натпатник преку автопатот Скопје – Петровец есента 2015 година ги поврза населбите Хиподром и Инџиково, во општината Гази Баба. Градот Скопје изгради челичен натпатник со бетонски столбови, челични скали и челични рампи, кој овозможува безбеден премин на пешаци, пешаци со велосипеди и лица со посебни потреби.

Натпатникот е долг 63 метри, а широк 5,4 метри. Површината за движење е широка 3,1 метар. По должината на натпатникот е поставена ограда висока 2 метра, изработена од челични профили и челична мрежа, како и конзоли за инсталации. Новиот натпатник што ги поврза населбите Хиподром и Инџиково го осветлуваат 12 канделабри, а осветлени се и рампите.

За изградба на овој натпатник Градот Скопје вложи околу 38 милиони денари.

ПРЕТХОДНО



Реализацијата на овој проект е од исклучително значење за жителите на Хиподром и на Инџиково зашто оваа локација со години претставуваше црна сообраќајна точка на автопатот кон Петровец, со многу сообраќајни несреќи.

# УРЕДЕН НОВ ПЛОШТАД ПРЕД ЦРКВАТА „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“




Екипите на Градот Скопје уредија плоштад пред црквата „Пресвета Богородица“, на просторот на постојната улица Димитар Влахов, на потегот од булеварот Филип Втори Македонски до булеварот Крсте Мисирков, на вкупна површина од 5.500 квадратни метри.

Со овој проект, улицата Димитар Влахов стана пешачка зона. На овој простор се наредени гранитни коцки, а поставени се и клупи, корпи за отпадоци и две чешмички за пиење вода. Новиот плоштад го осветлуваат неколку типа канделабри.

Ѕидот на кејот, пак, е обложен со бел мермер, а на него е монтирана железна ограда со висина од 75 сантиметри.

За да се овозможи пристап на возилата за итни случаи, на влезот во плоштадот ќе се поставаат хидраулични метални столпчиња.

Градот Скопје за реализација на проектот за оформување плоштад пред црквата „Пресвета Богородица“ ќе вложи околу 34,3 милиони денари.



# ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“ УКРАСЕН СО ПОВРШИНСКА ФОНТАНА





Од август 2015 година граѓаните имаат можност да уживаат во играта на водените млазеви и на светлата на новата површинска фонтана на плоштадот „Македонија“, којашто е сместена на просторот меѓу фонтаната „Воин на коњ“ и влезот во Камениот мост.

Станува збор за површинска, таканаречена сува фонтана со правоаголна форма и вкопано армирано-бетонско корито. Површината врз армирано-бетонското корито е изработена од светлосиви гранитни плочи. На плочите од фонтаната се поставени ЛЕД светилки со отвори за вградување млазник. Фонтаната ја сочинуваат 128 млазници со 128 светилки, како и 16 ламинарни параболични прскалки. Водата што прска од млазниците понира меѓу плочите, се прочистува и се враќа во системот.

Покрај изведбата на површинската фонтана, беше извршена и реконструкција на партерот на плоштадот „Македонија“. Постојните плочи и коцки беа извадени, подлогата е санирана и е нареден нов плочник со бели мермерни коцки, темно сиви гранитни коцки и темно сиви гранитни плочи. Според проектот, партерот на плоштадот е поплочен со бели мермерни коцки со два абажури изработени од бели и темно сиви гранитни коцки. Првиот абажур е изработен како појас широк 8 метри околу фонтаната „Воин на коњ“, а вториот абажур е изработен во правоаголна форма, со ширина од 8 метри, околу новата површинска фонтана.

Двете фонтани ги обединува патека која се простира до краевите на плоштадот и му дава форма на просторот поврзувајќи го со спомениците на Даме Груев и на Гоце Делчев и влезот во Камениот мост.

На плоштадот „Македонија“ се засадени 32 дрвца, а просторот го осветлуваат педесетина нови украсни канделабри.

Овој проект е во вредност од околу 150 милиони денари, од кои Градот Скопје обезбеди една третина, а Владата на Република Македонија – две третини од средствата.

# ПЛОШТАДОТ „ВМРО“ - НОВ И УРЕДЕН ДЕЛ ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ



Плоштадот „ВМРО“ кој беше уреден во 2015 година се простира на површина од 681 квадратен метар, на просторот зад ТЦЦ „Плаза“. Просторот е поплочен со гранитни плочи, поставена е урбана опрема - клупи за седење, столици и корпи за отпадоци и заштитен со гранитни топки.

Во средината на плоштадот е оформена фонтана со централен столб со висина од 10,2 метри и релјефно обликуван со настани, личности и симболи од историјата на Македонија и македонското револуционерно движење. На врвот на столбот е поставен бронзен лав. Фонтаната е предвидена да работи според програма со водени, светлосни и ефекти во боја.

Плоштадот „ВМРО“ е осветлен со светилки и рефлектори, монтирани на канделабри.

За изградба на плоштадот „ВМРО“ Градот Скопје издвои околу 71,7 милиони денари.



Екипи на Градот Скопје ја реконструираа и проширија и постојната улица што води од улицата Даме Груев, покрај објектот на ТЦЦ „Плаза“ и околу плоштадот „ВМРО“, на должина од 200 метри. На оваа пристапна улица е поставена нова водоводна мрежа, нова атмосферска канализација и осветлување, а коловозот е покриен со гранитни плочки.

За овој градежен зафат Градот Скопје одвои околу 15 милиони денари.

*Пред влезот во Старата скопска чаршија*

# НОВ ЛИК ДОБИ И ПЛОШТАДОТ „ФИЛИП ВТОРИ“



Градот Скопје во текот на 2016 година го доуреди плоштадот „Филип Втори“, во делот пред црквата „Свети Димитрија“ и пред Меморијалниот центар на холокаустот, со што овој простор го доби својот конечен лик. Во текот на градежните работи, просторот со површина од околу 3.500 квадратни метри беше покриен со гранитни плочи, беа поставени клупи, како и корпи за отпадоци.

Оградата на црквата „Свети Димитрија“ беше отстранета со што црквата се отвори кон плоштадот. Заради заштита, со метална ограда е заштитен гробот-спомен обележје во дворот на црквата.

За осветлување на плоштадот, поставени се 12 декоративни канделабри, како и еден столб за осветлување со височина од 18 метри. На површина од 1.600 квадратни метри е уредено зеленило со систем за полевање и се засадени декоративни садници.

За одведување на атмосферските води од плоштадот „Филип Втори“ е поставена нова атмосферска канализација во должина од 150 метри, а поставена е и нова фекална канализација во должина од 150 метри.

Градот Скопје за проектот за доуредување на плоштадот „Филип Втори“ и за реконструкција и дислокација на постојната електрична мрежа вложи околу 24 милиони денари.



# 445 ПАРКИНГ-МЕСТА ВО КАТНАТА ГАРАЖА „МАКЕДОНСКА ФАЛАНГА“



Скопјани од септември 2013 година имаат можност да ги паркираат своите возила во катната гаража „Македонска фаланга“ што е изградена на просторот меѓу улицата Свети Кирил и Методиј и булеварот Македонија, во центарот на градот. Оваа модерна катна гаража има две нивоа под земја и седум ката над земја, со вкупно 445 паркинг-места. За лицата со посебни потреби се обезбедени 17 паркинг-места.

На приземјето и на последниот кат од објектот се предвидени деловни простории. Катната гаража „Македонска фаланга“ е современ објект со модерен систем за видеонадзор, систем за следење на слободни паркинг-места и за насочување на возилата, осветлување и испочитувани стандарди за противпожарна заштита.

Фасадата на објектот е изработена од ламинатни панели од природен материјал со голема издржливост на температурни промени и атмосферски влијанија. За илуминација на фасадата се поставени 496 светилки со LED диоди. За изградба на катната гаража „Македонска фаланга“ Градот Скопје вложи околу 743 милиони денари. Со катната гаража стопанисува ЈП „Градски паркинг“.



Катната гаража „Македонска фаланга“ во 2014 година доби најмногу гласови од публиката на Интернет-гласањето за популарната архитектонска награда „Архитајзер А+“, во категоријата објекти за паркирање. Наградата „Архитајзер А+“, што ја организира платформата за архитектура и дизајн „Архитајзер“, оддава признание на најдобрите архитектонски решенија, простори и продукти во светот.



# ИЗГРАДЕНА МОДЕРНА КАТНА ГАРАЖА ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ

Како дел од заложбите за решавање на проблемот со паркирањето во центарот, во 2015 година на улицата Даме Груев Градот Скопје ја изгради модерната катна гаража „Тодор Александров". Објектот обезбедува јавен паркинг за 604 лесни возила, паркинг-места за лица со посебни потреби, како и паркинг за 120 велосипеди.

Објектот има приземје, 7 ката над земја и две нивоа под земја. На приземјето и на првиот кат се предвидени само деловни простории, а другите катови се исклучиво наменети за паркирање. Движењето на возилата по катови се одвива преку спирална рампа. Паркингот за велосипеди е сместен во клунот на објектот.

Катната гаража „Тодор Александров" е опремена со најсовремени и најквалитетни системи за откривање и јавување на слободни паркинг- места; за наплата на паркирањето; видеонадзор; систем за противпожарна заштита; за откривање и јавување на CO2 и гас; за заштита од атмосферски празнења, како и систем за климатизација и вентилација.

Градот Скопје за реализацијата на овој капитален проект што значително го олесни паркирањето во центарот на градот издвои околу 780 милиони денари.



# НОВ ПАРКИНГ КАЈ АМСМ



На новоизградениот паркинг-простор покрај булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, зад објектот на Авто мото сојузот на Македонија, може да се паркираат 111 возила. Паркингот е со површина од 1. 389 квадратни метри, а за реализација на овој проект  Градот Скопје во 2013 година издвои 2,8 милиони денари.

Со ова паркиралиште стопанисува ЈП „Градски паркинг", а цената за паркирање изнесува 25 денари од час. За станарите на околните станбени објекти се обезбедени поволности.

# УРЕДЕНО ПАРКИРАЛИШТЕТО ДО ТУТУНСКИ КОМБИНАТ



Екипите на јавното претпријатие „Улици и патишта" го реконструираа паркинг-просторот на аголот на улицата 11 Октомври, до Тутунскиот комбинат.

На ова паркиралиште има 134 паркинг-места, од кои две паркинг-места се наменети за лица со посебни потреби. За реконструкција на овој паркинг простор Градот Скопје потроши околу 4 милиони денари.

Екипите на Град Скопје го реконструираа и проширија паркиралиштето до манастирот „Свети Пантелејмон". Реконструираниот дел од паркингот има капацитет од 72 паркинг-места, а со изградбата на новиот паркинг-простор се обезбедени дополнителни 120 паркинг-места.

Со реконструкцијата и изградбата на новиот паркинг-простор значително се подобри пристапноста за посетителите на манастирот „Свети Пантелејмон" и за комплексот „Македонско село". Во овој проект се вложени околу 8,5 милиони денари.

# ПАРКИНЗИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ВО ТРИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА



Во средните училишта „Раде Јовчевски-Корчагин", „Орце Николов" и „Михајло Пупин" во ноември 2014 година беа поставени паркинзи за по 10 велосипеди, како дел од проектот „Младите на велосипед". Овој проект го реализира здружението „Гоу Грин", а финансиски е поддржан од Град Скопје.

Во текот на изминативе 4 години, како инвестиција на ЈП „Градски паркинг" се уредени паркиралиштето во кругот на Клиничкиот центар со 533 паркинг-места за што се вложени околу 7 милиони денари; паркиралиштето кај тенискиот клуб АБЦ, на булеварот Илинден со 33 паркинг-места за што се вложени 500.000 денари; паркингот кај хотелот „Русија", на булеварот АСНОМ со 31 паркинг-место за што се вложени 2 милиона денари и по улицата Бојмија со 94 места за што се вложени 1,2 милиони денари.

ЈП „Градски паркинг" во 2013 година набави 5 нови пајак-возила за потребите на јавното претпријатие, за што потроши околу 12 милиони денари.

# ОБНОВЕН КОЛОВОЗОТ ПРЕД СЕДУМ АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА

Екипите на Градот Скопје кон крајот на мај годинава ги реконструираа автобуските стојалишта „Соборен храм“ и „Порта Буњаковец“, на булеварот Партизански одреди. На стојалиштето „Соборен храм“ беше изгребан стариот вдлабнат и оштетен асфалт на должина од 120 метри, а на стојалиштето пред Порта Буњаковец на должина од 70 метри. И на двете локации беше извршена санација на долниот тампонски слој и беше вградена полимерна мрежа. Финалниот асфалтен слој што беше нанесен е од типот Сплит мастикс 16.

За реконструкција на овие две автобуски стојалишта на булеварот Партизански одреди Градот Скопје одвои вкупно околу 6,8 милиони денари.

Во текот на летото 2014 година беа реконструирани пет автобуски стојалишта во центарот на градот. Како дел од овој проект, реконструирана е крајната и оштетена сообраќајна лента на булеварот Крсте Мисирков, пред автобуското стојалиште кај објектот на МАНУ, во должина од 115 метри. Екипите на Градот Скопје ги реконструираа и двете крајни сообраќајни ленти на улицата Димитрие Чуповски, пред автобуските стојалишта кај Рекорд. Сообраќајната лента пред станицата наспроти Рекорд се реконструираше во должина од 200 метри. Реконструирана е и крајната сообраќајна лента пред автобуската станица наспроти Театарот за деца и младинци, во должина од 60 метри.

Целосно се реконструирани и крајните сообраќајни ленти пред двете автобуски стојалишта на булеварот Кузман Јосифовски Питу, пред Комплексот банки и пред трговскиот центар ВЕРО. Сообраќајната лента пред Комплексот банки е реконструирана во должина од 200 метри, пред и по автобуската станица, а онаа пред ТЦ ВЕРО во должина од 102 метри.

Градот Скопје за обновата на овие пет автобуски стојалишта потроши вкупно 14,9 милиони денари.



На булеварот Партизански одреди



На булеварот Крсте Мисирков



На улицата Димитрие Чуповски

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ

Во 2013 година Градот Скопје доби модерен Центар за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС), којшто е лоциран во просториите на Меѓуградската автобуска станица. Главна цел на ЦУКС е прибирање податоци за сообраќајот во реално време, управување со семафорскиот систем, визуелно набљудување на сообраќајот, давање приоритет на возилата од јавниот градски превоз и информирање на возачите.



Со реализацијата на овој проект се намали времето на патување и времето на чекање на крстосниците, се намали загадувањето на животната средина и потрошувачката на гориво, а се зголеми комерцијалната брзина во јавниот транспорт.



Првичните анализи извршени на булеварите Партизански одреди и Илинден, покажаа дека времето на патување се скратува за 20 насто кога е активирана адаптивната контрола на семафорите. ЦУКС засега контролира 90 крстосници во поширокото централно подрачје, а во наредниот период во овој систем ќе бидат вклучени и нови раскрсници.

Формирањето на овој центар е дел од проектот за Автоматизирано управување на сообраќајот во Скопје кој е финансиран со заем од Европската банка за обнова и развој од 2,6 милиони евра, грант од ЕУ ФП7 програмата за истражување и развој, во рамки на проектот ЦИВИТАС РЕНЕСАНСА (CIVITAS RENAISSANCE) во износ од околу 220. 000 евра, како и со техничка помош од Австриската влада во вредност од околу 700. 000 евра.

Во 2014 година Градот Скопје на градските улици за првпат постави сообраќајни знаци со променлива содржина кои ги известуваат граѓаните за текот на сообраќајот во градот. Поставени се вкупно 5 вакви сообраќајни знаци на булеварите Партизански одреди, Александар Македонски, Јане Сандански, Илинден и Борис Трајковски.



# НОВА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ПРЕМИН КАЈ УСЈЕ

Во 2014 година Градот Скопје воведе нов сообраќаен режим на булеварот Борис Трајковски, на преминот преку железничката пруга кај населбата Усје каде што е поставена нова патна и железничка сигнализација.



Вградувањето на овој систем за регулирање на сообраќајот е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Македонски железници-Инфраструктура, Македонски железници-Транспорт и Цементарницата „Усје“. На терен се поставени светлосни сообраќајни знаци за означување премин на патот преку железничка пруга во ниво и полубраници за затворање на сообраќајот на преминот преку железничката пруга во ниво. Претходно овој премин беше регулиран физички, со знаменца, а сега преминот е обезбеден со рампи и целосна сигнализација.

Овој нов систем е финансиран од Градот Скопје и од Цементарницата „Усје“.

# ПОСТАВЕНИ НОВИ 276 АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ ВО ГРАДОТ



На градските улици и булевари се поставени 226 нови и уредени автобуски постојки, како дел од обемниот проект на Град Скопје и на ЈСП. За набавката на 226 стојалишта Градот Скопје издвои околу 60 милиони денари.

Станува збор за два типа постојки кои се разликуваат според димензиите, а се состојат од настрешница; застаклени површини меѓу столбовите со сигурносно калено стакло; информативна табла со име на постојката, мапа на градот, како и возен ред на автобусите кои поминуваат на автобуската постојка; клупа за седење и канта за отпадоци.

Градот Скопје преку ЈСП дополнително постави уште 50 автобуски постојки, на потегот од Ѓорче Петров до Ново Лисиче, за што вложи околу 11 милиони денари.

Нови автобуски постојки се изградени на улицата Лука Геров, кај спортската сала на ОУ „Тихомир Милошевски“ во населбата Ново Село, општина Ѓорче Петров.

За изградба на новите стојалишта коловозот од двете страни на улицата беше проширен и асфалтиран, а поставени се и сливници за одведување на атмосферските води. За реализација на овој проект Градот Скопје издвои околу 500.000 денари.



# СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ




На иницијатива на Град Скопје во септември 2015 година беше формирано координативно тело, односно неформална работна група, во која членуваа претставници од секторите во Град Скопје, претставници од Министерството за внатрешни работи, од ЈП „Улици и патишта“ и претставници од Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата и која подготви акциски план за преземање мерки и активности за подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во Скопје.

За зголемување на безбедноста на улиците досега се преземени следниве чекори: формиран е Совет за безбедност во сообраќајот на Град Скопје; во соработка со општините се иницирани активности за утврдување на предлог-зони на смирен сообраќај на општинските улици; поднесена е иницијатива до сите општини да предвидат вработување барем на 1 сообраќаен инжинер; поставени се 2 покажувачи на брзина и 1 мерач на брзина на градските улици; Градот Скопје побара засилена контрола и санкционирање на сторителите што непрописно ги управуваат своите моторни возила; Градот Скопје поднесе иницијатива до Министерството за транспорт и врски за изготвување правилник за унифицирање 3 типа пешачки премини што ќе бидат обележани со целосна хоризонтална и вертикална сигнализација, осветлување и друго.

# КАТАДИОПТРИ ЗА ПОГОЛЕМА ВИДЛИВОСТ НА КОЛОВОЗИТЕ



Екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ поставија катадиоптри на улицата Ѓорче Петров, на потегот од кружниот тек кај СП „Планет“ и улицата Воин Драшковиќ до мостот за Сарај. Новите катадиоптри ќе им овозможат на возачите подобра видливост на хоризонталната сигнализација, односно подобра рефлексија. Поставени се катадиоптри и на пешачките премини на улиците Франклин Рузвелт и Димитрија Чуповски, како и на булеварите Кочо Рацин и Гоце Делчев.

За поголема безбедност во сообраќајот, Градот Скопје и ЈП „Улици и патишта“ во периодот од 2013 година до јуни 2017 година поставија вкупно 3.034 сообраќајни знаци и 919 катадиоптри. За оваа намена Град Скопје потроши околу 11,2 милиони денари.

Во периодот од 2013 година до јуни 2017 година екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ поставија вкупно 39 нови семафори на градските улици, за што Градот Скопје вложи околу 43 милиони денари.

## УЧИЛИШНА СООБРАЌАЈНА ЕДИНИЦА НА СУГС „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ“

На 2 март 2017 година беше презентирана училишната сообраќајна единица на СУГС „Боро Петрушевски“, која е формирана во рамките на проектот на Советот за безбедност во сообраќајот на патиштата во град Скопје.

Во оваа единица членуваат 20 ученици од втора, трета и од четврта година кои заедно со претставниците од Министерството за внатрешни работи ќе работат на подигање на јавната свест и ќе ги предупредуваат и едуцираат граѓаните коишто ги прекршуваат сообраќајните правила.

## ДОНАЦИЈА НА СКУТЕРИ ЗА МВР

ЈП „Градски паркинг“ на Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи во јуни 2014 година му донира 5 скутери, секој опремен со заштитен шлем и со куфер.

Оваа донација за потребите на СВР Скопје е знак на благодарност на Градот Скопје за добрата соработка со МВР, за зголемување на безбедноста на граѓаните. За набавка на петте скутери ЈП „Градски паркинг“ потроши 600.000 денари.



# КАМПАЊА „ПОЧИТУВАЈ ГИ ПРАВИЛАТА, ПОЧИТУВАЈ ГО ЖИВОТОТ“

Градот Скопје во 2014 година се вклучи во кампањата за безбедност во сообраќајот „Почитувај ги правилата, почитувај го животот“ и преку низа активности упати јасна порака до граѓаните дека со одговорно вклучување во сообраќајот секој човек придонесува за својата, но и за безбедноста на другите учесници во сообраќајот.



Кампањата ја поддржаа и скопските таксисти коишто ја нагласија важноста од врзување на безбедносниот ремен за возачите, но и за патниците во моторните возила. Во таа насока, на такси-возилата во Скопје на задното стакло има залепено жолти налепници кои ги потсетуваат корисниците на такси-превозот да го врзат безбедносниот ремен.



Кампањата за безбедност во сообраќајот „Почитувај ги правилата, почитувај го животот“ ја спроведе Владата на Република Македонија.

## СЕРТИФИКАТИ ЗА АВТО-ТАКСИ ВОЗАЧИТЕ

До крајот на мај 2017 година Градот Скопје издаде 1.640 сертификати на кандидатите коишто завршија обука и положија испит за добивање Сертификат за авто-такси возач.

Со добивањето на овие сертификати кандидатите можат полесно да се вработат во такси-компаниите, се воведува ред во такси-превозот, се зголемува безбедноста на патниците, се зголемува квалитетот на услугата и се елиминира нелојалната конкуренција.

*Воведен нов систем за наплата на билетите во јавниот превоз*




# ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЧКИ ГИ ЗАМЕНИЈА ХАРТИЕНИТЕ БИЛЕТИ И СЛОБОДНИТЕ КАРТИ

Од 1 јануари 2017 година стартуваше Системот за електронска наплата на билетите во автобусите на ЈСП и во автобусите на приватните превозници. Граѓаните ги заменија старите хартиени билети и слободните автобуски карти со нови електронски картички, коишто може да ги користат во автобусите на ЈСП и кај приватните превозници, со што е унифициран системот за јавен превоз. До јуни годинава се извадени 167.778 персонализирани картички и 232.453 неперсонализирани билети.

Повеќе информации за системот за електронска наплата во ЈСП и начинот на функционирање на новите картички граѓаните може да добијат на интернет порталот www.skopska.mk, како и на бесплатната телефонска линија 0 800 15 115.



Паралелно со воведувањето на системот за електронска наплата, во автобусите на јавниот превоз се воведува и системот за автоматска локација на возилата. Тој овозможува од контролен центар да се следат автобусите во реално време, дали се запазуваат пропишаните возни редови, како и можност за навремени корекции, намалување на времето на чекање во согласност со моменталните случувања во сообраќајот на градските улици и добивање реална слика за бројот на превезените патници по категории.

На автобуските стојалишта се поставени 50 информациски дисплеи преку кои патниците се информираат за времето на пристигнување на автобусите, а ќе бидат достапни и други комуникациски алатки за информирање.





Целта на воведувањето на електронската наплата на билетите и на автоматската локација на возилата од јавниот превоз е да се зголеми квалитетот на превозните услуги, како и бројот на патници во автобусите.

Системот за автоматска локација и електронскиот систем за наплата е инсталиран во 600 автобуси од јавниот превоз, од кои 385 автобуси на ЈСП - Скопје, а 215 на приватните превозници. За реализација на овој проект Градот Скопје и ЈСП издвоија околу 3 милиони евра.

## ЕЛЕКТРОАВТОБУСИ ЗА ПОКВАЛИТЕТЕН ПРЕВОЗ И ПОЧИСТА СРЕДИНА

Водени од идејата за чиста и здрава животна средина и движење со нула емисии на штетни гасови, Градот Скопје ја почна постапката за набавка на електрични автобуси што ќе сообраќаат на градските улици. Прво ќе се испитува јавниот интерес за набавка на 50 нови електрични автобуси, односно 20 големи зглобни автобуси во кои можат да патуваат по 150 патници (со дизајн на трамвај) и 30 минибуси. Набавката би се вршела во неколку години, а средствата би ги покриле заеднички Владата и Градот Скопје.

Електричните автобуси ќе сообраќаат на линијата која беше предвидена за трамвајот, на релацијата од Ѓорче Петров до Лисиче. Со нив ќе се постигнат одлични ефекти - точен и навремен јавен превоз кој ќе сообраќа по своја сообраќајна лента, комфор, голем број на превезени патници, а што е најважно за сите - без загадување на средината.

Намерата на Град Скопје е електричните автобуси до 2030 година да сочинуваат над 50% од вкупниот број автобуси во градот.

## БЕСПЛАТЕН АВТОБУСКИ ПРЕВОЗ ЗА ВОЗРАСНИТЕ ГРАЃАНИ

Освен во деновите вторник, петок и сабота, возрасните граѓани со навршени 62 години за жени и 64 години за мажи од 22 јуни 2014 година добија можност бесплатно да се возат во автобусите на ЈСП и во недела.

Почнувајќи од 1 јануари 2017 година возрасните граѓани со вадење електронска картичка бесплатно може да се возат и во автобусите на ЈСП и во автобусите на приватните превозници.

## БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ЗА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ

Градот Скопје од 1 август 2014 година ја намали цената за 50% на месечниот билет за јавен превоз во автобусите на ЈСП, како и на билетот за превоз на жичницата на Водно за полнолетните лица (не постари од 30 години, а над 30 години само доколку се студенти) без родители и родителска грижа, во пресрет на проектот на Владата на Република Македонија за подобрување на состојбата на децата без родители и родителска грижа.

Децата до 18 години без родители и родителска грижа можат бесплатно да ги користат услугите на Јавното сообраќајно претпријатие.

Сите заинтересирани, потребните документи треба да ги поднесуваат во продажното место на ЈСП во Автокоманда на булеварот Александар Македонски број 10, каде што можат и да го подигнат билетот.

## НОВА АВТОБУСКА ЛИНИЈА ВО ВИЗБЕГОВО

На барање на граѓаните, Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје во јануари 2014 година воведе нова автобуска линија со број 118, за населеното место Визбегово. Новата автобуска линија го олесни пристапот до работните места на вработените во оваа зона и придонесе граѓаните повеќе да ги посетуваат продажните капацитети во Визбегово.



Автобуската линија со број 118 сообраќа на релацијата од Транспортен центар, преку булеварите Кузман Јосифовски-Питу, Крсте Мисирков, Гоце Делчев, Партизански одреди, 8.Септември, па по улицата Скупи, булеварот Словенија и продолжува по индустриската улица, со крајна станица во Визбегово (индустриска зона).

*Скопје лидер во електромобилноста*

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ПРВА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СО ЕЛЕКТРИЧЕН АВТОМОБИЛ




Градот Скопје стана првата локална самоуправа во Република Македонија што набави патнички автомобил на електричен погон (електромобил) за потребите на градската администрација. Новото електрично возило е од марката Nissan Leaf.

- Со набавката на овој електричен автомобил во 2016 година Градот Скопје стана првата локална самоуправа во Република Македонија што набавила електрично возило. На овој начин ја потврдуваме заложбата за електромобилност во Скопје, со примена на нови технологии, движење со нула емисии на штетни издувни гасови, почиста и поздрава животна средина и намалување на трошоците за одржување. Ова возило е со 5 врати, со електричен серво управувач, со моќност на моторот од 80 киловати и батерија од 24 kwh. Со обичен приклучок возилото се полни околу 10 часа, а со посебен приклучок – за околу 4 часа. Целосното полнење на батеријата, на евтина струја, чини 67 денари, со која автомобилот поминува 190 километри. Она што е најважно е што емисијата на јаглероддиоксид е 0 проценти, со што директно придонесуваме за почиста и поздрава животна средина – вели градоначалникот Коце Трајановски.

За набавка на овој електричен автомобил Градот Скопје потроши околу 1,8 милиони денари.




Сопствениците на електромобили можат да ги користат новите станици за полнење електрични возила, коишто во 2015 година беа поставени во катната гаража „Тодор Александров“, на улицата Даме Груев и во катната гаража „Македонска фаланга“, на улицата Свети Кирил и Методиј.





Во 2014 година беа промовирани и 5 електромобили и 10 електровелосипеди на ЈП „Градски паркинг“ кои им се ставени на располагање на граѓаните и на посетителите на Скопје за разгледување на знаменитостите во центарот на градот.

Јавното претпријатие „Градски паркинг“ за набавка на овие 5 електромобили вложи 3,5 милиони денари, а за набавка на 10-те електровелосипеди потроши 500.000 денари.



## НОВИ ЕЛЕКТРОМОБИЛИ ЗА ТУРИСТИЧКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ

Седум нови електромобили со ретро дизајн и пет електротротинети, есента 2015 година, им беа ставени на располагање на граѓаните за туристичко разгледување на знаменитостите во центарот.

Возилата се изнајмуваат на пунктот на „Градски паркинг“ на плоштадот „Македонија“. Билетот за возење во електромобил чини 50 денари, а цената за изнајмување електротротинет е 100 денари од час.

За набавка на електромобилите ЈП „Градски паркинг“ вложи околу 6 милиони денари, без ДДВ, а за набавка на 5-те електротротинети околу 1,9 милиони денари, без ДДВ.



Градот Скопје во 2015 година набави 5 електроскутери и 5 електровелосипеди за потребите на градската администрација.

Скутерите и велосипедите ги користат службите на Град Скопје - инспекторите, комуналните редари и други. Набавените скутери развиваат максимална брзина од 45 километри на час; имаат време на полнење 4 до 5 часа; со едно полнење скутерот поминува 50 километри, а што е најважно, возењето 100 километри со ваков скутер ќе чини 10 денари, што претставува 70 до 80 проценти заштеда во споредба со потрошувачката на еден скутер што користи нафтени деривати.

Вкупната цена на петте електроскутери изнесува 782.458 денари, а на електровелосипедите 478.962 денари.

*Успешна реализација на проектот за унапредување на велосипедската инфраструктура во градот*

# СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017

Градот Скопје во 2015 година го претстави и интензивно работеше на реализацијата на капиталниот проект за унапредување на велосипедската инфраструктура во Скопје - СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017. Целта на проектот е да се олесни движењето на велосипедистите, да им се овозможи на сите што користат велосипед без препреки и безбедно да стигнат до саканата дестинација и да се формира ефикасна мрежа на обележени велосипедски патеки коишто ќе бидат поврзани и достапни за користење.




Со проектот СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017 по должината на градските улици и булевари ќе се оформат четири главни велосипедски рути кои се протегаат во насока исток – запад и 7 конектори кои се протегаат во насока север – југ, и тоа: РУТА 1 - 2014-2015 година - Гази Баба-Центар-Карпош; РУТА 2 - 2015-2016 година - Аеродром-Центар-Карпош-Ѓорче Петров; РУТА 3 - 2016-2017 година - Кисела Вода - Центар - Карпош; РУТА 4 - 2016-2017 година - Бутел-Чаир-Центар, како и седум конектори – 2017 година.

Со овој проект, до крајот на 2017 година ќе се изградат и реконструираат вкупно 51 километар велосипедски патеки во Скопје.


На булеварот Партизански одреди


По должината на булеварот Јане Сандански

## СЕ ОФОРМУВААТ ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ ОД РУТА 2

Во тек е изградбата и реконструкцијата на велосипедските патеки од Рутата 2 од проектот „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017". Рутата 2 од овој проект е со вкупна должина од 11 километри и ќе ги поврзе општина Аеродром, преку општините Центар и Карпош, до општина Ѓорче Петров. Таа ги опфаќа булеварите Февруарски поход, Видое Смилевски Бато, Јане Сандански, Кузман Јосифовски Питу, Кеј 13 Ноември, плоштадот „Македонија", булеварот ВМРО и булеварот Партизански одреди до Порта Влае.

Деновиве, градежни работи на велосипедските патеки се изведуваат по должината на булеварот Партизански одреди.

*Изградени велосипедските патеки од Рута 1*

# НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ СО ВЕЛОСИПЕД ОД ГАЗИ БАБА ПРЕКУ ЦЕНТАРОТ ДО КАРПОШ

ПОТОА



По должината на булеварот Александар Македонски

ПРЕТХОДНО



Велосипедистите можат непречено да се движат по новоизградените и реконструирани велосипедски патеки што се дел од Рутата 1, а коишто ја поврзаа Гази Баба преку центарот на градот со Карпош. Велосипедските патеки од Рутата 1 од проектот „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017“ беа изградени и реконструирани пролетта 2016 година.

Како дел од рутата 1 изградени се и реконструирани велосипедски патеки во вкупна должина од 7.600 метри, и тоа: на булеварот Александар Македонски, од клучката кај хотелот „Континентал“, до клучката Естекада, од двете страни; на улицата Беласица, од булеварот Гоце Делчев до клучката кај хотелот „Континентал“, од двете страни; на булеварот Гоце Делчев, од булеварот Крсте Мисирков до улицата Беласица, од двете страни; на булеварот Илинден, пред зградата на Владата и на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до фонтаната „Лотосов цвет“, од двете страни и на булеварот Илинден, на потегот од Матично до крстосницата со улицата Љубљанска, од едната страна.

За изградба и реконструкција на велосипедските патеки од Рута 1 и на пешачките патеки по нивната должина Градот Скопје вложи 48 милиони денари.



За да се овозможи безбедно движење на велосипедистите, екипи на Градот Скопје деновиве обележуваат велосипедска лента на коловозот на булеварот Свети Климент Охридски. Лентата е широка 1,5 метри и се обележува со соодветна хоризонтална, вертикална и светлосна сигнализација.

*За подобро водоснабдување на граѓаните*

**81.793** метри водоводна мрежа е изградена и реконструирана во периодот од 2013 година до јуни 2017 година за да се подобри водоснабдувањето за граѓаните.

# 3,6 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА НОВИОТ ВОДОВОД ЗА ШУТО ОРИЗАРИ





Градот Скопје, ЈП „Водовод и канализација“ и Општина Шуто Оризари изградија нов систем за водоснабдување во општината Шуто Оризари со што ќе се решат децениските проблеми со водоснабдувањето во населбите Шуто Оризари и дел од Скопје Север.

Новиот водоснабдителен систем опфати изградба на резервоар од 4.350 кубни метри во близина на постојните резервоари на ЈП „Водовод и канализација“ на улицата Гвадалахара; пумпна станица кај поранешната фабрика на АД „ТИПО“ на булеварот Словенија и цевковод со должина од 2,3 километри и профил од 500 милиметри кој ќе води од пумпната станица, па по улиците Шуто Оризари, Виничка, Че Гевара, Плачковица и Бутелски венец. Изградена е и атмосферска канализација по должината на улицата Бутелски венец, во должина од еден километар и со профил на цевките од 400 милиметри.

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува околу 225 милиони денари или 3,6 милиони евра. Во финансирањето на овој проект Градот Скопје учествува со околу 106,4 милиони денари; ЈП „Водовод и канализација“ – со 90,3 милиони денари, а Општина Шуто Оризари учествува со 28,3 милиони денари.

# НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛИЦАТА ВАСКО КАРАНГЕЛЕВСКИ




Нова водоводна мрежа долга 350 метри во 2013 година беше изградена по должината на улицата Васко Карангелевски.

Новата водоводна мрежа се градеше од крстосницата на улицата Васко Карангелевски со булеварот Трета македонска бригада до крстосницата кај поликлиниката „Јане Сандански“. На овој потег се поставени два цевковода – првиот со профил од 150 милиметри за високата зона и вториот со профил од 300 милиметри за ниската зона. За овој значаен градежен зафат Градот Скопје одвои околу 7 милиони денари.

## ОБНОВЕНА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО СТАЈКОВЦИ

Обновата на водоводната мрежа во Стајковци ги реши долгогодишните проблеми со кои се соочуваа жителите на ова населено место. Во Стајковци се реконструирани вкупно 5.390 метри водоводна мрежа, во проектот што е резултат на добрата соработка на Град Скопје и Општина Гази Баба.

Во овој проект ЈП „Водовод и канализација“ учествуваше со околу 12 милиони денари.

## ПОДОБРЕНО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО НА УЛИЦАТА ЃОРЃИ КАПЧЕВ



Екипите на ЈП „Водовод и канализација“ поставија нова водоводна мрежа на улицата Ѓорѓи Капчев, во Горно Лисиче.

Со овој проект се реконструираше водоводната мрежа на улицата Ѓорѓи Капчев и на нејзините краци и значително се подобри водоснабдувањето во овој дел од населеното место Горно Лисиче.

Екипите на ЈП „Водовод и канализација“ во 2014 година изградија нова водоводна мрежа по дел од улицата Скупи, во населеното место Злокуќани, општина Карпош. Новиот водовод овозможи поквалитетно водоснабдување за околу 2.000 жители во овој дел од градот.

На терен се вградени полиетиленски цевки со профил Ф 110 милиметри, во должина од 293 метри. За изградба на новата водоводна мрежа на улицата Скупи ЈП „Водовод и канализација“ потроши околу 4 милиони денари.



Стотина домаќинства добија подобро водоснабдување со реконструкцијата на водоводната мрежа по улиците Шиндаровска и Сердарот, во Драчево, што се одвиваше во текот на есента 2014 година.

На двете улици водоводната мрежа е реконструирана на вкупна должина од околу 860 метри. Реконструкцијата на водоводната мрежа по улиците Шиндаровска и Сердарот е значајна инвестиција на ЈП „Водовод и канализација“, а вложени се околу 8,5 милиони денари.

*Подобрена атмосферската мрежа во градот*

Од 2013 година до јуни 2017 година изградени се и реконструирани вкупно **29.811** метри атмосферска канализација.

# ПОЕФИКАСНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ЧЕТИРИ ЛОКАЦИИ

Атмосферската канализациска мрежа на булеварот Киро Глигоров, на улиците Финска и Павел Шатев и под стоковната куќа „Мост“ есента 2014 година беше реконструирана за да се спречи поплавувањето на сообраќајниците од обилни врнежи на дожд. Градежни зафати за подобрување на атмосферската канализација се изведуваа и на други критични точки во градот. За сите овие интервенции Градот Скопје одвои околу 2 милиона евра.

Како дел од градежните работи за подобрување на атмосферската мрежа во градот, по краците 1 и 2 од улицата Финска, во населбата Ченто, екипите на ЈП „Водовод и канализација“ поставија нова атмосферска канализација. По кракот 1 е изведен бетонски канал во должина од 95 метри, ревизиона шахта со таложник и ПВЦ цевка со профил 400 милиметри, во должина од 36 метри. По кракот 2, попречно на улицата е поставена решетка во непосредна близина на каналот.

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Водовод и канализација“ ја реконструираа атмосферската мрежа на улицата Павел Шатев, во близина на подвозникот. На крстосницата, на двете коловозни ленти се поставени три попречни решетки од монолитен бетон и еден сливник, а на раскрсницата дополнително се поставени три сливници.


На улицата Павел Шатев


Кај стоковната куќа „Мост“


На булеварот Киро Глигоров


На улицата Финска

Реконструирана е атмосферската канализациска мрежа и на дел од булеварот Киро Глигоров. Најпрво беше извршена реконструкција на постојниот атмосферски колектор кај објектот „Брико-лаж“, на должина од 57 метри, а потоа, на јужната и на северната страна на булеварот Киро Глигоров, кон подвозникот, беа поставени решетки.

Извршена е реконструкција и на атмосферската мрежа на дел од булеварот Гоце Делчев, под стоковната куќа „Мост“. Изграден е дополнителен колектор на должина од 62,1 метар и тоа од јужниот коловоз до приклучокот во постојниот атмосферски колектор Ф 1.000 милиметри. По јужниот коловоз е изведен армирано-бетонски монолитен канал, а попречно, по двата коловоза е изведен армирано-бетонски монолитен канал со попречни и подолжни решетки со канали.

# НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ЧАИР НА УЛИЦИТЕ ЏОН КЕНЕДИ И КЕМАЛ АТАТУРК



Нова атмосферска канализација во 2017 година е изградена на улиците Џон Кенеди и Кемал Ататурк.

Со овој градежен зафат, по должината на двете улици е изградена нова атмосферска канализација со вкупна должина од 800 метри, а се поставени цевки со голем профил од 1.200 милиметри. Новата атмосферска канализација завршува во приклучна шахта на улицата Цветан Димов.

Со изградбата на оваа атмосферска канализација ќе се подобри одведувањето на атмосферските води од овој дел на општината Чаир и ќе се реши деценискиот проблем на околните жители.

За изградба на оваа атмосферска канализација Градот Скопје вложи околу 23 милиони денари.



## СЕ ГРАДИ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ

Атмосферска канализација деновиве се гради и на улиците „1" и „20" во Долно Лисиче. Оваа канализација се гради на должина од 1.800 метри, а ќе ги собира и одведува атмосферските води во реката Вардар.

Во овој капитален проект ќе се вложат околу 24 милиони денари. Средствата се обезбедени од Град Скопје и од Општина Аеродром, по половина.

# НЕПРЕЧЕНО ОДВЕДУВАЊЕ НА ДОЖДОВНИЦАТА ОД УЛИЦАТА БОЦА ИВАНОВА

За да се овозможи непречено одведување на атмосферските води и за да се спречи поплавувањето на подвозникот во Бутел екипи на Градот Скопје во 2016 година изградија нова атмосферска канализација по должината на улицата Боца Иванова, на потегот од реката Серава до кружниот тек во Бутел, како и по дел од улицата Александар Урдаревски, од кружниот тек до улицата Душко Поповиќ.

Во текот на градежните работи за изградба на атмосферската канализација по должината на улицата Боца Иванова на терен беше направен ископ и беа поставени цевки со профил од 1.200 милиметри на должина од 782 метри. Во текот на градежните работи за изградба на атмосферска канализација на дел од улицата Александар Урдаревски, на потегот од кружниот тек до улицата Душко Поповиќ, пак, беа поставени цевки со профил од 1.000 милиметри, на должина од 131 метар.

Во овој капитален проект Градот Скопје вложи околу 34,2 милиони денари.



## АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И ЗА УЛИЦАТА ПЕРО НАКОВ



Во 2013 година е изградена атмосферска канализација на улицата Перо Наков и на улицата 840БИС во општината Гази Баба. Реконструиран е и оштетениот коловоз на крстосницата на улицата Благоја Стефковски со улицата Перо Наков и улицата 840БИС, а се изградени и тротоари. Вкупната вредност на проектот е околу 2,8 милиони денари.

# ИЗГРАДЕНА АТМОСФЕРСКА МРЕЖА НА УЛИЦАТА ИНДИРА ГАНДИ

На улицата Индира Ганди во Шуто Оризари е изградена нова атмосферска канализација.

- Со капиталниот проект за изградба на атмосферска канализација по дел од улицата Индира Ганди ќе се реши еден од акутните проблеми со кои се соочуваа жителите на Шуто Оризари со одведувањето на дождовницата и поплавувањето на оваа улица и при најмали врнежи од дожд. Со овој зафат, на терен беше направен ископ и беше изградена атмосферска мрежа со должина од 942 метра и со полипропиленски цевки со профил од 400, 600 и 800 милиметри. Коловозот на улицата Индира Ганди потоа беше саниран. Градот Скопје за овој капитален зафат одвои околу 13,7 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.



# НОВ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ПО БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ

Нов фекален колектор е изграден по должината на булеварот Партизански одреди, на потегот од крстосницата со улицата Московска до крстосницата со булеварот 8.Септември.

На должина од 1.246 метри на овој потег се поставени канализациски цевки со профил Ф 500 милиметри, како и над 20 шахти. Новиот фекален колектор значително ќе го зголеми капацитетот на постојната фекална мрежа која е со помал капацитет, често се затнува и создава проблеми за жителите на населбите Тафталиџе 1 и 2 и на Нерези.

Градот Скопје за овој проект ќе издвои околу 17,4 милиони денари.



Од 2013 година до јуни 2017 година изградени се и реконструирани вкупно **39.385** метри фекална канализација.

# ДОГРАДЕН ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ЗА ИНЏИКОВО





Во населеното место Инџиково е изграден третиот дел од фекалниот колектор чијашто траса води покрај автопатот Александар Македонски во правец кон стадионот „Борис Трајковски", па се до препумпната станица Маџари. Колекторот е во должина од 679 метри.

- Со изградбата на овој колектор се реши проблемот со прифаќањето и одведувањето на фекалните отпадни води од месните заедници Тумба и Питу Гули, како и дел од населените места Ченто и Камник, а корист имаат околу 30.000 жители – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Инвеститор на овој проект е ЈП „Водовод и канализација", а вредноста на инвестицијата е околу 12 милиона денари.

Во 2015 година е изграден примарен фекален колектор за населеното место Црешево. Новиот колектор е долг 1.400 метри, со профил на цевки од 250 милиметри. За изградба на овој фекален колектор се вложени околу 7 милиони денари, од кои 3 милиони денари одвои Градот Скопје, а 4 милиони денари Општина Гази Баба.

# ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ЈУРУМЛЕРИ



Во населените места Јурумлери, Гоце Делчев и Трубарево се изградени 1.200 метри нова фекална канализација, како и препумпна станица за Трубарево и Гоце Делчев. Проектот за изградба на фекалната канализација за овој дел од општината Гази Баба е заеднички проект на Градот Скопје, Владата на Република Македонија и Општината Гази Баба.

Овој капитален проект Градот Скопје го поддржа со 19 милиони денари.

# НОВ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР НА БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО





Екипите на Град Скопје изградија фекален колектор по должината на булеварот Видое Смилевски Бато. Фекалниот колектор е со вкупна должина од 771 метар, од крајот на булеварот Видое Смилевски Бато до крстосницата со булеварот Србија.

На овој потег се поставени полипропиленски канализациски цевки со профил од 800 милиметри, кои се поврзани со постојниот колектор. Формирана е и велосипедска патека по должината на булеварот Видое Смилевски Бато. За реализација на овој проект Град Скопје издвои околу 27 милиони денари.

# СЕ ГРАДИ ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ТРУБАРЕВО – ВТОРА ФАЗА

Новата фекална канализација (втора фаза) што се гради во населеното место Трубарево ќе биде со должина од 4 километри и со 2 препумпни станици. Овој проект е во вредност од 22 милиона денари, во кои Градот Скопје учествува со 12 милиона денари, а Општина Гази Баба со 10 милиони денари.

Во првата фаза од овој проект во 2015 година е изградена примарна фекална канализација во должина од 1,2 километри и пумпна станица, во што беа вложени 22 милиона денари, од кои 12 милиона денари издвои Град Скопје, а Општина Гази Баба - 10 милиони денари.



# ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ – РЕШЕНИЕ ЗА ОТПАДОТ ОД ДОМАЌИНСТВАТА





Подземните контејнери што на почетокот на 2015 година беа поставени на повеќе локации во општините Кисела Вода, Гази Баба и Аеродром се во функција и овозможуваат поефикасно одлагање и селектирање на отпадот од домаќинствата.

Во општината Кисела Вода подземни контејнери се поставени на три локации - во населбата Драчево, на улицата Димитрие Чуповски; кај ОУ „Круме Кепески“ и на улицата Михаил Чаков, кај ОУ „Невена Георгиева Дуња“. За реализација на овој проект се издвоени вкупно 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Кисела Вода и ЈП „Комунална хигиена“.

Во општината Гази Баба подземни контејнери се поставени во населбата Железара, на улицата Гемиџиска; во населбата Ченто (последна автобуска станица на бројот 45, кај зградите) и во населбата Автокоманда (кај пензионерскиот дом). За овој проект се издвоени 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Гази Баба и ЈП „Комунална хигиена“.

Во општината Аеродром подземните контејнери се поставени на булеварот Февруарски поход; на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Три бисери“ и на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Капитол“. Вкупната инвестиција за овој проект изнесува 6,6 милиони денари и во неа подеднакво, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, ЈП „Комунална хигиена“ и Општина Аеродром.

Во 2016 година беа поставени нови 12 системи подземни контејнери, односно по три системи во општините Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба и Чаир. Во општината Кисела Вода подземни контејнери се поставени во населбата Драчево, до стадионот на ССК, на улицата Христо Татарчев и на улицата Иван Козаров. Во општината Гази Баба вакви контејнери се поставени во населбата Хиподром (последна автобуска станица на бројот 50), на улицата Благоја Стефковски и во населбата Маџари (кај ресторанот „Ханибал“). Во општината Аеродром подземните контејнери се поставени на булеварот Јане Сандански, на улица Владимир Комаров и во населбата Ново Лисиче (ОУ „Александар Македонски“). Во општината Чаир вакви контејнери се поставени зад општинската зграда, во населбата Топаана (последна автобуска станица на бројот 9) и во населбата Чаир (кај ресторанот „Бизнис“). Во реализацијата на овој проект Градот Скопје учествуваше со 9 милиони денари.

# ВОВЕДЕН НОВ НАЧИН НА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД

Градот Скопје во декември 2015 година ги промовира новите 5 возила на ЈП „Комунална хигиена“ за собирање кабаст и инертен отпад.

Акцијата за собирање кабаст и инертен отпад е покрената по барање на граѓаните кои сега имаат можност да се договорат со општината во којашто живеат и со ЈП „Комунална хигиена“ и 4 пати во годината бесплатно, на определени локации и во договорени термини, да ги оставаат своите стари и непотребни предмети и инертниот отпад од реновирање, уредно спакуван во вреќи.

За набавка на 5-те специјални возила ЈП „Комунална хигиена“ вложи околу 8 милиони денари.



# НОВИ ВОЗИЛА ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“




ЈП „Комунална хигиена“ во 2013 година се поднови со 10 нови специјализирани возила за собирање смет и 5 мотокултиватори. Новите камиони за собирање смет може да се движат во помалите и тесни улички, а мотокултиваторите се со комплетна приклучна опрема, односно со приклучок за собирање снег во зима, четки за метење тротоари и патеки, фреза и друга опрема.

За набавка на 10 камиони се издвоени околу 9 милиони денари, а за мотокултиваторите околу 2 милиона денари, средства коишто се целосно обезбедени од ЈП „Комунална хигиена“.

# 13 НОВИ СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

Во мај 2014 година ЈП „Комунална хигиена“ се поднови со 13 нови специјални возила, и тоа:

1. две специјални комунални возила - цистерни за машинско и рачно миење на јавни површини, со капацитет на цистерната од 7м3. Набавени се со грант од Светската банка за Градот Скопје, и нивната вредност е околу 9,5 милиони денари.

2. три специјални комунални возила за транспорт на садови за отпад – контејнери од 1,1м3. Набавени се со средства на ЈП „Комунална хигиена“.

3. две специјални мултинаменски комбинирани возила со придружна опрема - опрема за чистење снег, опрема за расфрлање сол, приклучок ровокопач, како и приклучок грејдер за рамнење. Набавени се со средства на ЈП „Комунална хигиена“.

4. две специјални возила рол-кипери, наменети за подигање и транспорт на прес-контејнери. Овие возила се набавени со средства на ЈП „Комунална хигиена“.

5. Четири возила за празнење контејнери со зафатнина од 1,1 кубен метар наменети за подигање на отпадот од тесните улички. Вредноста на овие возила изнесува околу 24 милиони денари, средства од ЈП „Комунална хигиена“.

Вкупната инвестиција во ЈП „Комунална хигиена“ овојпат изнесува околу 55 милиони денари.





# НАБАВЕНИ 1. 000 ПЛАСТИЧНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ОТПАД




Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ во 2015 година набави 1.000 нови пластични контејнери за комунален отпад кои се поставени на градските улици.

Пластичните контејнери се со рамен капак кој се отвора со механизам што се придвижува со нога, а се празнат со постојните возила на ЈП „Комунална хигиена“. За набавените контејнери јавното претпријатие потроши околу 10 милиони денари.

## СЕ ЗАМЕНУВААТ СТАРИТЕ МЕТАЛНИ КОНТЕЈНЕРИ



Во јуни 2014 година почна замената на металните контејнери што беа поставени на градските улици со нови пластични контејнери, со зафатнина од 1,1 кубен метар.

ЈП „Комунална хигиена“ набави 450 пластични контејнери за мешовит отпад (зелен контејнер со зелен капак) и 50 пластични контејнери за PVC амбалажа и лименки (зелен контејнер со жолт капак) за што потроши околу 7,5 милиони денари.

### 200 НОВИ ПЛАСТИЧНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКТИРАН ОТПАД

За потребите на ЈП „Комунална хигиена“ во 2013 година се набавени 200 пластични контејнери за комунален отпад со кои се заменуваа старите метални контејнери поставени на градските улици. Од нив, 150 контејнери се со зелена боја и зелен капак и се наменети за одлагање комунален отпад, а 50 се со зелена боја и жолт капак и се наменети за одлагање ПЕТ-амбалажа.

За набавка на новите пластични контејнери ЈП „Комунална хигиена“ издвои околу 2,4 милиони денари, без ДДВ.

# ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ПЛОШТАДИ



Градските плоштади и пешачки зони од почетокот на 2016 година се чистат и одржуваат со електрични возила.

- ЈП „Комунална хигиена" е меѓу првите градски јавни претпријатија кои набавија возила на електричен погон, а коишто ќе се користат за чистење, миење и полирање на мермерните плочки на плоштадот „Македонија", како и за чистење на другите плоштади и пешачките зони во централното градско подрачје. ЈП „Комунална хигиена" набави две возила на електричен погон - метлачки „Еурека", едно возило - метлачка на електричен погон со моќ на моторите 5-6 киловати и едно специјално комунално возило за собирање и транспортирање комунален отпад од садови со капацитет од 120 литри – ѓубретарка, за коишто издвои околу 13,5 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

ЈП „Комунална хигиена" набави и три електромопеди – два од 2,5 kw и еден од 1,2 kw, коишто ги користат вработените на ова јавно претпријатие.

## 80 КОНТЕЈНЕРИ ДОНАЦИЈА ОД ПАКОМАК



Во ноември 2015 година Градот Скопје доби нови 80 пластични контејнери, донација од ДОО „Пакомак" - Скопје. Овие контејнери се со специјална форма на ѕвоно, со наменски отвор за одлагање отпад и се во три бои, во зависност од видот на отпадот што ќе се одлага во нив.

Јавното претпријатие подготвено ја дочека донацијата од „Пакомак" - набави и адаптира специјално возило за собирање на отпадот од овие контејнери. Возилото има капацитет од 8 тони и специјална кранска рака која може да крене контејнер со тежина до 5 тони. За набавка на новото возило со кранска рака ЈП „Комунална хигиена" потроши околу 6 милиони денари.

## ВИЕНА ДОНИРА ТРИ ВОЗИЛА ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА



Во 2013 година Градот Виена на Градот Скопје му донира три возила коишто Градот ги даде на користење на јавните претпријатија „Комунална хигиена" и „Улици и патишта". Двата камиона се наменети за собирање смет, а третото донирано возило е камион кипер-соларка што во текот на зимата може да се користи од зимската служба.

# СКОПЈЕ ЈА ДОБИ ПРЕСТИЖНАТА МЕЃУНАРОДНА НАГРАДА „ГРАДСКИ ТРОФЕЈ 2013“




Градот Скопје во октомври 2013 година ја доби престижната награда „Градски трофеј 2013“ за јавен превоз и за групен туризам што секоја втора година ја доделува Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ). Таа им оддава признание и ги наградува локалните власти низ светот кои имплементираат проактивни политики за одржлив транспорт, мобилност и ефикасен јавен превоз. Градот Скопје ја доби оваа награда за неговата севкупна амбициозна политика за одржливи мерки за мобилност на граѓаните и посетителите, современа сообраќајна инфраструктура и промовирање на Градот Скопје како атрактивна туристичка дестинација.

- Ми претставува особено задоволство што Интернационалното жири за „Градски трофеј“ ги препозна напорите на Град Скопје за организирање квалитетен јавен превоз и за комплетна замена на возниот парк на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“. Градот Скопје во последниве неколку години интензивно работи на подобрување на патната инфраструктура и на јавниот превоз, на збогатување на туристичката понуда, на промоција на организирани туристички посети со водичи и со туристички автобуси, како и на приближување на сите туристички дестинации во Скопје и во неговата околина до посетителите. Во истата насока продолжуваме и натаму – рече градоначалникот Коце Трајановски, на доделувањето на оваа престижна награда во Кортрејк, Белгија.

Во потесна конкуренција за наградата „Градски трофеј“ се најдоа градовите Малме, Ковентри, Ливерпул и Виена, меѓу кои меѓународната жири-комисија го издвои како најуспешен градот Скопје.

Во Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ) членува Стопанската интересна заедница за патен транспорт „Македонија Сообраќај“ АМЕРИТ, чиј член е и Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“.

## ПРИЗНАНИЕ ОД ДРУШТВОТО ЗА ПАТИШТА

Друштвото за патишта на Република Македонија на 9 јануари 2014 година додели признание на Градот Скопје за „Исклучителен развој на градските сообраќајници“, како дел од одбележувањето на јубилејот - 45 години од основањето на ова друштво. Признанието за Градот Скопје го прими Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.



# ГРАДОТ СКОПЈЕ Е МЕЃУ ТРИТЕ ЕВРОПСКИ ГРАДА СО НАЈДОБРА ОДРЖЛИВА МОБИЛНОСТ



Градот Скопје е меѓу трите европски града со најдобри решенија за одржлива мобилност, заедно со градовите Лисабон, Португалија и Малме, Шведска. Наградата на Европската недела на мобилност 2016, којашто оддава признание на локалните власти кои вложуваат напори за подобрување и промовирање на одржливиот урбан транспорт беше доделена на 20 март 2017 година во Брисел, а му припадна на градот Малме. На доделувањето на наградата присуствуваа и градоначалникот Коце Трајановски и Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

Наградата на Европската недела на мобилност се однесува на петнаесеттото издание на Европската недела на мобилност (ЕНМ) што се одржа од 16 до 22 септември 2016 година, а во кое се вклучија 2.427 града, што е најмасовно учество во оваа манифестација досега. Според Европската комисија, Скопје се истакна со својата долгорочна визија за одржливи начини на превоз, напредок во обезбедувањето подобри транспортни услуги за граѓаните, како и посветеноста на проектот SOCIALCAR кој на граѓаните ќе им овозможи да го споделат своето возило со другите, да заштедат пари за превоз и да ја заштитат животната средина.

Освен активното учество во проектот SOCIALCAR, Градот Скопје досега спроведе многубројни трајни мерки за подобрување на одржливата мобилност во градот, меѓу кои: во автобусите на јавниот превоз е воведен Систем за електронска наплата на билетите и автоматска локација на возилата; Градот Скопје и Владата на Република Македонија најавија набавка на 50 нови електрични автобуси; функционира Центарот за управување и контрола на сообраќајот; изграден е пешачки натпатник меѓу населбите Хиподром и Инџиково; изградени се нови кружни текови кај Порта Влае и во населбата Автокоманда; изградена е катната гаража „Тодор Александров“; изграден е детски-велосипедски полигон во паркот „Македонија“; Градот Скопје набави 5 електроскутери, 5 електровелосипеди и 1 електричен автомобил за потребите на градската администрација, а заедно со ЈП „Градски паркинг“ ги отвори првите станици за полнење електрични возила во Скопје, во двете катни гаражи; уреден е нов плоштад пред црквата „Пресвета Богородица“; Оформен е паркот „Македонија 2“, по должината на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов; изграден е нов парк на булеварот Февруарски поход, на површина од 100.000 квадрати; плоштадот „Филип Втори“ е дооформен и во делот пред црквата „Свети Димитрија“ и во делот кон Музејот на Холокаустот и многу други проекти за подобрување на мобилноста.

*Градот Скопје ја одбележува Европската недела на мобилноста*

## ГОЛЕМО ВЕЛОСИПЕДСКО ДЕФИЛЕ НА УЛИЦИТЕ

Градот Скопје традиционално ја одбележува Европската недела на мобилноста и во деновите од 16 до 22 септември претставува многубројни активности и проекти што се поврзани со одржливата мобилност, а граѓаните имаат можност да се едуцираат, да спортуваат, да се натпреваруваат, да разменуваат позитивни искуства и да учествуваат на трибини и форуми посветени на одржливиот транспортен систем. Европската недела на мобилност завршува на 22 Септември, на Денот без автомобили, со големо велосипедско дефиле што се вози на градските улици.



*За почиста и поздрава животна средина*

# ДОДЕЛЕНИ 405 СУБВЕНЦИИ ЗА КУПУВАЊЕ ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ

Градот Скопје додели 405 субвенции на граѓаните за надоместување дел од трошоците за купување печки на пелети. Со оваа мерка, Градот Скопје надомести 70% од вредноста на печката, но не повеќе од 30.000 денари. Мерката не ги опфати домаќинствата кои имаат приклучок на градското централно греење.

Право на учество на двата јавни повици што ги објави Градот Скопје, првиот есента 2016 година, а вториот пролетта 2017 година, имаа жителите на Град Скопје кои купија печка на пелети за затоплување на својот станбен простор по денот на објавување на јавниот повик и поднесоа Образец за барање за искористување на правото за овој надоместок. За оваа намена Градот Скопје вложи околу 12,2 милиони денари.

Со оваа мерка, Градот Скопје има за цел да ја заштити животната средина и амбиентниот воздух од загадување.

## ДЕНОВИ НА ПРОЛЕТТА – ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА

Градот Скопје од 21 до 27 март традиционално го одбележува првиот ден на пролетта со различни активности кои имаат за цел подигање на јавната свест за почиста и поздрава животна средина. Во 2016 година на овој ден беше организирана акција за чистење на вториот дел од Градскиот парк во која се вклучија 150 ученици од 5 средни училишта на Град Скопје. Во соработка со Противпожарната бригада на Град Скопје и на ЈП „Паркови и зеленило“, пак, се чистеше езерцето во вториот дел на Градскиот парк, со помош на чамец.

Штитениците на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА“, засадија цвеќиња и се вклучија во расчистувањето на зеленилото.

## ПРВА СТРАТЕГИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ НА ГРАД СКОПЈЕ

Првата Стратегија за климатски промени на Град Скопје беше промовирана на 4 април 2017 година. Овој значаен документ со наслов „Отпорно Скопје“ е изработен од експерти и граѓани и содржи сеопфатни анализи, препораки и мерки што би требало да се спроведат во наредните пет години за успешно справување со климатските промени и јакнење на урбаната отпорност.

Оваа стратегија е подготвена со техничка и финансиска поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Во неа се опфатени акциите за намалување на причините за климатските промени, базирани на изработениот Инвентар на стакленички гасови за 2008 и за 2012 година, пресметани за трите главни сектори: снабдување со енергија, згради и транспорт.

## НАГРАДИ ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ВО ЗАШТИТАТА НА СРЕДИНАТА



Традиционалниот градски конкурс за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, за најубаво уреден двор и за најубав состав и цртеж на тема екологија за учениците од основните и од средните училишта што Градот Скопје го распишува на 21 март како дел од манифестацијата „Денови на пролетта - Денови на екологијата“ секоја година го привлекува вниманието на граѓаните.

Целта на овој конкурс е да се испрати силна порака до граѓаните и до бизнис-заедницата да ја чуваат и одржуваат чиста животната средина.

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ДОДЕЛИ НАД 2.600 СУБВЕНЦИИ ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕД

Градот Скопје додели над 2.600 субвенции за купување велосипед на граѓаните што купија нов велосипед и се пријавија на распишаниот јавен повик.

Имено, со цел да ги стимулира граѓаните во што поголем број да го користат велосипедот како превозно средство, Градот Скопје на 13.05.2017 година објави јавен повик за надоместување дел од трошоците при купување велосипед, односно средствата што ги надоместува Град Скопје се во износ од 50% од цената на велосипедот, но не над 4.000 денари, нето износ, по лице.

Право на учество на овој јавен повик имаа жителите на Град Скопје, односно од општините Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел и Сарај, кои купија велосипед од денот на објавување на јавниот повик, па се до исцрпување на буџетот за таа намена.

За оваа намена Градот Скопје одвои 10 милиони денари.

# ЧАСОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА







Градот Скопје се вклучува во акцијата „Часот на планетата Земја" - најголемата светска волонтерска акција која има за цел преку симболично исклучување на осветлувањето во времетраење од еден час да испрати силна порака за спас на планетата.

## СТУДИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ

Изработката на Студијата за финансирање, изградба и работа на пречистителна станица за отпадни води за Скопје е во завршна фаза. Студијата треба да го дефинира најдобриот пристап за финансирање, изградба и управување со станицата за третман на отпадни води која ќе опслужува 600.000 жители, преку избор на најсоодветна финансиска и технолошка шема за спроведување на работите.

Изработката на студијата е финансиски поддржана од Фондот за студии и помош во приватниот сектор – ФАСЕП и француската Влада во висина од 729.000 евра.

## СПОДЕЛЕТЕ ВОЗИЛО, ЗАШТЕДЕТЕ ПАРИ, ЗАШТИТЕТЕ ЈА СРЕДИНАТА

Дали го споделувате своето возило со пријателите или колегите, дали би учествувале во организирана мрежа за споделување возило и што би ве мотивирало да делите возило со други патници - се само дел од прашањата што беа во фокусот на Европската недела на мобилност 2016 кога беше претставен меѓународниот проект „Сподели возило", односно SocialCar, во кој учествува Градот Скопје, а чија цел е да се развие јавната свест за заедничко патување низ градот заради намалување на загадувањето на средината и намалување на трошоците.

Проектот SocialCar треба да развие нова комуникациска мрежа за интелигентна мобилност, размена на информации за споделување возило, интегрирана со постојните системи за превоз. Проектот ќе ја искористи предноста на социјалните медиуми за комуникација и размена на информации за превозот за да им овозможи најдобри известувања на патниците во реално време. Проектот SocialCar е финансиран од Програмата за истражување и иновација на Европската Комисија – Хоризонт 2020.

*За позелено и поубаво Скопје*

# 256.000 САДНИЦИ ЗА СКОПЈЕ

Екипите на Град Скопје во последниве неколку години на јавните зелени површини во редовни акции засадија 256.000 садници кои го разубавија урбаниот дел на градот - кејот на реката Вардар, парковите, дрворедите покрај булеварите и другите јавни површини. Градот Скопје овие садници ги набави од сопствени средства.

Во пролетните и во есенските акции за доделување садници на сите заинтересирани граѓани, куќни совети, урбани и месни заедници и јавни установи од 2013 година до јули 2016 година, Градот Скопје додели 8.100 садници.







## 240 ДРВЦА ВО ПАРКОТ КРАЈ БУЛЕВАРОТ ФЕВРУАРСКИ ПОХОД

Кај новите згради по должината на булеварот Февруарски поход екипите на Градот Скопје во 2014 година уредија зелен појас со површина од 13.197 квадратни метри. На оваа зелена површина е засеана трева и се засадени 240 дрвца - јасени, каталпи, брези и келерутерии.

На новата зелена површина е поставена и хидрантска мрежа со должина од 780 метри; 117 прскалки; 18 хидранти; 16 шахти и во еден дел систем капка по капка. На терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“. Градот Скопје за уредување на зеленилото по должината на булеварот Февруарски поход потроши околу 4,5 милиони денари.



# ЗАЗЕЛЕНИ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ПАРКОТ „МАКЕДОНИЈА“







Вториот дел од паркот „Македонија“, што се протега по должината на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, во јуни 2015 година доби нов и уреден лик.

Во овој парк има зелена површина од околу 32.000 квадратни метри, оформена е една трим патека со бела ризла и една асфалтирана патека со 48 клупи за седење, корпи за отпадоци и друга урбана опрема, поставени се 3 летниковци, а во еден од нив се поставени 4 мермерни шаховски табли. Во паркот има содржини наменети и за децата, како и фитнес справи за вежбање.

Во вториот дел на паркот „Македонија“ е поставена нова хидрантска мрежа со 192 прскалки со кои ќе се полева зеленилото. За уредување на вториот дел од паркот „Македонија“ Град Скопје издвои околу 15 милиони денари. Во паркот е поставено и ново осветлување за што Градот Скопје потроши околу милион денари. За паркот да го добие вистинскиот лик засадени се повеќе од 300 листопадни дрвја.

## ПАРК НА 100 ДРВЈА

Екипи на Градот Скопје во 2013 година подигнаа нов тревник и со зеленило го уредија новиот Парк на 100 дрвја што никна меѓу булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов и улицата Јуриј Гагарин. Досега во овој парк се засадени 87 листопадни садници.

# АКЦИЈА ЗА ОБНОВА НА ДРВОРЕДИТЕ

Во текот на 2013 година беа обновени дрворедите по должината на улиците и на булеварите во сите 10 скопски општини.

Во оваа акција во дрворедите по улиците и по булеварите беа засадени вкупно 2.177 садници, од кои во Општина Аеродром - 401 садница, во Општина Кисела Вода - 124 садници, во Општина Ѓорче Петров - 63 садници, во Општина Центар - 433 садници, во Општина Карпош - 453 садници, во Општина Чаир - 140 садници, во Општина Бутел - 300 садници, во Општина Гази Баба - 178 садници, во Шуто Оризари - 50 садници и во Општина Сарај - 35 садници.

# УРЕДЕНО ЗЕЛЕНИЛОТО НА БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО




Екипи на Градот Скопје во 2014 година уредија дел од зеленилото на булеварот Видое Смилевски Бато, во реонскиот центар Аеродром, коешто е со површина од 2.250 квадратни метри. Во зеленилото е поставен систем за наводнување со 25 прскалки и три хидранти, засеана е трева, а засадени се и 150 дрвца, липи, брези, јавори и келерутерии.

На уредувањето на зеленилото работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“.

# ДРВОРЕД НАМЕСТО ДИВАТА ДЕПОНИЈА ВО ШУТО ОРИЗАРИ

ПОТОА



ПРЕТХОДНО



Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Комунална хигиена“ во 2014 година ја расчистија големата дива депонија на улицата Гарсија Лорка, во Шуто Оризари, при што беа отстранети над 1.500 кубни метри мешан отпад. По расчистувањето на теренот вработени во ЈП „Паркови и зеленило“ засадија над 100 зимзелени дрвја и грмушки, со што овој простор доби нов и уреден лик.

## ДРВОРЕД ОД ТУИ НА БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ

На јавната зелена површина на булеварот Никола Карев, на потегот од касарната „Илинден“ до семафорите кај Момин поток екипи на Град Скопје засадија 220 зимзелени садници од видот туја. Просторот кој претходно беше дива депонија беше исчистен, од него беа отстранети над 100 кубни метри смет и шут и беше уреден. За хортикултурно уредување на просторот Градот Скопје вложи 329.072 денари, а на терен работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“.

*На површина од 100.000 квадратни метри*

# УРЕДЕН НОВ ПАРК ВО АЕРОДРОМ




Нов парк со површина од околу 100.000 квадратни метри во јули 2016 година беше уреден во општината Аеродром, покрај булеварот Февруарски поход, на последната автобуска станица со број 5. Во овој парк, околу 90.000 квадратни метри се зелени површини, со што ова е вториот најголем парк во Скопје, по Градскиот парк.

- Во новиот парк се ископани 2 бунари од кои ќе се користи вода за полевање на зелените површини, поставена е нова хидрантска мрежа со 16.000 метри црева за наводнување, околу 270 прскалки и 70 хидранти, формирани се и трим патеки во вкупна должина од 1.700 метри, околу кои се формирани 55 џебови за клупи за седење, корпи за отпадоци и друга урбана опрема – вели градоначалникот Коце Трајановски.




Во паркот се направени 2 детски игралишта со реквизити од природни материјали. Едното игралиште е мултифункционално и може да се користи за кошарка и за фудбал. По должината на паркот се поставени и 5 летниковци. На терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ и ЈП „Улици и патишта“, а за реализација на овој проект Градот Скопје издвои околу 44 милиони денари.

Во изградбата на овој парк Општина Аеродром се вклучи со поставување урбана опрема и осветлување, односно, во паркот се поставени околу 150 канделабри за што Општина Аеродром издвои околу 9 милиони денари.

# НОВИ СОДРЖИНИ ВО ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА „ГАЗИ БАБА“



Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ во август 2015 година изградија две нови трим-патеки во Паркот на природата „Гази Баба“ и го уредија просторот со видиковци, урбана опрема и забавни содржини.

Имено, изградена е нова трим патека во Паркот на природата „Гази Баба“ којашто се протега од Природно-математичкиот факултет кон населбата Железара, од страната на Чаир. Патеката е долга 1.200 метри, а широка од 2,6 до 3 метри, во зависност од условите на теренот. Покриена е со бела ризла, а по нејзината должина се поставени 3 трим станици со фитнес елементи, рекреативен детски елемент, 15 комплети дрвени клупи со масички, чешма за вода и 4 видиковци. Дополнително, уредена е и уште една трим-патека со должина од околу 400 метри и ширина од 3 метри, којашто води од Природно-математичкиот факултет до поранешната градинка на Гази Баба. Оваа патека е покриена со асфалт и осветлена со 31 столб за осветлување. Поставени се и 4 столба на кои се монтирани 4 рефлектори за осветлување на фудбалското и 2 рефлектора за осветлување на кошаркарското игралиште. Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“, пак, работеа на уредување на зеленилото и на поставување на рекреативните елементи. Во овој проект за уредување на Паркот на природата „Гази Баба“ Градот Скопје вложи околу 6,6 милиони денари.



Во септември 2016 година беше промовирана новата тематска карта за Паркот на природата „Гази Баба“, чија изработка ја финансираше Градот Скопје. На картата за ова убаво зелено катче во срцето на градот се презентирани површината и границите на заштитеното подрачје, присутната вегетација и уредувањето со содржини за попријатен престој на граѓаните, а особен акцент е ставен на презентирање на сите патеки, нивната намена и должина.



# НОВ ЛИК ЗА ПАРКОТ „ЖЕНА БОРЕЦ“

Паркот „Жена Борец“ во текот на изминативе месеци доби нов и уреден лик. Екипите на Град Скопје и на ЈП „Паркови и зеленило“ хортикултурно ги уредија зелените површини во паркот, односно реконструираа јавна зелена површина од околу 7.000 квадратни метри, на којашто се изврши замена на стариот со нов тревник. За првпат во зеленилото е поставен систем за наводнување со 140 прскалки, главна хидрантска мрежа од 850 метри и 24 хиданти за полевање на зеленилото, како и 38 главни шахти и 17 шахти за системот капка по капка. За уредувањето на зеленилото Градот Скопје издвои околу 6 милиони денари.



Во паркот „Жена Борец“ е заменета и старата и оштетена урбана опрема со нова. Патеките меѓу зеленилото се покриени со плочки. Поради дотраеност на електричната мрежа во паркот е изведена целосно нова електрична мрежа. Монтирани се и 55 вградени светилки коишто ќе ги осветлуваат дрвјата, како и ново осветлување со 45 декоративни столбови за осветлување. За градежните работи, за урбаната опрема и за поставувањето на осветлувањето Градот Скопје одвои околу 20,2 милиона денари.



*За заштита и уредување на зеленилото*

# НАБАВЕНА МАШИНА СО КРАНСКА РАКА...



Во 2016 година Градот Скопје набави нова машина со кранска рака за потребите на јавното претпријатие „Паркови и зеленило". Возилото-трактор е машина со кранска рака на која може да се монтираат дополнителни елементи и да се користи за реализирање на работните активности на ова јавно претпријатие.



На кранската рака може да се монтираат повеќе додатоци - елемент за кроење и кастрење грмушки и дрвја, кој се користи за ефикасно и брзо кроење на надвиснатите гранки од дрвјата над патиштата, како и за уредување на дрвоAредите на булеварите, во парковите и на други јавни површини; косилка за косење нерамни зелени површини (кејови обраснати со трева, косини и тешко пристапни делови од зелените површини); странична четка (за чистење израстоци на трева од надворешната страна на жардиниерите на булеварите, рабниците, патеките во парковите и слично); елемент за чистење канали од наноси на земја, мил, камења и трева.

За набавката на оваа машина Градот Скопје потроши околу 6,7 милиони денари, средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка.

# ... И МАШИНА ЗА ПРЕСАДУВАЊЕ ДРВЈА

За да се заштити градското зеленило и животната средина Градот Скопје во 2016 година набави машина за пресадување дрвја и стана прва локална самоуправа во регионот што располага со ваква механизација.

- Градот Скопје ја набави новата машина за пресадување дрвја за потребите на јавното претпријатие „Паркови и зеленило". Со користењето на оваа механизација, садниците ќе можат да се пресадат и транспортираат на брз и ефикасен начин, без притоа да се нанесе штета на дрвјата. Ова значи дека со оваа машина, при изградба на различна инфраструктура, нема да има потреба за сечење на старите дрвја, туку истите ќе бидат безбедно пресадени на друга локација – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Машината за пресадување дрвја има четири лопатки во функција. Може да се користи за пресадување дрвја со стебло со максимална дебелина до 40 сантиметри. Таа се користи онаму каде што дозволуваат условите на теренот и истата не може да се употреби на терен и локации каде што постојат плитки подземни инсталации.

За набавката на оваа машина за пресадување дрвја Градот Скопје потроши околу 16 милиони денари, средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.






# СКОПЈЕ ГРАД НА ЦВЕЌЕТО




Градот Скопје од 2013 година на повеќе локации низ градот засади 25.000 рози, коишто не само што ги красат булеварите и зелените парковски површини туку и ја прочистуваат почвата.

Екипи на Градот секоја година тековно го менуваат летниот и зимскиот расад по булеварите, жардиниерите и леите во парковите со 600.000 цвеќиња.

Во 2016 година се отворија дополнително нови цветни површини, а се засадија и 8.000 лалиња.

## ЦВЕТНА ТОПКА ГО УКРАСИ БУЛЕВАРОТ ВМРО



Екипите на Градот Скопје поставија цветна топка во средишното зеленило на булеварот ВМРО, пред објектот на „Македонска пошта“. Цветната фигура е изработена од околу 3.000 цвеќиња.

За наводнување на цветната топка е поставен комплетен автоматски систем за полевање.



# ФЕСТИВАЛ НА ЦВЕЌЕТО ВО СКОПЈЕ

Скопскиот цветен фестивал четири години по ред го привлекува вниманието на огромен број граѓани кои имаат можност да купат цвеќе и цветни аранжмани, да ја изразат својата умешност со цвеќето, да добијат корисни совети, да се дружат на отворено и да се забавуваат.

Скопскиот цветен фестивал кој што се одржуваше во вториот дел од Градскиот парк, а годинава во паркот „Македонија“, е во организација на Град Скопје и на ЈП „Паркови и зеленило“.





Две пеперутки, два лебеда, три штрка, пајак, желка, паун, буф, коцки, полжав, клавир и петел од цвеќиња ги разубавуваат јавните градски површини. Цветните фигури ги изработија екипите на ЈП „Паркови и зеленило“.

# ПРОШИРЕНА ТРИМ ПАТЕКАТА ВО ПАРКОТ „ГАЗИ БАБА“

Скопјани во октомври 2013 година добија уште едно катче за рекреација и спортување во природа. Трим патеката во парк шумата „Гази Баба“ беше реконструирана и проширена во должина од 2.140 метри, покрај неа се поставени 4 трим станици со по пет фитнес реквизити, а изградена е и една куќарка којашто ќе ја користат чуварите на трим патеката.

За овој проект Градот Скопје издвои околу 1,8 милиони денари, а на терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“ и ЈП „Паркови и зеленило“.



*На Водно*

# ОБНОВЕНА ПЛАНИНАРСКАТА ПАТЕКА „СЛОВЕНСКА“



Вљубениците во природата и планинарските спортови може да се рекреираат на обновената пешачко-планинарска патека „Словенска“, која во јуни 2015 година доби нов лик на потегот од полициската станица „Водно“ до Средно Водно. Патеката ја реконструираше Градот Скопје во соработка со Федерацијата на планинарски спортови и со ЈП „Паркови и зеленило“.

Обновената патека е со вкупна должина од 2.100 метри. Во текот на реконструкцијата, на патеката се поставени 34 нови дрвени скали, а реконструирани и зазидани се 30 постојни скали. Заради безбедно движење, на три места е поставена заштитна ограда. Монтирани се и седум нови патокази и четири инфо-табли.

# НОВ ЛИК ЗА ПАТЕКИТЕ ВО ГРАДСКИ ПАРК

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ есента 2016 година ги обновија пешачките патеки покриени со бела ризла во првиот дел на Градски парк.

Работниците со механизација и рачно нанесоа околу 20 тони бела ризла на постојните патеки на коишто на одредени делови беше изникната трева или од обилните врнежи од дожд беше однесена ризлата.






# НАСКОРО НОВ ЗАБАВЕН ПАРК ВО СКОПЈЕ

Возот на шини, адреналинските и детските реквизити ќе бидат само дел од содржините во новиот забавен парк што деновиве се гради на местото на стариот Луна-парк, во Градскиот парк. Новиот забавен парк ќе се гради фазно, а во оваа прва фаза од проектот ќе се изгради нова инфраструктура и придружни објекти, а ќе бидат поставени и неколку забавни реквизити.

- Со реализацијата на капиталниот проект за изградба на нов забавен парк, скопјани по 44 години ќе добијат нов, модерен забавен парк. Забавниот парк ќе се гради на локацијата на стариот Луна Парк и ќе биде со површина од околу 25.000 квадратни метри. Изградбата на новиот забавен парк ќе се одвива фазно, во повеќе години. За градежните работи, набавката на реквизитите и нивното монтирање ќе се одвојат околу 400 милиони денари или околу 6,5 милиони евра. Во првата фаза е предвидена изградба на инфраструктура и објекти кои се неопходни за функционирањето на забавниот парк - влезно-излезна партија, објект за администрацијата, тоалети и други придружни објекти, како и партерно и хортикултурно уредување, за што се издвоени околу 101 милион денари. Ќе се постават и седум реквизити кои треба да пристигнат во рок од 6 месеци, а за што се издвоени околу 130 милиони денари.






Во првата фаза од проектот ќе се постават 1 адреналински, 2 полуадреналински и 3 детски реквизити, како и еден воз на шини – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Во новиот забавен парк во Скопје ќе бидат поставени вкупно 27 реквизити, од кои 3 адреналински, 6 семејни и 18 детски реквизити. Во паркот ќе има разни видови лулашки, вртелешки, тобогани и други забавно-рекреативни содржини.

*Во Зоолошката градина*

# МОРСКИТЕ ЛАВОВИ ДОБИЈА НОВО ЖИВЕАЛИШТЕ



Во Зоолошката градина во 2015 година е изградено живеалиште за морски лавови и мал фламинго. Базенот со вода е со зафатнина од 450 кубни метри, а за да се одржува квалитетот на водата е воспоставен циркулационен круг низ регулациона шахта, пумпна станица за нечиста вода, пречистителна станица за отпадни води, резервоар за пречистена вода, самоиспирачки автоматски филтер, циркулациони пумпи, УВ стерилизатор за дезинфекција на водата, дозатор на сол и друго.

Овој проект е финансиран од ЈУ „Зоолошка градина Скопје", како и од донации од Државната лотарија на Македонија и од Агенцијата за електронски комуникации. Инвестицијата е вредна околу 6,4 милиони денари.



Во Зоолошката градина во Скопје почна изградбата на ново живеалиште за пингвини. За изградба на ова живеалиште Зоолошката градина издвои околу 19 милиони денари.



Во Зоолошката градина е отворен и нов мултифункционален едукативен центар кој ќе се користи и како игротека, сала за семинари и состаноци, информативен центар... Изградбата на центарот е финансирана од ЈУ „Зоолошка градина Скопје", коишто за реализација на овој проект издвоија околу 5,7 милиони денари.

# СЕ ГРАДИ ЖИВЕАЛИШТЕ ЗА СЛОН

Во Зоолошката градина во тек е изградбата на ново живеалиште за слон, за што Град Скопје издвои 26 милиони денари.

Проектираното живеалиште за слон се состои од внатрешен и од надворешен дел, коишто се поделени на два дела за два слона. Надворешното живеалиште ќе ја пресликува природната околина во којашто живеат слоновите и ќе се посвети особено внимание на подлогата, деловите исполнети со вода и на хортикултурното уредување.

Внатрешното живеалиште е составено од дел за хранење и спиење, дел за набљудување, дел за посетители и дел за нивните негуватели. Секундарната ограда е електрична со низок напон.

По завршувањето на изградбата на живеалиштето, во Скопје треба да пристигнат два слона, со што по долги 24 години во скопската Зоолошка градина повторно ќе има слон во збирката животни.



# НОВ ДОМ И ЗА ШИМПАНЗАТА

Минатата година во централниот дел на Зоолошката градина во Скопје почна изградбата на ново живеалиште за шимпанза. Живеалиштето ќе биде достапно од три страни од пешачките патеки за посетители, а од западната страна се граничи со живеалиштето за слонови.

Влезот во објектот за негуватели ќе биде на северна страна под нивото на пешачката патека, до кој ќе се пристапува со скали и рампа, додека за посетителите се наменети два влеза/излеза на јужната и на северната страна.

Надворешното живеалиште ќе биде едно ниво под земја, затворено со коси кружни челични профили и мрежа пропишана за живеалишта за жимпанза. Фасадата на објектот ќе биде обработена со камени или со гранитни плочи во својата најрустична состојба, дополнително прекинати со дрвени трупци поставени под различни агли, за да се добие изглед на стар разурнат објект.



Градот Скопје во реализацијата на овој проект ќе учествува со 8 милиони денари.

# 21.500 ПАСТРМКИ ПУШТЕНИ ВО ВАРДАР И ВО ТРЕСКА

Во организација на Град Скопје, Македонската риболовна федерација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот земјоделски инспекторат и Министерсвото за животната средина и просторно планирање во мај 2017 година во водите на реката Вардар, кај хотелот „Александар Палас“, беа пуштени 10.000 парчиња македонска ендемична пастрмка (Salmo macedonicus, Karaman,1924). Во јуни 2016 година, пак, во водите на реката Вардар, беа пуштени 1.500 парчиња пастрмка.

Водите на Вардар беа порибени и во 2015 година со 5.000 парчиња македонска ендемична пастрмка, активност во организација на Град Скопје, ГЕФ (Глобален фонд за заштита на животната средина и природата), Институтот за сточарство-Одделението за рибарство и на Македонската риболовна федерација.

Во 2014 година, 5.000 парчиња македонска ендемична пастрмка беа пуштени во водите на реката Треска.

Целта на овој проект е да се овозможи заштита на македонската пастрмка и зголемување на бројноста на нејзината популација во реките Вардар и Треска и во акумулациите Матка, Света Петка и Козјак.

# 134 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА ОБНОВА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Изминатите 4 години Градот Скопје за обновување и реконструкција на објектите и на спортските сали во средните училишта издвои вкупно 134.446.275 денари.

Во текот на летните распусти, за да ги подобри условите во кои учат средношколците, Градот Скопје ги реконструираше објектите на средните училишта и на спортските сали според приоритетите за интервенција што ги доставуваа училиштата во негова надлежност. Според доставените барања заменета е столаријата и прозорците, реконструирани се покривите, санирани се подовите во училниците и во спортските сали и реновирани се санитарните јазли.

Во текот на изминатото лето градежни работи се изведуваа во 16 средни училишта, а Град Скопје за реализација на овој проект од буџетот издвои 22.326.063 денари. Во 2013 година се реконструирани 16 средни училишта и од буџетот на Градот се издвоени 47.300.540 денари, во 2014 година се реконструирани 15 средни училишта и од буџетот се издвоени 33,5 милиони денари денари, а во 2015 година се реконструирани 9 средни училишта и од буџетот се издвоени 31.319.672 денари.

Градежните зафати за реконструкција на објектите и на спортските сали на средните училишта на Град Скопје придонесоа за исполнување на стандардите за енергетска ефикасност и значително ги подобрија функционалноста и изгледот на училишните објекти.




СУГС „Панче Арсовски"






## НЕМА ПОВЕЌЕ АЗБЕСТНИ ПОКРИВИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Со замената на стариот азбестен покрив на училишниот објект и на надворешната фискултурна сала на СУГС „Здравко Цветковски" во текот на летото 2015 година Градот Скопје ги отстрани штетните азбестни покриви од сите средни училишта во негова надлежност, што претходно беа покриени со азбестни плочи.




# СУГС „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“ - ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО УЧИЛИШТЕ

СУГС „Јосип Броз - Тито“ во 2014 година стана енергетски ефикасно училиште, односно училишната зграда доби нова енергетски ефикасна фасада и покрив, а заменети се и прозорците.

Новата фасада е направена со финансиска поддршка од УНДП и чини 3.905.717 денари, во кои Градот Скопје учествува со 2.331.300 денари. Со преземањето на овие мерки за енергетска ефикасност се предвидува заштеда на енергијата од околу 30%, подобрување на амбиенталната температура во просториите и намалување на внесената енергија за загревање.




## РЕКОНСТРУИРАНА ЗГРАДАТА НА СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“



Во средното училиште на Град Скопје „Орце Николов“ се заменети сите стари прозорци со енергетско ефикасни, поставен е нов покрив со изолација, како и изолација од внатрешна страна на надворешните ѕидови, со проектот што на почетокот на 2016 година го реализираа Градот Скопје и УНДП.

Во текот на градежниот зафат е освежена и фасадата, односно бојадисани се циглите на површина од 506 квадратни метри, а бојадисани се и сите грејни тела во училиштето, на коишто им се инсталирани 163 нови вентили. Финансиските средства за реализација на овој проект во вредност од 3.588.057 денари се собрани по пат на кофинансирање на Град Скопје и УНДП, а Градот Скопје учествуваше со 2.000.000 денари.

# ГРЕЕЊЕ НА ГАС ЗА УЧИЛИШТАТА „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“ И „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“ ...

Средните училишта „Георги Димитров“ и „Здравко Цветковски“ во 2013 година почнаа да се греат на гас. Гасификацијата на средните училишта е проект со чија реализација Градот Скопје придонесува за почиста животна средина, зашто се заменува користењето на течното гориво (масло за домаќинства, мазут) со природен гас, се елиминира емисијата на сулфурдиоксид и саѓи, има големо намалување на азотните оксиди и значително намалување на јаглероддиоксидот.

За гасификација на овие две училишта Градот Скопје вложи 6.490.000 денари. По воведувањето на гасификацијата се очекува заштеда за греење од 45 до 50 насто, а повраток на инвестицијата за 2 до 3 години.



СУГС „Георги Димитров“



# ... И ЗА УЧИЛИШТАТА „АРСЕНИ ЈОВКОВ“ И „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“

СУГС „Арсени Јовков“







СУГС „Зеф Љуш Марку“

Средните училишта на Град Скопје „Арсени Јовков“ и „Зеф Љуш Марку“ на гас почнаа да се греат есента 2015 година.

Проектот за гасификација на овие две училишта е во вредност од 15 милиони денари. Според пресметките, се очекува да се заштеди околу 50 проценти од финансиските средства кои претходно се трошеа за греење и повраток на инвестицијата за околу четири години.

# СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ОД „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“ ДОБИЈА СПОРТСКА САЛА



Во дворот на средното училиште „Зеф Љуш Марку“ на почетокот на 2013 година беше изградена нова спортска сала. Објектот е со површина од 1 300 квадратни метри, располага со трибина со капацитет од 400 седишта, соблекувални, туш кабини, санитарни јазли, простории за сместување на спортски реквизити, како и посебни простории за наставниците по предметот спорт и спортски активности.

За изградба на оваа сала Владата на Република Македонија издвои околу 40 милиони денари, а Градот Скопје, за поврзување на оваа спортска сала кон топлификациската, водоводната и канализациската мрежа има издвоено околу 3 милиони денари.



# НАСКОРО НОВА ФИСКУЛТУРНА САЛА И ЗА АСУЦ „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ“

Во дворот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ во тек е изградбата на нова фискултурна сала. Новата фискултурна сала ќе има приземје и кат, голема спортска сала, пинг-понг сала, мала гимнастичка сала, простор за реквизити, три гардероби, тоалети и просторија за професори.

Во оваа прва фаза од проектот, изграден е објектот на салата и направена е фасадата, додека внатрешното уредување и опремување ќе се изврши во наредниот период, односно во втората фаза од овој проект.

За реализација на првата фаза од проектот за изградба на фискултурна сала за потребите на АСУЦ „Боро Петрушевски“ Градот Скопје ќе издвои околу 10,9 милиони денари.

# ВО ШУТО ОРИЗАРИ ИЗГРАДЕНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ



СУГС „Шаип Јусуф“ е името на новото средно училиште што на почетокот на учебната година 2015/2016 беше отворено во општината Шуто Оризари. Новото средно училиште е со вкупна површина од 4.405 квадратни метри, а има 12 училници, 4 кабинети, голема фискултурна сала, читална и библиотека.

# НОВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ И ВО САРАЈ



Новото средно училиште на Град Скопје „Сарај“ во Сарај ги отвори вратите за учениците на 1 септември 2016 година.

Ова ново средно училиште е со вкупна површина од 4.405 квадратни метри, а во него наставата ќе се одвива во 12 училници, 4 кабинети, голема фискултурна сала, читална и библиотека.

## НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ

Градот Скопје во 2015 година за првпат реализира проект за поддршка на натпревари по повеќе наставни предмети кои се спроведувани од акредитирани здруженија за организација на натпревари во средните училишта на Град Скопје. За 55 највисоко рангирани ученици на скопските регионални натпревари беа доделени благодарници и парични награди во вредност од 4.000 денари.

## 100 ГОДИНИ СУГС „ВАСИЛ АНТЕВСКИ-ДРЕН“

Средното училиште на Град Скопје „Васил Антевски–Дрен“ на 27 октомври 2013 година го прослави големиот и значен јубилеј - 100 години од своето постоење како образовна институција, којашто со напорен труд помогнала во созревањето и оформувањето на голем број млади личности коишто денес се одговорни и успешни, односно високо квалификувани генерации од економската и од правната струка.

# ОТВОРЕН КАРИЕРЕН ЦЕНТАР ВО СУГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“

Во просториите на СУГС „Здравко Цветковски“ во 2013 година е отворен Кариерен центар во кој учениците може да се информираат и да се советуваат за идното образование и кариерата што сакаат да ја одберат, како и за побарувањата на пазарот на трудот. Со тоа е означен стартот на отворањето на кариерни центри во уште десет училишта на Градот Скопје, вклучени во проектот „Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување“ имплементиран од УСАИД мисијата во Македонија.




# КВАДРИЛ НА ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“




На плоштадот „Македонија“ во мај традиционално се одржува манифестацијата „Матурска парада“, а матурантите од Скопје точно напладне, заедно со своите врсници од повеќе градови од земјава и од Европа, го играат танцот квадрил на звуците на штраусовата опера „Лилјакот“.

Организатори на „Матурска парада“ се Дирекцијата за култура и уметност на Скопје во соработка со танцовиот клуб „Ритам плус“, а покровител на манифестацијата е Градот Скопје. Поддржувач на оваа традиционална манифестација е Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

# НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ МАТУРАНТИ



На најдобрите 25 матуранти – првенци на генерацијата 2012/2016 година од 21 средно училиште на Град Скопје градоначалникот Коце Трајановски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, им доделија признанија и парични награди, како дел од манифестацијата „Средба меѓу првиот и најдобрите“, што се одржа на 10 јуни 2016 година.

# ГОЛЕМ УСПЕХ НА СРЕДНОУЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ

Средноучилишните лиги на Град Скопје што се одржуваат во машка и во женска конкуренција од година в година се се помасовни. Така, во 2016/2017 учебна година во системот на натпревари на средните училишта во Скопје учествуваа 245 екипи, а се одиграа преку 1.000 натпревари во кои се вклучија околу 7.000 ученици од 29 средни училишта од Скопје.




Како дел од средноучилишните лиги на Град Скопје се организираат 10 лиги кои траат во текот на целата учебна година, и тоа ракомет, кошарка, футсал, одбојка, пинг-понг и стрелаштво, а во делот на индивидуалните и преостанатите спортови се организираат натпревари и во атлетика, бадминтон, карате и во шах. Градскиот прваk и второпласираниот од скопскиот регион којшто е најголем во Македонија традиционално учествуваат на финалните натпревари на државно ниво.



Град Скопје преку Сојузот на средноучилишен спорт во Скопје секоја година инвестира во развојот на средноучилишниот спорт. За организација на средноучилишниот спорт во Скопје и за натпреварите што најдобрите средношколски екипи ги играат во збратимените и пријателските градови, Градот Скопје во периодот од 2013 до 2017 година одвои вкупно 12 милиони денари.

# СРЕДНОШКОЛЦИТЕ НА ГОСТИ ВО СОФИЈА, ЉУБЉАНА И ВО ИСТАНБУЛ




Од 2 до 4 јуни 2013 година најдобрите средношколци-спортисти од Скопје се натпреваруваа во кошарка, ракомет, футсал и во одбојка со своите врсници на гостувањето во Софија, Бугарија.

Скопските средношколски екипи на 28 мај 2014 година ги одмерија силите со своите врсници од Љубљана. Главниот град на Словенија беше домаќин на натпреварите во ракомет, кошарка, футсал, во женска и во машка конкуренција, како и во одбојка во женска конкуренција, каде што скопските тимови остварија значително подобри резултати и се вратија со неколку победи.

Во април 2015 година, најдобрите средношколци-спортисти од Скопје се натпреваруваа со своите врсници од Истанбул, во женска и во машка конкуренција во кошарка, ракомет, футсал и во одбојка.

# ПОФАЛНИЦИ И БЛАГОДАРНИЦИ ЗА СРЕДНОУЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ



Градоначалникот Коце Трајановски на 26 мај 2016 година им додели пофалници и благодарници на директорите, на професорите за спорт и спортски активности и на претставниците од спортските екипи од 29 средни училишта од Скопје, за постигнатите успеси во средноучилишните лиги на Град Скопје, за учебната 2015/2016 година.



Градоначалникот Коце Трајановски на 24 февруари 2016 година во спортската сала на СУГС „Јосип Броз-Тито“ на директорите на 22 скопски средни училишта им додели професионални топки. Поделбата на топките е направена според бројот на ученици коишто ја следат наставата во секое од 22-те средни училишта, односно Град Скопје додели од 35 до 56 топки на секое училиште. Вкупно беа поделени 963 топки, а за реализација на овој проект Градот Скопје издвои 750.000 денари.

# МЕЃУНАРОДЕН СРЕДНОШКОЛСКИ ТУРНИР „СКОПЈЕ 2016“



На 28 септември 2016 година градоначалникот Коце Трајановски и амбасадорот на Хрватска во Република Македонија, Данијела Баришиќ, во ВИП Арена Спортски центар „Борис Трајковски“ им ги доделија наградите на најуспешните на Меѓународниот средношколски турнир „Скопје 2016“.

На дводневниот турнир кој се одржуваше во големата и во малата сала во ВИП Арена Спортски центар „Борис Трајковски“ учествуваа средношколски екипи од Загреб, Хрватска, од Подгорица, Црна Гора, од Сараево, Босна и Херцеговина, од Софија, Бугарија и екипи од средните училишта од Скопје. Средношколските екипи се натпреваруваа во футсал, одбојка, ракомет и кошарка.

*Посети на скопските општини*

# НЕПОСРЕДНО СО ГРАЃАНИТЕ ЗА УРБАНИТЕ ПРОБЛЕМИ

Претставниците на урбаните и месните заедници од сите скопски општини имаа можност да се сретнат со градоначалникот Коце Трајановски, со претставници на градската администрација и со директорите на јавните градски претпријатија и да поразговараат за проектите на Градот Скопје и за нивните потреби од областа на урбаното живеење, во рамките на циклусот посети на општините во Скопје.

- Овие средби претставуваат одлична можност да се сретнеме со претставниците на урбаните и на месните заедници и да ги слушнеме мислењата на граѓаните за проектите на Градот Скопје и нивните потреби. Разговараме за прашања кои се во надлежност на Градот Скопје и јавните претпријатија, како што се сообраќајот, јавниот превоз, комуналната хигиена, одржувањето на зеленилото, водоснабдувањето и за многу други прашања - вели градоначалникот Трајановски.

Посетите на скопските општини беа придружени со големи акции за чистење на јавните површини во кои се вклучуваат јавните градски претпријатија.





## КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ ОД АДМИНИСТРАЦИЈАТА ПО СТАНДАРДОТ ИСО 9001:2008

Градот Скопје продолжува со процесот на унапредување на квалитетот на услуги кои ги дава на граѓаните и бизнис заедницата. Од 2013 година Градот Скопје го поседува Сертификатот за системот за управување со квалитет во согласност со стандардот ИСО 9001:2008.

Опсегот на сертификација на Системот за управување со квалитет е Развој и давање услуги во надлежност на локалната самоуправа и Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Во 2016 година Градот Скопје го обнови сертификатот, кој го доби по проверка на усогласеноста на менаџмент-системите за квалитет од компанијата MQS Скопје, која е регионален партнер на Австриското национално сертификационо тело Quality Austria.

# СВЕТНА МИЛЕНИУМСКИОТ КРСТ



На 20 јануари 2015 година беше ставен во употреба новиот систем за осветлување на Милениумскиот крст, едно од главните обележја на Скопје.

На Милениумскиот крст е поставена нова електрична инсталација со 280 ЛЕД светилки кои ја нагласуваат неговата неповторливост. Реконструкцијата на објектот Милениумски крст во делот на осветлувањето е донација на компанијата „Балкан енерџи груп" и на Леонид Лебедев, член на Советот на Федерацијата на Федералното собрание на Руската Федерација, донатор и општествен деец. Вкупната помош од двата спонзори изнесува над 198.000 евра.

## НОВ ПАНОРАМСКИ ЛИФТ НА МИЛЕНИУМСКИ КРСТ

Милениумскиот крст на Водно доби нов панорамски и застаклен лифт, а граѓаните и посетителите на Скопје можност да уживаат во панорамскиот поглед на градот.

Покрај новиот панорамски лифт, во објектот на Милениумскиот крст е извршена и реконструкција на подот, уреден е партерот и зеленилото, а се изгради и резервоар за вода, водоснабдителна и канализациска мрежа.

Овие активности за доизградба на објектот Милениумски крст се спроведуваат со поддршка на Градот Скопје, ЈСП и на Владата на Република Македонија, во вкупна вредност од 75 милиони денари.

# ВОВЕДЕН РЕД ВО РЕКЛАМИРАЊЕТО




Унифицирани билборди според типот и обликот се поставени на повеќе локации на јавните површини во Скопје, со што се воведе ред во рекламирањето. Новите унифицирани рекламни паноа - билборди и ситилајти треба да бидат поставени на вкупно 800 локации низ градот.

На огласите што ги распиша Градот Скопје за поставување рекламни паноа на подрачјето на градот се избрани 4 концесионери - компаниите „Акцент медиа", „Скрин – медиа", „Кала плакат" и „Лид комјуникејшнс". Секој концесионер доби пакет со ист број рекламни паноа.

Обликот и материјалот од кој се изработени новите рекламни паноа се одредени во Студијата за рекламни паноа што за Градот Скопје ја изработи надворешен консултант избран на јавен повик.

*Социјална заштита*

# НОВО ВОЗИЛО ЗА ЛИЦАТА СО ПОТЕШКА ИНВАЛИДНОСТ

На 1 јули 2016 година беше промовирано новото возило коешто е посебно адаптирано за превоз на лица со потешка телесна инвалидност, а коешто го набави Градот Скопје.

Ова е четврто адаптирано возило за превоз на лица со инвалидност коешто е во сопственост на Град Скопје, а е дадено на користење на ЈСП. За набавка на возилото Градот Скопје вложи 1.760.000 денари.

Овој тип превоз го користат 500 лица. Превозот се договара во работни денови, а закажувањето се договара со телефонски повик по принципот на редослед на закажување. Закажувањето на превозот од 8 до 15 часот се врши на бесплатниот телефонски број 080015115. За потребите на превозот се ангажирани 8 возачи и еден диспечер. Дневно се реализираат околу 40 превози, или околу 1.200 превози месечно. За оваа намена Градот Скопје во периодот од 2013 до 2017 година вкупно издвои 26.000.000 денари.





Градот Скопје во соработка со ЈСП и Здружението на студенти и ученици со посебни потреби, обезбедува и превоз за студенти и ученици со посебни потреби, од домовите до образовните институции за време на учебната година. За овој тип превоз од Буџетот на Град Скопје од 2013 до 2017 година издвоени се 12.000.000 денари.

Градот Скопје организира и друг повластен превоз на лица со посебни потреби за користење на јавниот градски превоз и за периодот од 2013 до 2017 година на по 2.400 лица на годишно ниво им се доделени годишни легитимации за кои се обезбедени околу 133 милиони денари.



Сите заинтересирани граѓани може да даруваат крв во Центарот за дарување крв што беше отворен во април 2013 година, во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“. Центарот работи во понеделник, вторник и среда од 10 до 17 часот, во четврток и петок од 9 до 16 часот, а во сабота од 9 до 14 часот.

Отворањето на Центарот за дарување крв е резултат на одличната соработка на Црвениот крст на град Скопје, Црвениот крст на Република Македонија, Институтот за трансфузиона медицина и Градот Скопје.

# ПРВ СЕМЕЕН ЦЕНТАР НА ГРАД СКОПЈЕ

На 28 октомври 2013 година почна да работи Првиот семеен центар на Град Скопје, што се наоѓа на улицата Костурски Херои број 50. Центарот претставува прво специјализирано советувалиште во Македонија кое нуди психо-социјална поддршка и третман на семејства коишто се во конфликтни односи, во кои акутно се врши насилство или пак во изминатиов период постоело семејно насилство.

Во Првиот семеен центар досега се понудени услуги на повеќе од 528 корисници, меѓу кои има малолетни деца, жртви на семејно насилство, сторители на семејно насилство и други членови на семејството кои учествувале во советувањето.

За реализација на активностите во дневниот центар Град Скопје од 2014 до 2017 година издвои 1.500.000 денари.

# ДНЕВНИ ЦЕНТРИ ЗА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Градот Скопје финансиски го поддржува Дневниот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, за социјализација и интеграција на лицата над 18 години со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој. Дневниот центар – ПОРАКА, што се наоѓа на булеварот Јане Сандански, зад ТЦ „Бисер“ го посетуваат 40 лица со умерена и тешка интелектуална попреченост. За непречено функционирање на овој центар Градот Скопје од 2013 до 2017 година обезбеди вкупно 8.000.000 денари.

На 10 јуни 2015 година, пак, на улицата Васил Ѓоргов број 4, во Капиштец, беше отворен нов Центар за лица со интелектуална попреченост над 18-годишна возраст. Отворањето на овој центар е резултат на заедничката иницијатива на Градот Скопје, Министерството за труд и социјална политика и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА“ од Скопје. За функционирање на овој центар Градот Скопје досега одвои 2.400.000 денари.



Во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години „Порака“, во населбата Капиштец, есента 2015 година беше отворена и реновирана работилница за спортски и креативни активности. Финансиските средства за уредување на работилницата во износ од 280.000 денари беа обезбедени од Меѓународниот базар организиран од невладината организација „Добредојде Македонија велком центар“, како и од Градот Скопје.

# ДОБРОТВОРЕН МЕЃУНАРОДЕН БАЗАР 2017



Во Градскиот трговски центар на 3 јуни 2017 година по седми пат се одржа традиционалниот „Добротворен меѓународен базар 2017“, на кој на повеќе од 20 штандови претставници од дипломатските претставништва во земјава и други меѓународни организации промовираа и продаваа производи и сувенири од нивните земји. Базарот го организира здружението „Добредојде - Македонија велком центар“, а Градот Скопје е главен покровител. Собраните средства се наменети за училиштето за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“.

# ЛИФТ И ЛИФТОВСКА ПЛАТФОРМА ВО СУГС „АРСЕНИ ЈОВКОВ"...

Во средното училиште „Арсени Јовков" е ставен во употреба лифт и лифтовска платформа за лица со посебни потреби со што се овозможи непречено следење на наставата во оваа образовна институција од лицата со посебни потреби.

За реализација на овој проект од Буџетот на Град Скопје за 2013 година се издвоени околу 3 милиони денари.



# ...И ВО МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР



Во објектот на Младинскиот културен центар во јуни 2014 година беше поставена вертикалната лифтовска платформа со која се олесни следењето на случувањата од областа на културата за лицата со посебни потреби. За оваа намена Град Скопје издвои околу 2 милиона денари.



Во текот на 2014 година Градот Скопје ја уреди внатрешноста на една од куќите во детското СОС село, поточно куќата со површина од околу 500 квадрати беше варосана и исчистена.

Неколку години по ред се реализира превентивна програма во сите градски средни училишта, во која активно учествуваат учениците, наставниците и стручните служби на училиштата.

За реализација на активностите на Советувалиштето за едукација и превенција од дрога кај средношколската популација во Скопје кој работи во рамките на Центарот за сексуално и репродуктивно здравје „Сакам да знам", сместен во амбулантата на Водно од Буџетот на Град Скопје од 2013 до 2017 година се издвоени 3.000.000 денари.

Проектот се имплементира од страна на Х.Е.Р.А – Асоцијација за здравствена едукација и истражување.

# ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ДОБИЈА СПРАВИ И РЕКВИЗИТИ ЗА ВЕЖБАЊЕ

Во ноември 2016 година лицата со посебни потреби добија можност да се рекреираат и да вежбаат на справи и реквизити на бесплатни часови, под стручен надзор, во средните училишта на Град Скопје „Михајло Пупин“ и „Здравко Цветковски“.

Градот Скопје првпат набави реквизити и справи за лица со посебни потреби коишто се инсталирани во салите на овие две средни училишта на Град Скопје, каде што два дена во неделата лицата со посебни потреби ќе можат да се рекреираат и да се дружат. За набавка на овие справи Градот Скопје издвои 1,5 милиони денари, а обезбеди и инструктори за чиј што ангажман обезбеди 300.000 денари.

Овој проект го реализира Градот Скопје и здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје – Мобилност Скопје.





# УРЕДЕНА ПРОСТОРИЈА ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ВО ПОУ „ЗЛАТАН СРЕМАЦ“



Во Посебното основно училиште „д-р Златан Сремац“ есента 2014 година беше отворена нова просторија за дневен престој. Просторијата беше реконструирана и пренаменета со средствата собрани од четвртиот Меѓународен добротворен базар 2014, што го организираше „Добредојде Македонија велком центар“, со поддршка од Градот Скопје.

Во оваа манифестација беа собрани 172.000 денари, кои беа искористени за реконструкција и пренамена на новата просторија за дневен престој во ПОУ „д-р Златан Сремац“.

Донесени се следниве стратешки документи на Град Скопје: Локална Стратегија на Град Скопје за заштита од ХИВ за периодот од 2016 до 2020 година и Акциски план за остварување на Локалната стратегија на Град Скопје за заштита од ХИВ за 2016 и 2017 година; Локална стратегија за дроги на Град Скопје (превенција, лекување, рехабилитација и ресоцијализација, намалување на штети и градска безбедност 2015 – 2020 година) и Акционен план за дроги на Град Скопје, за периодот 2015 – 2016 година; како и Стратегијата за родова еднаквост на Град Скопје заедно со Акциски план за родова еднаквост за периодот 2016 – 2021 година, за што се издвоени средства во висина од 300.000 денари.

Градот Скопје ги финансира активностите на Црвениот крст на град Скопје, за згрижување на бездомни лица во Пунктот и Прифатилиштето за бездомници, за што во Буџетот на Град Скопје, од 2013 до 2017 се издвоени 2.200.000 денари.

# ПОДДРШКА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Градот Скопје секоја година ги поддржува активностите на Сојузот на здруженија на пензионери на Град Скопје, и тоа за вклучување на пензионерите во акции и активности од поширок општествен интерес; поддршка на програми за културно – забавни, рекреативно - спортски, литературни, едукативно – здравствени и други активности; поддршка на програмски активности на Сојузот на здруженија на пензионери на Град Скопје, како и организирање групен превоз на пензионери на излетнички дестинации на подрачјето на Скопје и територијата на Република Македонија и бесплатни слободни легитимации за јавниот градски превоз за инвалидските пензионери. За поддршка на овие активности од 2013 до 2017 година Град Скопје издвои вкупно 70.405.568 ден.

## РЕПУБЛИЧКА ПЕНЗИОНЕРСКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

На 7 јуни 2016 година во Домот на АРМ се одржа Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2016. На оваа ревија настапија 600 учесници од целата држава.



## РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ



Четиристотини пензионери учествуваа на Републичките спортски натпревари на пензионерите што на 4 септември 2015 година се одржаа во комплексот „Њу стар“. Пензионерите се натпреваруваа во повеќе спортски дисциплини како влечење јаже, табла, шах, пикадо, стрелање и трчање.

Дневниот центар за стари лица и Центарот за давање помош во домашни услови што се сместени во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“ и на Општинската организација на Црвен крст на Општина Чаир дневно ги посетуваат триесетина стари лица. Воедно, 180 изнемоштени стари лица кои што живеат сами добиваат грижа, односно медицински и социјални услуги во домашни услови.

За реализација на активностите во дневните центри, Град Скопје од 2013 до 2017 година издвои 6.500.000 денари.

# СПОМЕН-ПЛОЧА НА ДОМОТ НА ВАСИЛ ИЉОСКИ



На куќата на улицата Владимир Полежановски број 12 во којашто живеел и творел великанот на македонската драмска литература Васил Иљоски во 2013 година беше откриена спомен-плоча.

Со оваа спомен-плоча Градот Скопје оддава почит и благодарност на личноста и делото на великанот на македонската драмска литература и дава придонес во информирањето на скопјани за локации и личности кои дале силен печат врз јавниот живот на Скопје. Град Скопје за оваа намена издвои околу 180.000 денари.

# ШЕСТ БИСТИ ПОСТАВЕНИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Во 2013 година Градот Скопје во првиот дел на Градскиот парк постави шест бисти на истакнати личности од македонската историја, и тоа на Орце Николов, Цветан Димов, Кочо Рачин, Коле Неделковски, Крсте Петков Мисирков и Никола Вапцаров. Бисти на овие личности постоеја и во минатото, но истите се уништени во средината на 90-те години од минатиот век.

Вредноста на идејните решенија, леењето на бистите и реконструкцијата на постаментите изнесува околу 1,3 милиони денари, средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

# ОТКРИЕНА СПОМЕН-ПЛОЧА НА ЈУРИЈ ГАГАРИН

На 16 април 2015 година во паркот „Македонија“ беше откриена спомен-плоча на космонаутот Јуриј Гагарин.

- Од името на граѓаните на Скопје сакам да изразам благодарност на амбасадата на Руската федерација во Република Македонија и лично на амбасадорот, Н.Е. Олег Шчербак, за неговите напори на македонската престолнина да и подари спомен-обележје за човекот кој е светски симбол за надминување на границите на човечките достигнувања и можности. На 12 април 1961 година космонаутот Јуриј Гагарин излезе од земјината атмосфера и по повеќе од час и половина престој во вселената безбедно се врати на земјата. Гагарин е симбол за бестрашност, за технолошки просперитет и за прв чекор кон освојувањето простори надвор од границите на земјината топка – рече градоначалникот Коце Трајановски, на откривањето на ова спомен-обележје.





Во паркот на Франкофонијата, близу Градскиот парк, на 10 март 2015 година беше поставена спомен-плоча во чест на загинатите француски војници во Македонија во Првата светска војна. Поставувањето на оваа спомен-плоча беше дел од активностите на француската амбасада во Република Македонија, за одбележување на 100-годишнината од почетокот на Првата светска војна.

# КОНТИНУИРАНО ОПРЕМУВАЊЕ НА БРИГАДАТА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Градот Скопје во текот на изминативе 4 години континуирано работеше на доопремување, модернизирање и екипирање на Бригадата за противпожарна заштита.

За потребите на Бригадата, во периодот од 2013 до 2017 година се набавени нови заштитни чевли и шлемови, нови униформи и телекомуникациска опрема, односно мобилни и рачни радиостаници.

Набавени се и нови 16 автоматски гаражни влезни врати за центарот во Автокоманда, за што Градот Скопје вложи околу 3,6 милиони денари. Во 2015 година се набавени и две преносни моторни пумпи на вода со капацитет од 9.000 л/м во вредност од околу 2 милиона денари.

Во Бригадата за противпожарна заштита во текот на 2015 година беа вработени 30 нови пожарникари.

## ДЕН НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО



Градот Скопје традиционално го одбележува 20 Мај - Денот на пожарникарството, во противпожарната станица во Автокоманда.

Како дел од одбележувањето на овој ден, скопските пожарникари изведуваат тактичко-показна вежба, а се презентира и опремата со која располага Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје.

## СОЛИДАРНОСТ ЗА НЕПАЛ

Советот на Град Скопје на седница што се одржа на 30 април 2015 година, донесе Одлука за давање помош на настраданите во катастрофалниот земјотрес во Непал. Градот Скопје, како израз на солидарност спрема настраданите, додели парична помош во износ од милион денари.

## СЕРТИФИКАТИ ЗА ПОМИНАТА ОБУКА ЗА 30 ПОЖАРНИКАРИ



Сертификати за успешно завршена обука „Одговор за ургентни медицински ситуации" на 19 мај 2016 година им беа доделени на 30 новоовработени пожарникари во Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје. На оваа обука пожарникарите се стекнаа со знаења и вештини за давање медицинска помош во ургентни ситуации.

# ВЕЖБА ЗА СПАСУВАЊЕ „ВАРДАР 2015“

На кејот на реката Вардар, покрај мостот „Тодор Александров“ во Аеродром, на 23 април 2015 година се одржа вежба за справување со поплави во урбана зона - „Вардар 2015“. Вежбата е во рамките на Програмата на Европската комисија за цивилна заштита и хуманитарна помош, а во организација на Градот Скопје, кој е партнер на европскиот проект за зајакнување на локалните капацитети за справување со поплави „АХЕЛУС“.



Со вежбата „Вардар 2015“ раководеше Штабот за заштита и спасување на Град Скопје, а учествуваа сите јавни градски претпријатија, Бригадата за противпожарна заштита, Секторот за посебни единици на МВР, СВР Скопје, Регионалниот центар на Центарот за управување со кризи, Подрачната единица на Дирекцијата за заштита и спасување, Управата за хидрометеоролошки работи, ЕЛЕМ, ЕВН, Црвениот крст на град Скопје, Службата за итна медицинска помош, АРМ, како и претставници од тела од повеќе општини од Скопскиот плански регион низ кои поминува реката Вардар и волонтери.

Во оваа вежба беа ангажирани 8 специјални возила од различен тип, 3 речни чамци за спасување, моторна пумпа, 4 амбулантни возила, 3 полициски возила и хеликоптер.

## ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО РЕГИОНОТ

Советот на Град Скопје одобри парична помош за настраданите од поплавите што се случија летото 2014 година во Србија и во Босна и Херцеговина, како и за настраданите во рударската несреќа во Маниса, Турција. Градот Скопје, како Град на солидарноста, одвои 3 милиони денари парична помош - милион за Србија, милион за Босна и Херцеговина и милион за Маниса.

За време на поплавите во регионот, Градот Скопје испрати противпожарно возило опремено со две пумпи за испумпување вода и дополнителна опрема, чамец за спасување и екипа од 6 пожарникари од Противпожарната бригада на Град Скопје, кои се вклучија во извлекувањето на настраданите, шлепер со вода за пиење во шишиња и 50.000 вреќи за песок во Србија; како и две противпожарни возила од кои едното опремено со пумпи за вода и екипа од 6 пожарникари кои се вклучија во извлекувањето на настраданите во Босна и Херцеговина.



Скопските пожарникари кои учествуваа во спасувањето и извлекувањето на настраданите и во санирањето на штетите од поплавите во Србија и Босна и Херцеговина добија благодарници од Град Скопје.

## ПОМОШ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА

По поплавите што ја зафатија нашата земја на почетокот на 2015 година, Градот Скопје испрати луѓе и механизација за справување со последиците од невремето во општина Новаци и во Штип. Градот Скопје испрати и парична помош во износ од 3 милиони денари.

По силното невреме и поплавите што во август 2015 година го зафатија регионот на Тетово и околината Градот Скопје испрати тим за техничка помош и механизација за расчистување на последиците од надојдената вода. Советот на Град Скопје донесе Одлука за давање помош на настраданите во поплавите во Тетово и околината, во висина од три милиони денари.

Градот Скопје испрати тим и техничка помош за справување со последиците од поплавите и во Охрид и околината, по интензивните врнежи во октомври 2015 година.

*Спорт и рекреација*

# ИКАС



На патеката во СРЦ „Матка“ се вози традиционалниот Илиндenски Кајак-Слалом „ИКАС“ кој од година в година привлекува се поголем број кајакари.

Град Скопје финансиски ја поддржува организацијата на „ИКАС“, а за периодот од 2013 до 2017 година одвои вкупно 700.000 денари.

# МЕЃУНАРОДНИ ТУРНИРИ ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК

Одбојкарската двојка Беренс/Гленцке од Германија триумфираше на седмиот по ред меѓународен турнир во одбојка на песок „2016 CEV BEACH VOLLEYBALL WOMEN SATELLITE SKOPJE“ во женска конкуренција, што од 1 до 4 септември 2016 година се играше на терените на Градската плажа „Парк“. Овој атрактивен спортски настан со своето присуство го збогатија 26 одбојкарски двојки од Австрија, Белгија, Бугарија, Чешка, Данска, Финска, Франција, Германија, Грција, Косово, Холандија, Романија, Србија, Турција, Украина и од Македонија. Наградниот фонд на турнирот изнесуваше 8.000 евра.







Традиционалниот Меѓународен турнир во одбојка на песок во 2015 година се издигна на ниво на сателит турнир, се најде на европската мапа за одбојка на плажа и влезе во календарот на Европската одбојкарска конфедерација (CEV). Во август 2015 година овој сателит турнир се одржа во машка конкуренција, а првото место го освои одбојкарската двојка Косиак/Рудол од Полска.

Градот Скопје финансиски ја поддржува организацијата на овие големи спортски случувања, па во периодот од 2013 до 2017 година за оваа намена одвои 2,6 милиони денари. Технички организатор и реализатор на турнирот е Одбојкарската федерација на Македонија.

# ОТВОРЕНИ ТЕРЕНИТЕ НА ПЕСОК НА ГРАДСКАТА ПЛАЖА „ПАРК“



Одбојкарското и ракометното игралиште на песок на Градската плажа „Парк“ се отворени за граѓаните. Сите заинтересирани можат бесплатно да спортуваат и да се рекреираат на овие терени секој ден, во термините од 10 до 24 часот.

Закажувањето за користење на игралиштата се врши на телефонскиот број 071/ 217 390, во периодот од 10 до 23:30 часот секој ден, или на самото игралиште во истиот период. Терминот за бесплатно користење е со времетраење од 1 час.

## ПОВЕЌЕНАМЕНСКО МААЛСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Во реонскиот центар во Ѓорче Петров во 2013 година е отворено ново повеќенаменско маалско игралиште со терени за мал фудбал, ракомет и баскет, спортско-рекреативни реквизити и трим патека. Комплексот е хортикултурно уреден, има паркинг простор, чешма за пиење вода, тоалет и соблекувална.

Изградбата на повеќенаменското маалско игралиште е финансирана од Агенцијата за млади и спорт, како и од Градот Скопје кој учествуваше со милион денари.

## ИЗГРАДЕН НОВ СКЕЈТ – ПАРК НА КЕЈОТ НА ВАРДАР



На кејот на реката Вардар, во близина на Градскиот парк, екипи на Град Скопје во јули 2014 година изградија скејт-парк наменет за скејтери, ролерции и BMX-бајкери.

- Ова е првиот скејт-парк во Скопје и во Република Македонија. Површината за скејт-паркот е со димензии 15 на 50 метри, на која се поставени 9 елементи со рампа на асфалтна подлога изработена според бараните карактеристики за овој вид спортови, а уредено е и место за одмор и дружење. Поставените елементи се во согласност со европскиот стандард (EN 14974) за безбедност при користење на рампите со опрема на тркала. Во иднина, справите во скејт-паркот може да се разместуваат и да се поставуваат нови елементи според новитетите во урбаните екстремни спортови кај нас и во светот. Скејт-паркот го осветлуваат 5 столбови за осветлување со 20 рефлектори што овозможува ова катче да се користи и во вечерните часови. Градот Скопје ангажира и инструктори кои покрај тоа што се грижеа за редот и безбедноста во скејт-паркот, на сите заинтересирани им беа на располагање за совети, обука и едукација за возење скејтборд, ролери и BMX велосипеди. Скејт-паркот може да се користи од 10 до 24 часот, од март до декември – вели градоначалникот Коце Трајановски.



Новиот скејт-парк на кејот на реката Вардар е инвестиција на Градот Скопје, вредна околу 12 милиони денари.

# ВИЗ ЕР СКОПСКИ МАРАТОН




Месецот мај во Скопје е месец на маратонот. На градските улици истрчуваат повеќе илјади маратонци, полумаратонци и рекреативци кои учествуваат во најмасовната и најпознатата спортска манифестација во Скопје - Виз Ер Скопскиот Маратон.

Во 2017 година маратонот беше најмасовен од своето одржување, а за првото место на целта се бореа 8.500 пријавени учесници од 51 земја од светот – маратонци, полумаратонци и рекреативци. Вкупниот награден фонд на маратонот изнесуваше 17.500 евра.

Градот Скопје за организација на оваа спортска манифестација во периодот од 2013 до 2017 година издвои 5,5 милиони денари, а на располагање ги става и сите јавни градски претпријатија.



## „ПРВ ДО ВРВ“

Повеќе од 2.000 спортисти и рекреативци учествуваат во најмасовниот планински настан во Македонија „Прв до врв“, којшто се одржува во мај, на планината Водно. Натпреварувачите учествуваат во три трки - друмски велосипедизам, планински велосипедизам и во трчање.

Градот Скопје за оваа спортска манифестација од 2014 до 2017 година одвои 100.000 денари.



# КРОС-ТРКА „ГАЗИ БАБА ХЦ ЧЕЛИНЏ“

На патеките во паркот на природата „Гази Баба“ се одржува крос-трката „Гази Баба ХЦ Челинџ“, во машка и во женска конкуренција. Во оваа трка натпреварувачите трчаат 8.000 метри, а натпреварувачките - 5.000 метри.

Главен покровител на крос-трката „Гази Баба ХЦ Челинџ“ е Град Скопје кој во периодот од 2014 до 2016 за оваа намена вложи 130.000 денари. Трката ја организира атлетскиот клуб „Индјуренс“ од Скопје.




# ЗЛАТЕН ГОНГ И НОЌНА АТЛЕТСКА ТРКА ПО ПОВОД 13 НОЕМВРИ




Во рамките на одбележувањето на 13 Ноември - Денот на ослободувањето на Скопје, се одржуваат две традиционални спортски манифестации: Боксерскиот турнир „Златен гонг“ и Ноќната атлетска трка што се трча по улиците на Скопје.

За поддршка на спортската манифестација „Златен гонг“ во периодот од 2013 до 2017 година Градот Скопје одвои милион денари, а за организацијата на Ноќната атлетска трка - 300.000 денари.

Градот Скопје ја поддржува организацијата на спортски активности за лицата со посебни потреби и од 2013 до 2017 година одвои вкупно 3,4 милиони денари.

# МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ ТУРНИР ВО РАКОМЕТ

Градот Скопје е покровител на Меѓународниот младински турнир во ракомет во сала „Скопје“, што се игра во машка и во женска конкуренција и за периодот од 2013 до 2016 година го поддржа со 270.000 денари. Организатор на Меѓународниот младински турнир во ракомет во сала „Скопје“ е Ракометниот клуб „Работнички“ од Скопје.





# КАРАТЕ ТУРНИР „СОЛИДАРНОСТ ОПЕН“

Градот Скопје традиционално го поддржува Меѓународниот карате турнир „Солидарност Опен“ којшто е во организација на карате клубот „Солидарност“ од Скопје. Во периодот од 2013 до 2017 година Градот Скопје за овој турнир одвои 100.000 денари.

## КАРАТЕ ТУРНИР „ГАЗИ БАБА ОПЕН“

Еден од најголемите карате турнири во нашата земја од меѓународен карактер „Гази Баба Опен“ во 2016 година се одржа по јубилеен 10-ти пат. Турнирот е во организација на карате клубот „Тигар“ од Скопје, а Градот Скопје за неговата организација од 2013 до 2017 година одвои 65.000 денари.



## КАРАТЕ ТУРНИР „ГРДАНОВСКИ НИКОЛА-НИКЕ“

Градот Скопје финансиски ја поддржува организацијата на Меѓународниот традиционален карате турнир „Грдановски Никола-Нике“, кој од година в година привлекува се поголем број натпреварувачи. Во периодот од 2013 до 2017 година Градот Скопје за овој турнир одвои 175.000 денари.

# МЕЃУНАРОДЕН ШАХОВСКИ ТУРНИР „ОПЕН КАРПОШ 2016"



Најголемиот клупски шаховски турнир во Република Македонија „Опен Карпош" се одржува во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко" од Скопје. Град Скопје во 2016 година го поддржа овој турнир во шах со 200.000 денари.



# ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „НОВО ЛИСИЧЕ - СКОПЈЕ "

Градот Скопје финансиски ја поддржува организацијата на турнирот во мал фудбал „Ново Лисиче - Скопје 2016" што се игра во спортскиот комплекс во Ново Лисиче. За овој турнир Град Скопје од 2013 до 2017 година вложи 700.000 денари.



# ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „8 СЕПТЕМВРИ"

На спортското игралиште со вештачка трева во населбата Триангла, Маџари, во општина Гази Баба се одржува традиционалниот турнир во мал фудбал „8 Септември". Турнирот кој трае 3 недели, е во организација на здружението „БА ТУ ТА СПОРТ". Градот Скопје финансиски го поддржа турнирот со 700.000 денари, за периодот од 2013 до 2017 година.

*Меѓународна соработка*

# ГРАДОТ СКОПЈЕ СЕ ЗБРАТИМИ СО ГРАДОТ ТИРАНА

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на Град Тирана, Ерион Велиај на 30.09.2016 година во Тирана потпишаа спогодба за соработка меѓу градовите Скопје и Тирана, со што двата града официјално се збратимија.

Имајќи го предвид традиционалното пријателство и соработка на Република Македонија и Република Албанија, како и досегашната соработка на Град Скопје и Град Тирана, а со желба да се развиваат и збогатат постојните врски и соработката меѓу двата града, градоначалниците на Град Скопје и на Град Тирана ја потпишаа оваа Спогодба и го потенцираа значењето на соработката на културните, научните и образовните институции; градовите ќе разменуваат искуства и експерти во областа на комуналната инфраструктура, сообраќајот, одржливиот развој, заштитата на животната средина, социјалната заштита, културата, спортот и во сите други области коишто се од значење и во интерес на двата града; ќе разменуваат искуства и примери на добри практики поврзани со европската интеграција, ќе разменуваат информации за проекти и ќе соработуваат во реализацијата на проектите од заеднички интерес.

Градот Скопје досега е збратимен со вкупно 19 градови, а има воспоставено пријателски односи и соработува со над 50 градови од светот.






# СКОПЈЕ И НАНЧАНГ – 30 ГОДИНИ ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ




По повод одбележувањето на 30-годишнината од збратимувањето на Скопје и Нанчанг, Кина, во Македонскиот народен театар на 13 февруари 2015 година се одржа музичка и танцова претстава „Среќна Кинеска Нова Година, неверојатен Нанчанг", во изведба на културниот ансамбл од Нанчанг. Претставата беше одлична можност за претставување и промоција на древната кинеска култура пред скопјани.

Градот Скопје негува плодна соработка со градот Нанчанг во повеќе области и досега се реализирани поголем број возвратни посети, а најинтензивна е соработката во областа на културата.

Како резултат на одличната соработка меѓу збратимените градови Скопје и Темпи, САД, секое лето средношколци од Темпи доаѓаат на меѓународна училишна размена кај нивните врсници од Скопје, а наши средношколци заминуваат во посета на Темпи.

Оваа размена на ученици е само дел од активностите меѓу Скопје и Темпи, два града кои имаат успешна соработка од збратимувањето во 1971 година.

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ

Градот Скопје во јуни 2014 година беше домаќин на дводневната Балканска конференција на збратимени градови, што беше во организација на Корпорацијата на збратимени градови на Темпи, Аризона, САД и Меѓународната корпорација на збратимени градови од Вашингтон, САД.

На Конференцијата се дискутираше за тоа што се опфаќа програмата „Збратимени градови“ и како таа може да му помогне на кој било град.




# „ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ - ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА РЕГИОНИ И ГРАДОВИ“






Градот Скопје успешно се претстави на 13-то издание на „Отворени денови - Европска недела на региони и градови“ што од 12 до 15 октомври 2015 година се одржуваше во Брисел. Во рамките на овој традиционален настан, Градот Скопје првпат организира отворен ден кој се одржа во Мисијата на Република Македонија во Брисел, а присутните гости и учесници во Отворените денови имаа можност да се запознаат со Скопје, неговите можности, македонската традиционална кујна, вино и музика. На овој настан, градовите и регионите од Европа се претставуваат пред јавноста и разменуваат искуства за економски развој и социјална инклузија, јавно-приватно партнерство, прекугранична соработка, за регионалните иновации и локалниот економски развој.

Во рамките на „Отворени денови - Европска недела на региони и градови“, градоначалникот Коце Трајановски ја потпиша „Зелената дигитална повелба“ (Green digital charter).

- Градот Скопје стана 48-от град во Европа што ја потпишал оваа повелба и првиот град што ја потпишал од земјите на Западен Балкан. Со потпишувањето на оваа повелба, градовите се обврзуваат, преку соработка со другите градови-потписници и со поголема примена на информациските и комуникациските технологии, да преземаат активности за заштита на животната средина и за зголемување на енергетската ефикасност - нагласи градоначалникот Трајановски.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ТРАЈАНОВСКИ ОДЛИКУВАН ЗА КОМАНДАНТ ОД РЕДОТ ЅВЕЗДА НА ИТАЛИЈА



Амбасадорот на Република Италија во нашата земја, Н.Е. Ернесто Масимино Белели на 26.07.2016 година на градоначалникот Коце Трајановски му го врачи одликувањето Командант од редот Ѕвезда на Италија.

Орденот се доделува врз основа на одлука, донесена од Претседателот на Италија, Серџо Матарела, за придонесот на градоначалникот Трајановски во унапредување на пријателските односи и соработката меѓу Македонија и Италија.

- Ова одликување е голема чест и признание за мене, потврда за нашата одлична соработка, како и поттик за продолжување и продлабочување на таа соработка. Сакам да ја искористам оваа пригода да се заблагодарам на амбасадорот Белели за нашата одлична соработка, а сакам и да се заблагодарам за поддршката која Република Италија ја дава на Република Македонија на меѓународен план – рече градоначалникот Коце Трајановски.

# ГРАД СКОПЈЕ МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ДЕСТИНАЦИИ




Градот Скопје на 4.регионален конгрес за бизнис пријателско опкружување во Југоисточна Европа доби сертификат за поволно деловно опкружување со што се рангира меѓу најдобрите инвестициски дестинации во Југоисточна Европа.

Ова признание Град Скопје го доби на конгресот којшто се одржа во Подгорица, Црна Гора во рамки на програмата Сертификација на општини по мерка на стопанствениците во Југоисточна Европа (BFC SEE). На конгресот што се одржа во мај 2016 година, сертификати за поволно деловно опкружување во Република Македонија добија и општините Штип, Богданци и Гази Баба.

Согласно со BFC SEE стандардот во моментов има 26 сертифицирани општини кои даваат квалитетни услуги и поволно деловно опкружување на околу 2 милиона граѓани и околу 105.000 компании, а над 60 општини од регионот преку BFC програмата го унапредуваат деловното опкружување.




# САМИТ НА ГЛАВНИ ГРАДОВИ 2015

Градоначалникот Коце Трајановски присуствуваше на Самитот на главни градови од централна и југоисточна Европа 2015, којштo се одржа на 23 април 2015 година во Белград. На Самитот учествуваа и Александар Вучиќ, Премиер на Србија, Синиша Мали, градоначалник на Белград, Иво Комишиќ, градоначалник на Сараево, Милан Бандиќ, градоначалник на Загреб, Зоран Јанковиќ, градоначалник на Љубљана, како и претставници од Виена, Варшава, Атина, Будимпешта, Софија, Тирана и од Подгорица.

Овој самит беше одлична можност за унапредување на соработката меѓу регионите и главните градови, поттикнување на економската соработка, економската размена и инвестициите, како и промоција на најдобрите примери во областа на инфраструктурата, урбанистичкиот развој и развојот на јавните и комуналните услуги.

# ТРАЈАНОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ИСТАНБУЛ

На 20 април 2015 година во рамките на посетата на Истанбул, Турција, градоначалникот Коце Трајановски и делегација од Советот на Град Скопје оствари средба со градоначалникот на Град Истанбул, Кадир Топбаш.

- На оваа средба дискутиравме за прашања од областа на сообраќајот, урбанизмот, хортикултурата, градежништвото - за сите области што се во надлежност на локалната самоуправа. Токму локалната самоуправа е една од најдобрите можности за соработка меѓу државите, бидејќи проблемите со коишто се соочуваат градовите, независно од која земја се, се исти - нагласи градоначалникот Трајановски, по средбата.





Градот Скопје ја поддржува манифестацијата „Денови на Франкофонијата во Македонија“.

Република Македонија е полноправна земја членка на Меѓународната организација на франкофонијата од 2006 година и ги поддржува и споделува францускиот јазик, култура и вредности. Во рамките на оваа организација Град Скопје негува пријателски односи со повеќе франкофонски градови, мрежа на градови, асоцијации, здруженија и организации. Град Скопје е збратимен со француските градови Дижон и Рубе со кои негува соработка.

*Совет на Град Скопје*

# ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ГИ ВРАТИВМЕ ВО ОДЛИЧНА СОСТОЈБА



Ирена Мишева,
претседател на Советот на Град Скопје

Како претседател на Советот на Град Скопје, морам да го изразам своето задоволство од досегашната работа на Советот на Град Скопје, за што говорат и 80-те одржани редовни и 2-те вонредни седници за периодот од локалните избори во 2013 година, до денеска.

Во периодот од конституирањето на Советот на Град Скопје по локалните избори во 2013 година, сите негови членови работеа напорно со единствена цел, застапување на интересите на граѓаните на Скопје. Нашата работа во овој период беше во насока на подобрување на работата на Градот Скопје, неговите јавни претпријатија, културни институции и средни училишта, како и подобрување на квалитетот на услуги кои тие ги нудат на граѓаните.

Во овој период беа донесени многу одлуки, програми, стратегии и акциски планови кои имаа суштинско значење за граѓаните на Скопје, и во оваа пригода би сакала да споменам некои од нив:

- Поддршката на сите фази од проектот за изградба на нов водоводен систем за потребите на општина Шуто Оризари;
- Поддршката на проектот за изградба на третата фаза од булеварот Борис Трајковски, на потегот од поранешната фабрика „Стакларница“ до населбата Пинтија;
- Поддршката на сите капитални проекти кои се реализираа на територијата на Скопје;
- Континуираната поддршка за јавните претпријатија, преку одобрување на инвестициските програми, како и преку доделувањето субвенции за набавка на нови возила и опрема;
- Соработка со скопскиот плански регион за реализација на проекти, мапирање на инвестициони потенцијали, мапирање и промоција на природното и културното наследство;
- Набавка на опрема за Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје;
- Интензивната меѓуопштинска соработка преку која во секоја општина во Град Скопје беа изведени определени активности во зависност од приоритетите во општината;
- Поддршката за изградба на нов Луна парк и набавката на нови реквизити за неговото функционирање;
- Донесувањето на одлуките за нов линиски превоз и интегриран тарифен систем во линискиот превоз на патници во градот Скопје;
- Продолжувањето на субвенционираниот превоз за возрасни лица (мажи над 64 и жени над 62 години) за уште еден ден, со што овие лица јавниот превоз сега можат да го користат бесплатно во вторник, петок, сабота и во недела;
- Донесена Стратегија за млади на Град Скопје 2014-2018 година;
- Донесени одлуки за основање на средни училишта во општините Сарај и Шуто Оризари;
- Донесени одлуки за збратимување на Скопје со Сараево (Босна и Херцеговина), Тирана (Албанија) и со Софија (Бугарија);
- Одвоена хуманитарна помош за жртвите и направените штети од поплавите во Скопје и во Тетово, опожарените домови во Чаир и во Бутел, тајфунот Хаијан на Филипините, поплавите во Република Албанија и земјотресот во Република Италија.

Изминативе четири години овој состав на Советот на Град Скопје беше исправен пред голем број проблеми и предизвици. Благодарејќи на напорната работа, меѓусебното разбирање и почитување и добрата соработка што ја негуваме, успеавме успешно да се справиме со сите предизвици.

Благодарејќи на нашата работа и заложби, сметам дека денес, 4 години подоцна, Градот Скопје како институција го оставаме во подобра состојба, со јавни претпријатија кои се финансиски стабилни и целосно опремени за извршување на своите задачи, како и со реализирани голем број проекти во сите области на општественото живеење со кои директно го подобривме животот на сите жители на Скопје. Граѓаните ги живеат позитивните придобивки од нашата работа, на задоволство на сите.



# ТАТКОВИНСКА ПРОСЛАВА ПО ПОВОД КАНОНИЗАЦИЈАТА НА МАЈКА ТЕРЕЗА





По повод прогласувањето на скопјанката Мајка Тереза за светица на 11 септември 2016 година на плоштадот „Македонија" се одржа понтификална миса – централен настан организиран во рамки на Татковинската прослава „Денови на св. Мајка Тереза".

На Татковинската прослава се обрати претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, покровителот на Татковинската прослава „Денови на св. Мајка Тереза", а светата понтификална миса ја следеа градоначалникот Коце Трајановски, претставници на дипломатскиот кор во земјава, претставници на Католичката црква и на другите верски заедници, домашни и странски делегации и голем број верници и поддржувачи на хуманата мисија на Мајка Тереза.

Скопскиот бискуп и апостолски егзарх Киро Стојанов ја прогласи капелата во спомен куќата на Мајка Тереза за светилиште на Света Мајка Тереза. На прославата беа доделени и медали на покровителот-претседателот Ѓорѓе Иванов, на градоначалникот Коце Трајановски, на Папскиот делегат и на други активни учесници во организирањето на Татковинската прослава, во чии рамки во текот на седум дена во Македонија се одржаа низа настани.

Претходно, градоначалникот Коце Трајановски присуствуваше на чинот на прогласувањето на Мајка Тереза за светица, во Рим.

Хуманистката Мајка Тереза е родена во Скопје на 26 август 1910 година, а почина во 1997 година во Калкута, Индија. Во 1979 година ја доби Нобеловата награда за мир, за несебичното помагање на болните, бедните, напуштените и унесреќените низ целиот свет.

## ОТВОРЕНА СПОМЕН-СОБА НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ



Во просториите на градската библиотека „Браќа Миладиновци" на 24 октомври 2013 година беше отворена Спомен-соба на браќата Миладиновци - „Т`га за југ". Во овој проект Градот Скопје учествуваше со милион денари.

## ЗБОРНИКОТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ ИЗДАДЕН НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

Во Спомен-собата „Т`га за југ" во библиотеката „Браќа Миладиновци" во декември 2013 година беше промовиран Зборникот на браќата Миладиновци на албански јазик. Издавањето на Зборникот на албански јазик го реализираше Градската библиотека „Браќа Миладиновци", а е целосно финансиски поддржано од Град Скопје.

# 72 ГОДИНИ СКОПЈЕ ЧЕКОРИ ВО СЛОБОДА





Многубројни литературни средби, изложби, концерти, крводарителски и еколошки акции, планинарски тури и спортски манифестации секоја година се организираат во чест на 13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје. На ваков начин Скопје и скопјани ја слават слободата и се сеќаваат на сите храбри борци кои беа дел од народноослободителната војна.

По повод 13 Ноември, Градот Скопје ја доделува и традиционалната награда „13 Ноември“.

Во 2014 година Градот Скопје одбележа значаен јубилеј, 70 години од ослободувањето на нашиот град. Централната манифестација, музичко сценската изведба „СКОПЈЕ СЛОБОДНО ЧЕКОРИ НАПРЕД“, се одржа на 13 ноември 2014 година, во Македонскиот народен театар, во режија на Наташа Поплавска. Познати македонски уметници ги поведоа присутните во театарот на неколкучасовно патување низ скопската приказна, од почетоците на градот, па до денес.

# МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СКОПЈЕ“

Уметници од земјава и од странство секоја година имаат можност да престојуваат во Скопје и да изработуваат ликовни дела во рамките на Меѓународната ликовна колонија „Скопје“.

Меѓународната ликовна колонија во 2013 година се одржа во хотелот „Стоун Бриџ“, а во 2014, 2015 и 2016 година во хотелот „Солун“ - лоцирани во централното јадро на Скопје. Намерата на организаторите е на учесниците во колонијата да им се предочи богатата разноликост од архитектура, културна историја и традиција, а особено Старата скопска чаршија која е интересна по својата архитектура и старите занаети и претставува една од најголемите ориентални чаршии на Балканот.

Меѓународната ликовна колонија „Скопје“ традиционално се одржува под покровителство на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, а во организација на Музејот на град Скопје. Градот Скопје оваа манифестација од 2013 до 2017 година ја поддржа со 2 милиона денари.



# СКОПЈЕ СЕ СЕЌАВА НА КАТАСТРОФАТА ОД 1963 ГОДИНА

На 26 јули Скопје се сеќава на катастрофалниот земјотрес што го разурна градот во 1963 година и одзеде 1.070 животи. На овој ден традиционално се одржуваат изложби и крводарителски акции.

Во знак на одбележување на 50-годишнината од катастрофалниот земјотрес што во далечната 1963 година до темел го урна нашиот град на 26 јули 2013 година на плоштадот „Македонија" се одржа едночасовен мултимедијален перформанс. Во мултимедијалниот настан беа вклучени Македонската филхармонија, балетани од Македонската опера и балет и професионални актери, а приказната за Скопје ја раскажа тематски обработен видео и фотоматеријал.





Во сеќавање на жртвите од земјотресот, уметниците на сцената и присутните на плоштадот застанаа простум и кон небото пуштија 1.070 лантерни. Додека лантерните се подигнуваа кон небото, имињата на настраданите во земјотресот се испишуваа на големиот екран на сцената.

## РЕНОВИРАНА БИБЛИОТЕКАТА „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ " ВО РАДИШАНИ

Градот Скопје во 2016 година издвои 790.384 денари за реновирање и реконструкција на библиотеката „Свети Наум Охридски" во населбата Радишани, која што е клон на Градската библиотека „Браќа Миладиновци".

Во библиотеката беа направени 40 рафтови и беше реновирана и оспособена уште една читална на приземјето со капацитет од 30 места, а Одделот за Британска литература е дислоциран во поголеми реновирани простории.

Во текот на 2016 година од средства на библиотеката беа набавени 20 персонални компјутери поради потребата од електронска поврзаност на сите 18 библиотеки, електронска обработка на библиотечниот фонд и библиотечната документација. ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци" спроведе и две поголеми набавки на книги од нашите издавачки куќи во кои беа набавени вкупно 2.500 книги на македонски и на албански јазик.



# РЕКОНСТРУИРАНИ ПРОСТОРИИ ВО МКЦ

Во текот на летото 2013 година во МКЦ комплетно беше реконструирано и технички доопремено Цебното кино, беше сменет сценскиот под на Киното Фросина, а беше поставена и плафонска конструкција за светло и декор по целата површина на Денсинг (концертната) сала. За реализација на овој проект градот Скопје издвои 5 милиони денари.



# ЦЕНТРАЛЕН СИСТЕМ ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ И РАЗЛАДУВАЊЕ ВО КОНЦЕРТНАТА САЛА ВО МКЦ




Во 2016 година е поставен централен систем за затоплување и разладување на концертната сала во Младинскиот културен центар. Средствата во висина од милион и осумстотини илјади денари за реализација на овој проект се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

Со ова, по 40 години конечно е решен горливиот проблем и неможноста за одржување концерти, театарски претстави и други настани во култната „Денсинг сала" во текот на летните месеци.

# ЧЕТИРИ РЕНОВИРАНИ ДУЌАНИ ВО СТАРАТА ЧАРШИЈА

Сите заинтересирани посетители на Старата скопска чаршија може да ги посетат четирите реновирани дуќани на улицата Пушкарска, кај Музејот на Македонија, да се запознаат со старите традиционални занаети во изумирање и да си купат сувенир. Во едниот дуќан работи сувенирница, во вториот ткајачница, третиот е грнчарница, а четвртиот дуќан за изработка на филигран. Дуќаните функционираат како Центар за традиционални занаети и овозможуваат да се зачуваат вештините на старите мајстори.

Дуќаните се комплетно реновирани, ставен е нов под, сменети се електричната и водоводната инсталација и столаријата. Градот Скопје овие дуќани со меморандум за соработка им ги предаде на 5-годишно користење на Македонската артисанска трговска асоцијација МАТА, која има обврска да ги опреми, менаџира и да ги одржува.

За уредување на четирите дуќани Градот Скопје во 2013 година одвои околу 3,5 милиони денари.



# РЕВИЈА НА НАРОДНИ НОСИИ ОД СКОПСКИОТ РЕГИОН

На 7 септември 2016 година на Факултетот за ликовна уметност во Сули Ан за првпат се одржа манифестацијата „Ревија на народни носии од Скопскиот регион", што ја организираше Град Скопје во соработка со Здружението на уметници ракотворци АРТИ КРАФТ Скопје.

Овој настан се организира со цел да се популаризираат народните носии од Скопскиот регион, кои изобилуваат со оригиналност и реткост, да се промовира и одржи традиционалното занаетчиско производство, да се поттикне размена на искуства и знаење на ракотворците, како и да се зголеми продажбата на занаетчиските производи и туристичката понуда преку претставување на занаетчиството како бренд и симбол на Скопје.



# ПРОЛЕТЕН БАЗАР НА ДОМАШНИ РАКОТВОРБИ



Пролетниот базар на домашни ракотворби на посетителите им нуди богат избор на рачно изработен накит од филигран и монистра, украси, плетиво, изработки од камен, изработки на производи, украси и облека од филц, цртање чаши со македонски мотиви, уникатни изработки на цветни аранжмани од бонбони и други производи. Целта на овој настан е да се истакне значењето на занаетчиите за стопанството и значењето на средното стручно образование, практичната обука и стекнувањето вештини и компетенции.

Организатор на пролетниот базар е Занаетчиската комора Скопје, а покровител на манифестацијата е Град Скопје, кој од 2013 до 2017 година одвои 400.000 денари.

# СКОПЈЕ КРЕАТИВА

Фестивалот на креативни индустрии „Скопје креатива" на публиката и креативниот сектор од Скопје и од Македонија секоја година им нуди голем број настани - изложби, презентации, предавања, работилници, панел дискусии, форуми, дебати и богата музичка програма.

„Скопје креатива" е проект под покровителство на Град Скопје, а во организација на ЈУ Конгресен центар „Александар Македонски".

За реализацијата на овој фестивал, Градот Скопје од 2013 до 2017 година одвои 8,5 милиони денари.



# НОВИ УНИФОРМИ ЗА ГРАДСКИОТ ДУВАЧКИ ОРКЕСТАР

Членовите на Градскиот дувачки оркестар есента 2015 година добија нови униформи.

Новите униформи на Градскиот дувачки оркестар се креација на модната куќа „Елена Лука“ и се соодветни за оркестар од ваков тип. Градскиот дувачки оркестар функционира во рамките на Младинскиот културен центар, а Градот Скопје секоја година за неговата работа издвојува по 1,5 милиони денари. За набавка на овие зимски униформи Градот Скопје потроши 400.000 денари.



## УЛИЧНИ МУЗИЧАРИ ГИ ЗАБАВУВААТ ГРАЃАНИТЕ

Проектот Улични музичари, кој го реализира ЈУ конгресен центар „Александар Македонски“ е под покровителство на Град Скопје.

Во проектот учествуваат изведувачи, кои имаат потпишано договори со ЈУ Конгресен центар „Александар Македонски“ и добиваат хонорар за својот ангажман. Уметниците се од различни генерации и музицираат различна стилска и жанровска музика, поп, рок, класична и комерцијална музика. Програмата е наменета за граѓаните, посетителите и туристите на нашиот град. Целта на проектот е културно заживување на градот и задржување на една поинаква интерпретација на уличната уметност, во која може да ужива секој посетител.

Градот Скопје за проектот Улични музичари во периодот од 2013 до 2017 година одвои 7,7 милиони денари.

# ГУРМАНСКИ ВИКЕНД СО ПИВО - ПИВОЛЕНД



Традиционалната градска манифестација - Гурмански викенд со пиво „Пиволенд“ на граѓаните им нуди можност да дегустираат пиво и гурмански мезиња, да проследат богата музичка програма со големи имиња од македонската музичка сцена, како и гости од странство и да уживаат во катчињата за забава.

Фестивалот на пивото традиционално е во организација на Град Скопје и на „Темов“. Организацијата на ова случување Градот Скопје го поддржа со 1,1 милион денари, од 2013 до 2017 година.

## ЗВУЦИТЕ НА ЧАРШИЈАТА

Улиците на Старата скопска чаршија се претесни да ги соберат посетителите на традиционалната манифестација „Звуците на чаршијата" - мултимедијалната и мултикултурна манифестација која има за цел да потсети на заборавената традиција, да оживее некои недоволно посетени простори во Скопје и да даде придонес кон континуираните активности на Градот Скопје за ревитализација на Старата скопска чаршија. Во периодот од 2013 до 2017 година Градот Скопје ја поддржа организацијата на „Звуците на чаршијата" со 3 милиони денари.

## ВИНО-СКОП

Традиционалниот фестивал што го слави виното „ВИНО-СКОП" во септември 2016 година го прослави својот 10-годишен јубилеј. На ова познато случување посетителите може да дегустираат вино од голем број винарници и да вкусат македонски деликатеси - сирења, кашкавали и сувомесни производи. „ВИНО-СКОП" нуди и богата музичка програма.

За реализација на овој фестивал на виното Градот Скопје во периодот од 2013 до 2017 година одвои 2,2 милиони денари, а традиционално го организира „Темов".



## ВИДИ МУЗИКА, СЛУШНИ СЛИКА, ДОБИЈ КНИГА



Градскиот парк веќе традиционално е местото каде што во јуни секоја година се одржува мултимедијалниот спектакл „Види музика, слушни слика, добиј книга". Посетителите на ова случување имаат можност да слушнат добра музика, да погледнат како се создаваат во живо уметнички дела и да добијат книга.

Организатори на настанот се Македонската филхармонија и Младинскиот културен центар, под покровителство на Град Скопје, кој овој спектакл го поддржа со 3,2 милиони денари, во периодот од 2013 до 2017 година.

## БАСКЕРФЕСТ - ТЕАТАР ПОД ОТВОРЕНО НЕБО

Баскерфест, уличниот театар под отворено небо, секоја година донесува атрактивни баскер-изведувачи од целиот свет, кои пред граѓаните изведуваат улични перформанси, баскер точки и музички настапи. Во Скопје, а потоа и низ градовите во Македонија гостуваат жонглери, акробати, танчери, магионичари, кловнови, илузионисти, музичари...

Фестивалот во Скопје е под покровителство на Град Скопје кој во периодот од 2013 до 2017 година го поддржа со 3,6 милиони денари.



# ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ



Меѓународниот детски фолклорен фестивал „ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ“ во септември 2016 година го прослави својот 25. јубилеј. По тој повод во Скопје престојуваа и настапија деца играорци од Русија, Украина и Србија, како и домашните ансамбли: фолклорно студио „Блажевски“, КУД „Орце Николов“, КУД „Етнос“, КУД „Илинден“ од Битола, ансамблот „Македонија“ и фолклорната група од ДКЦ.

Овој реномиран детски фолклорен фестивал традиционално го организира ЈУ Детски културен центар „Карпош“ во соработка со Град Скопје и Министерството за култура. Градот Скопје за оваа манифестација одвои 1,4 милиони денари, за периодот од 2013 до 2017 година.



По повод Денот на шегата 1 април, во организација на Детскиот културен центар „Карпош“ и Град Скопје традиционално се одржува забава под маски. Во претпладневните часови се организира забава за деца од градинките и од основните училишта, а за возрасните се организира ноќна забава и маскенбал.

Организацијата на најшарениот настан во нашиот град Град Скопје ја поддржа со 1,2 милиони денари, во периодот од 2013 до 2017 година.

## РОЛЕР-ТРКА ПО БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН



Во оваа традиционална спортска манифестација учествуваат ученици од сите основни училишта од градот и од околината, на возраст од петто до деветто одделение. На Ролер-трката се доделуваат по три награди за најуспешните учесници во машка и во женска категорија.

Градот Скопје оваа манифестација во периодот од 2013 до 2017 година ја поддржа со 600.000 денари.

## ИНТЕРСКОПКЕЈКС

Манифестацијата која ги слави креациите на слаткарите „ИНТЕРСКОПКЕЈКС“ традиционално е организирана од Град Скопје, во соработка со Хуманитарната организација ХОА – Ангелчиња. Посетителите на овој фестивал имаат можност да уживаат во креациите на аматери и на професионалци слаткари од земјава и од странство.

Од 2013 до 2017 година Градот Скопје ја поддржа организацијата на ИНТЕРСКОПКЕЈКС со 650.000 денари.

# БЕЛА НОЌ ГО ОСВЕТЛИ ГРАДОТ

Саботната ноќ на 1 октомври, Градот Скопје ја зачини со дополнителна светлина, музика, бои, спектакуларни перформанси, продолжено работно време на јавните и угостителски објекти и бесплатен градски превоз, сé со цел да се привлечат граѓаните да излезат од своите домови и да доживеат несекојдневно уметничко искуство.

Бела ноќ 2016 посебна ја направи Големата изложба на американски ПОП АРТ, што беше распослана на три страни во градот - во Музејот на град Скопје, Музејот на современа уметност и МКЦ, потоа настапот на француската трупа Кидам со нејзиниот последен звучно-светлосен перформанс „Горди на коњ" и театарскиот перформанс „Арка" на полската трупа „Театарот на осмиот ден".

Организатор на Бела ноќ е Младинскиот културен центар, а се вклучуваат сите градски културни институции. Градот Скопје, како покровител, успешната реализација на оваа традиционална манифестација во периодот од 2013 до 2017 година ја поддржа со 14 милиони денари.





# СКОПСКО ЛЕТО



Првиот ден на летото и Светскиот ден на музиката, 21 јуни, во Скопје традиционално е резервиран за почетокот на меѓународната културна манифестација „Скопско лето".

Во изминативе години, на „Скопско лето" настапија голем број изведувачи и ансамбли, понудувајќи и ја на публиката својата изведена енергија во различни жанрови и уметнички правци во областа на музиката, театарот, филмот, литературата, ликовните уметности, како и мултимедијалните перформанси. Манифестацијата „Скопско лето" трае 40 дена, а е во организација на Дирекцијата за култура и уметност.

Оваа препознатлива културна манифестација Градот Скопје ја поддржа со 6,8 милиони денари, за последниве четири години.

## МОТ

Меѓународниот театарски фестивал „Млад отворен театар" (МОТ), на кој во изминативе 41 година беа презентирани театарски групи, театри и самостојни театарски уметници од над 70 земји од Европа и светот и со над 700 изведби, значи многу за театарот и севкупниот културен живот во Скопје.

За оваа театарска манифестација Градот Скопје во периодот од 2013 до 2017 година одвои 7,5 милиони денари.

## СИНЕДЕЈС

СИНЕДЕЈС е филмски фестивал, кој се одржува во Скопје во организација на Младинскиот културен центар. На фестивалот секоја година се прикажуваат голем број филмови, се одржуваат работилници, голем број концерти и панел дискусии.

За овој филмски фестивал Градот Скопје во периодот од 2013 до 2017 година одвои 3,2 милиона денари.



Плоштадот „Македонија“



Катната гаража „Македонска фаланга“



Живеалиштето за морски лавови во Зоолошката градина



Скејт-паркот на кејот на Вардар



Скопје град на цвеќето




Скопје - лидер во електромобилноста



Улицата Маџари